# Анализа на спроведувањето на законодавството за кривичните дела од омраза и криминализираниот говор на омраза во Република Северна Македонија за периодот од јануари 2019 до јуни 2024 година

Воислав Стојановски и
Александар Маркоски

ОБСЕ
Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Наслов: Анализа на спроведувањето на законодавството за кривичните дела од омраза и криминализираниот говор на омраза во Република Северна Македонија за периодот од јануари 2019 до јуни 2024 година

Автори: Воислав Стојановски
Александар Маркоски

Издавач: Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Превод и лектура: Еуролингва

Графички дизајн: ПОЛИЕСТЕРДЕЈ

Материјалите во оваа публикација се само за референца. Иако ОБСЕ вложи максимално внимание во нејзината подготовка, не презема никаква одговорност за точноста и комплетноста на сите информации, упатства и совети изнесени или за какви било печатни грешки. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени во неа не мора да ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради овие причини, не може да се покренат никакви барања против ОБСЕ во однос на потенцијалните последици од веродостојноста на информациите или заклучоците содржани во оваа публикација.

ISBN: 978-92-9271-522-9

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# Содржина


1. Вовед 5

2. Методологија на истражувањето и извори на податоци 5

3. Позадина и контекст на делата од омраза 7
   - 3.1 Краток историски преглед на правната рамка за дела од омраза 7
   - 3.2 Меѓународно право и стандарди 8
     - 3.2.1 Обединети нации 8
     - 3.2.2 Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) 9
     - 3.2.3 Совет на Европа 10
     - 3.2.4 Европска Унија (ЕУ) 12

4. Поим на криминализираниот говор на омраза и криминалот од омраза 13
   - 4.1 Криминализиран говор на омраза 13
   - 4.2 Криминал од омраза 14
   - 4.3 Разлики помеѓу говорот на омраза и криминалот од омраза 15

5. Говор на омраза и криминал од омраза во Република Северна Македонија 16
   - 5.1 Трендот на говор на омраза 16
   - 5.2 Трендот на криминал од омраза 18
   - 5.3 Виктимизација поради криминал од омраза 19
   - 5.4 Национално законодавство и институционални мерки 20
     - 5.4.1 Криминализиран говор на омраза 20
     - 5.4.2 Криминал од омраза 21
     - 5.3.3 Институционални мерки 23

6. Гонење на говорот од омраза и криминалот од омраза 25
   - 6.1 Министерство за внатрешни работи 26
     - 6.1.1. Географска распределба на делата од омраза 28
     - 6.1.2. Одговорот на МВР кон делата од омраза и делата на говор на омраза 29
   - 6.2 Јавно обвинителство 30
     - 6.2.1. Одговорот на ЈО кон криминалот од омраза, вклучително и делата на говор од омраза – истражни практики 30
     - 6.2.3. Анализа на обвиненија 34

7. Судски исходи и практика на изрекување казни 38
   - 7.1 Пресуди според област и кривичното дело 38
   - 7.2 Пресуди според пристрасната мотивација 40
   - 7.3 Судски исходи 42
   - 7.4 Пресуди и изречени казни 44
   - 7.5 Анализа на судските одлуки поврзани со говор на омраза 46
     - 7.5.1 Политичкото уверување 48
     - 7.5.2 Етничка припадност 49
     - 7.5.3 Национална припадност 51
     - 7.5.4 Религија или верско уверување 52
     - 7.5.5 Сексуална ориентација 53
     - 7.5.6 Пол 54
     - 7.5.7 Други заштитени карактеристики 55
     - 7.5.8 Заклучни согледувања 56

7.6 Анализа на судски одлуки поврзани со криминалот од омраза 58
7.6.1 Етничка припадност 59
7.6.2 Пол 61
7.6.3 Сексуална ориентација 62
7.6.4 Национална припадност 62
7.6.5 Други карактеристики 63
7.6.6 Заклучни согледувања 64

8. Предизвици и недоследности при спроведувањето на законодавството 65
8.1. Зајакнување на правната рамка и дефиниции 67
8.2. Зголемување на јавната свест и едукација 70
8.3. Проширување на системот за заштита на жртвите и правна помош 73

9. Заклучок 77

10. Препораки 79
10.1. Препораки по однос на криминалот од омраза 79
10.2. Препораки по однос на криминализираниот говор на омраза 80

Библиографија и извори 82

Кратенки 87

Извршно резиме 89

# 1. Вовед

Главната цел на оваа анализа беше да се процени ефикасноста на законодавството за кривичните дела од омраза и криминализиран говор на омраза, да се оцени неговото спроведување од страна на истражните органи и судовите, како и да се идентификуваат празнините во спроведувањето и да се предложат препораки за подобрување. Анализата го опфаќа периодот од јануари 2019 година до јуни 2024 година, фокусирајќи се на гонењето и судските исходи од кривичните дела од омраза и криминализираниот говор на омраза за овој период. Географскиот обем на студијата е национален, со фокус на Република Северна Македонија. Податоците беа прибавени од Министерството за внатрешни работи, основните јавни обвинителства и основните и апелационите судови во земјата.

Во 2019 година на сила стапија амандмани на Кривичниот законик преку кои се дефинираше поимот кривично дело од омраза и беа дополнети и изменети многубројни законски одредби за вклучување на кривичните дела од омраза како отежнувачка околност при изрекување на казната. Овие промени го означуваат почетокот на временскиот обем на оваа анализа. Петгодишната временска рамка обезбедува солидна основа за процена на трендовите, предизвиците и севкупната ефикасност во спроведувањето и примената на законодавството.

Оваа анализа применува комбиниран метод, со интегрирање квантитативни податоци за пријавени случаи и судски исходи. Со анализа на меѓународното и националното право, судската практика, статистичките податоци и исходите од постапките, анализата има за цел да обезбеди сеопфатна процена на тоа колку законодавството се спроведува во насока на справување со кривичните дела од омраза и криминализираниот говор на омраза во практика.

Овој пристап базиран на докази е наменет да понуди увид за креаторите на политики, правните професионалци и групите за застапување. Со нагласување на успешните области и идентификување на празнините во спроведувањето, анализата е дизајнирана да ја подобри ефикасноста на превенцијата и гонењето на кривичните дела од омраза и криминализираниот говор на омраза. Целта е придонес кон поцврста правна рамка и поефикасни механизми за спроведување, подобрувајќи ја истовремено заштитата на поединците од делата мотивирани од омраза.

# 2. Методологија на истражувањето и извори на податоци

Оваа анализа следи пристап на мешани методи, интегрирајќи квалитативни и квантитативни податоци за да обезбеди сеопфатна процена на гонењето и судското постапување по делата од омраза и криминализираниот говор на омраза во Северна Македонија. Оваа методологија овозможува детална оцена на законската рамка и нејзината практична примена од страна на релевантните институции.

Квантитативните податоци беа обезбедени од официјални извори, вклучувајќи ги Министерството за внатрешни работи, основните јавни обвинителства, како и основните и апелационите судови. Овие институции доставија податоци за предмети од јануари 2019 до јуни 2024 година, фокусирајќи се на инциденти поврзани со кривични дела од омраза и говор на омраза, исходи од истраги и судски постапки. Податоците беа анализирани за да се утврдат трендовите во пријавувањето, гонењето и изрекувањето санкции.

Квалитативните податоци беа прибрани преку анализа на статистика, јавнообвинителски одлуки, судски одлуки и релевантни законски измени, вклучително и низ призмата на меѓународното право и стандарди. Дополнително, беа спроведени интервјуа со правни практичари од Министерството за правда, Државната комисија за надоместок за жртви од кривични дела со насилство, јавни обвинители и судии со намера подобро да се разберат практичните предизвици и успеси во примената на законодавството за делата од омраза.

Прибраните податоци од преку 30 судски институции беа подложени на описна статистичка анализа за нивна квантификација во смисла на бројот на пријавени случаи, одмерување на кривичните санкции и видовите сторени кривични дела. Исто така беше спроведена и содржинска анализа на преку 70 обвиненија и судски пресуди и правни текстови за да се оцени како судовите ги толкуваат и применуваат законите за кривични дела од омраза и говор на омраза. Анализата се фокусираше на идентификување празнини во спроведувањето и области каде што законските одредби се успешно имплементирани.

Во оваа анализа термините „криминал од омраза“ и „кривично дело од омраза“ се користат наизменично и се однесуваат на истиот концепт на кривични дела мотивирани од омраза. Иако во правната терминологија може да има нијанси во употребата, за потребите на оваа студија двата термина означуваат кривични дела извршени со мотив на предрасуди или омраза кон поединци, групи или имот. Дополнително, терминот „дела од омраза“ се користи за опфаќање на сите форми на кривични активности мотивирани од омраза, вклучувајќи ги и говорот на омраза и кривичните дела од омраза. Овој општ термин се употребува онаму каде што се разгледуваат пристрасните мотивации во врска со нивното санкционирање во националното кривично законодавство.

Истражувањето се соочи со одредени ограничувања, првенствено поради недостатокот на централен механизам за прибирање податоци за дела од омраза, што резултираше со добивање различни податоци. Дел од обвинителствата (13) и судовите (6) доставија податоци според побараните кривични дела, додека други (8 од обвинителствата и 8 од судовите) известија само за вкупниот број регистрирани предмети. 9 обвинителства и 14 судови известија дека немаат предмети поврзани со дела од омраза. Само мал број институции испратија копии од обвиненија и пресуди. Во најголем дел, повратните одговори содржеа само регистарски број на предметите, а дополнителната проверка покажа дека најчесто не се работи за дела од омраза. За да се надмине ваквото ограничување, беше извршено обемно истражување преку датабазата на одлуки достапна преку судскиот портал www.sud.mk. На овој начин беа прегледани преку 100 одлуки, при што за целите на оваа анализа беа идентификувани и обработени 64 пресуди од областите криминал од омраза и говор на омраза.

# 3. Позадина и контекст на делата од омраза

Ефикасното справување со криминалот од омраза и говорот на омраза не подразбира само добро законодавство, туку и целосно разбирање на историскиот, културниот и правниот контекст во кој овие појави се појавуваат и се третираат. За да се постигне ова, неопходно е да се разгледа како овие феномени се развивале низ историјата, како и улогата на меѓународното право и националните законодавства во неговото дефинирање и регулирање. Во оваа глава се прави преглед на историските корени на криминалот од омраза и говорот на омраза, следејќи ги клучните моменти во правното развивање на овие концепти. Дополнително, се разгледува улогата на меѓународните организации и нивните документи што поставуваат стандарди и препораки за справување со овие форми на инкриминирано однесување. Преку овој преглед се обезбедува основа за подлабоко разбирање на националниот правен контекст во кој се спроведуваат мерките за заштита од криминал од омраза и говор на омраза, како и потребата од нивно постојано унапредување во согласност со современите меѓународни стандарди.

## 3.1 Краток историски преглед на правната рамка за дела од омраза

Кривичните дела мотивирани од омраза се дел од човечката историја со векови и се најчесто насочени кон поединци врз основа на нивната раса, религија или други идентитетски обележја. Прогоните, погромите и етничкото чистење низ историјата претставуваат впечатливи примери на дела мотивирани од омраза, а по ужасите од Холокаустот и правниот одговор преку Нирнбершкиот процес, европските правни системи го поставија темелот за нивно понатамошно законско регулирање. Говорот на омраза во националното законодавство за првпат бил криминализиран во 1951 година, преку Кривичниот законик на Федеративна Народна Република Југославија[1]. Член 119 предвидувал дека „Тој што со пропаганда или на друг начин ќе предизвикува или распалува национална, расна и верска омраза или раздор помеѓу народите и националностите што живеат во Федеративна Народна Република Југославија, ќе се казни со строг затвор до петнаесет години.“

Правната рамка за адресирање на делата мотивирани од омраза во САД започна во 1960-тите за време на Движењето за граѓански права. Конгресот во 1968 година го усвои Законот за граѓански права, со одредби за заштита на граѓанските права врз основа на раса, религија и национално потекло[2]. Во 1990 година, Законот за статистика за криминал од омраза наложи собирање податоци за дела мотивирани

[1] „Службен лист на ФНРЈ“ бр. 13/1951, достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/D197D76C64C443FB9C5F1CD1C0DAE760.pdf

[2] Достапен на: https://www.govinfo.gov/content/pkg/STATUTE-82/pdf/STATUTE-82-Pg73.pdf (англиски).

од предрасуди[3]. Законот за спречување на криминалот од омраза на Метју Шепард и Џејмс Бјрд Јуниор од 2009 година ја прошири дефиницијата на криминалот од омраза, вклучувајќи род, сексуална ориентација, родов идентитет и попреченост[4].

Како дел од нејзините напори за борба против делата мотивирани од омраза, Германија го воведе делото Volksverhetzung („поттикнување на омраза“) според член 130 од германскиот Кривичен законик во 1960 година[5]. Овој Законик е изменуван неколку пати оттогаш, особено во 1990-тите, за да го прошири опфатот, вклучувајќи криминализирање на поттикнувањето на омраза против делови од населението врз основа на раса, религија, етничка или национална припадност. Обединетото Кралство беше меѓу првите европски земји што усвоија закон за дела мотивирани од омраза. Законот за јавен ред од 1986 година воведе одредби против поттикнување на расна омраза, кои подоцна беа проширени за да ги опфатат и верската омраза и сексуалната ориентација преку амандмани во 2006 година[6]. Овој Закон е еден од најраните примери на национално законодавство што директно се однесува на поврзаноста на говорот на омраза и криминалот од омраза.

## 3.2 Меѓународно право и стандарди

При анализирањето на законодавството за криминал од омраза и криминализиран говор на омраза, од клучно значење е да се земе предвид поширокиот меѓународен контекст што ги обликува националните решенија. Различни меѓународни конвенции и инструменти од необврзувачкото меѓународно право (soft-law) обезбедуваат насоки за тоа како државите треба да се справат со овие прашања.

### 3.2.1 Обединети нации

Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (ICERD), усвоена од ООН во 1965 година[7], е еден од најраните меѓународни инструменти што ги повикуваат земјите членки да ги санкционираат говорот на омраза и насилството мотивирано од расни причини. Преку член 4 од оваа конвенција, земјите членки се обврзани да ги криминализираат сите форми на пропаганда и организации што промовираат расна омраза, како и актите на поттикнување на расна дискриминација и насилство. Исто така, Конвенцијата повикува на забрана на каква било изјава што поттикнува расна омраза. Дополнително, член 6 налага државите да обезбедат правни лекови за жртвите на вакви дејства.

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ICCPR) од 1966 година[8] преку член 20 ги обврзува државите да го забранат со закон секое дејствување од нацио-

[3] Достапен на: https://ucr.fbi.gov/hate-crime/2017/resource-pages/hate-crime-statistics-act.pdf (англиски).

[4] Достапен на: https://www.congress.gov/bill/111th-congress/senate-bill/909/text

[5] Достапен на: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_stgb/englisch_stgb.html (англиски).

[6] Достапен на: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1986/64 (англиски).

[7] Достапна на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/cerd.pdf (англиски).

[8] Достапен на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/ccpr.pdf (англиски).

нална, расна или верска омраза што претставува поттикнување на дискриминација, непријателство или насилство. Оваа одредба е дизајнирана да ги заштити поединците од говор на омраза, додека се балансира со слободата на изразување, наведена во член 19. Државите се должни да преземат правни мерки за спречување говор што промовира омраза и го загрозува јавниот ред или индивидуалните права. Важно е што овој член истакнува дека говорот на омраза оди подалеку од обичното изразување и се однесува на говор што поттикнува штетни дејства или ставови кон одредени групи.

Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) од 1979 година[9] се фокусира на елиминирање на дискриминацијата врз жените во сите сфери на животот. Таа ги обврзува државите да преземат мерки против дискриминацијата, вклучувајќи донесување закони за обезбедување на еднаквост меѓу мажите и жените. Иако не се фокусира конкретно на говор на омраза или криминал од омраза, член 5 се осврнува на културните обрасци и стереотипи, потенцирајќи ја потребата од елиминирање на предрасудите и практиките засновани на идејата за инфериорност на жените или стереотипни родови улоги, кои можат да придонесат кон говор на омраза или дискриминаторни дејства.

Планот за акција од Рабат од 2012 година[10], развиен од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации (OHCHR), обезбедува рамка за балансирање на слободата на изразување со потребата за борба против говорот на омраза и криминалот од омраза. Тој ги утврдува критериумите за одредување кога говорот на омраза треба да биде забранет со закон, со фокус на поттикнување на насилство, непријателство или дискриминација. Планот ја нагласува потребата од јасни правни стандарди, механизми за спроведување и јавно образование за справување со говорот на омраза, додека истовремено се заштитува слободата на изразување.

### 3.2.2 Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)

Одлуката бр. 9/09 на Министерскиот совет на ОБСЕ од 2009 година[11] е клучниот документ на оваа организација што се фокусира на борбата против криминалот од омраза поттикнувајќи го усвојувањето на сеопфатно законодавство што го препознава мотивот на предрасуди како отежнувачка околност. Таа го истакнува значењето на систематското собирање податоци, барајќи од владите да собираат и пријавуваат податоци за криминалот од омраза. Дополнително, повикува на обезбедување поддршка за жртвите, вклучувајќи правна помош и приспособени услуги. Одлуката исто така ја нагласува потребата од активности за јакнење на капацитетите, преку обука на органите на прогонот и судските власти за ефикасно идентификување, истражување и гонење на криминалот од омраза.

9 Достапна на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/cedaw.pdf (англиски).

10 Достапен на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Rabat_draft_outcome.pdf (англиски).

11 Достапна на: https://www.osce.org/files/f/documents/d/9/40695.pdf (англиски).

Одлуките бр. 12/04[12] и 4/13[13] на Министерскиот совет на ОБСЕ од 2004 година и 2013 година соодветно ја истакнуваат посветеноста на ОБСЕ за справување со криминалот од омраза насочен против еврејските, ромските и синтските заедници. Тие ја нагласуваат потребата од подобро собирање податоци, повикувајќи ги државите поцелосно да ги документираат инцидентите на насилство и дискриминација. Дополнително, одлуката бара обука на службениците за спроведување на законот за препознавање и ефикасно реагирање на кривичните дела мотивирани од предрасуди против Евреите, Ромите и Синтите, поттикнувајќи поголема доверба помеѓу овие заедници и властите. Исто така, се промовира соработка со граѓанското општество, осигурувајќи дека услугите за поддршка на жртвите се достапни и дека уникатните предизвици со кои се соочуваат овие заедници се земени предвид при справувањето со криминалот од омраза.

Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР) игра клучна улога во следењето, известувањето и поддршката за развој на ефикасни закони за криминал од омраза во земјите членки на ОБСЕ. ОДИХР обезбедува обука за органите на прогонот, помага во подобрување на собирањето податоци за криминалот од омраза и објавува годишни извештаи за инциденти поврзани со криминалот од омраза[14]. Исто така, нуди практични ресурси за да им помогне на владите и граѓанското општество во справувањето со криминалот од омраза[15].

### 3.2.3 Совет на Европа

Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) од 1950 година[16] ги заштитува основните права, вклучувајќи ја и слободата на изразување. Член 10 го утврдува правото на слобода на изразување, но дозволува ограничувања на оваа слобода со цел да се спречи говорот на омраза и да се заштитат правата на другите. Член 14 забранува дискриминација при уживањето на правата и слободите утврдени во Конвенцијата. Иако не се фокусираат експлицитно на говор на омраза или криминал од омраза, овие членови дозволуваат правни мерки против говорот на омраза и дискриминаторното однесување, истовремено одржувајќи рамнотежа со слободата на изразување.

Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства од 1995 година[17] е клучен инструмент насочен кон заштита на правата на националните малцинства. Иако експлицитно не ги криминализира делата од омраза, таа ги обврзува државите да им овозможат на лицата што припаѓаат на националните малцинства да не се подложени на дискриминација и да можат да ги зачуваат својата култура, јазик и религија. Конвенцијата го истакнува значењето на промовирањето на меѓусебната почит и разбирање, што индиректно ги поддржува напорите за борба против говорот на омраза и криминалот од омраза преку поттикнување на инклузивност и толеранција.

[12] Достапна на: https://www.osce.org/files/f/documents/3/7/23133.pdf (англиски).

[13] Достапна на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/1/109340.pdf (англиски).

[14] https://hatecrime.osce.org/participating-states (англиски).

[15] Достапни на: https://www.osce.org/resources/publications (англиски).

[16] Достапна на: https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_eng (англиски).

[17] Достапна на: https://rm.coe.int/168007cdac (англиски).

Конвенцијата за сајберкриминал од 2001 година[18] е првиот меѓународен договор што се осврнува на делата од омраза извршени преку интернет и други компјутерски мрежи. Таа се фокусира на криминализирање на активности како што се нелегален пристап до системи и мешање во податоци. Дополнителниот протокол од 2003 година ги проширува овие одредби со криминализирање на расистички и ксенофобични дејства извршени преку компјутерски системи, вклучувајќи ширење расистички или ксенофобичен материјал, закани и навреди врз основа на раса, етничка припадност или религија. Протоколот ги обврзува државите да усвојат национално законодавство за справување со говор на омраза и криминал од омраза извршени преку дигитални платформи.

Општата политичка препорака бр. 7 од 2002 година издадена од Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ)[19] дава насоки за унапредување на националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација. Таа конкретно препорачува криминализирање на говорот на омраза и делата од омраза, особено кога вклучуваат поттикнување на насилство, омраза или дискриминација. Препораката се залага за силни правни рамки, мерки за заштита на жртвите и кампањи за подигање на јавната свест, со цел да се спречи ширењето расистички идеологии и да се обезбеди ефикасно гонење на криминалот од омраза.

Препораката CM/Rec(2022)16[20] се осврнува на зголемената загриженост за говорот на омраза, особено во дигиталната ера, и обезбедува сеопфатни насоки за земјите членки за справување со овој проблем. Препораката ја истакнува потребата од балансиран пристап, осигурувајќи дека говорот на омраза е ефикасно спречен, истовремено обезбедувајќи заштита на слободата на изразување. Препораката повикува земјите членки да усвојат правни рамки што го криминализираат говорот на омраза кога тој поттикнува насилство, непријателство или дискриминација, како и спроведување на тие закони со јасни и одвраќачки казни. Препораката исто така ја нагласува важноста на превентивните мерки, вклучувајќи јавни образовни кампањи, обука за органите на прогонот и соработка со граѓанското општество и онлајн платформите за спротивставување на говорот на омраза. Посебно внимание е посветено на онлајн говорот на омраза, повикувајќи ги интернет-платформите да дејствуваат брзо во отстранувањето на нелегалната содржина, додека истовремено се поттикнува инклузивна дигитална средина.

Препораката CM/Rec(2024)4[21] е насочена кон борба против криминалот од омраза и зајакнување на системите за поддршка на жртвите. Оваа препорака ги повикува земјите членки да ги зајакнат своите правни рамки со признавање на елементот на омраза како отежнувачка околност или како суштински дел од посебни кривични дела. Исто така се нагласува важноста на специјализираната поддршка за жртвите, осигурувајќи им пристап до правна помош и услуги, особено за ранливи групи како

[18] Достапна на: https://rm.coe.int/1680081561 (англиски).

[19] Достапна на: https://rm.coe.int/ecri-general-policy-recommendation-no-7-revised-on-national-legislatio/16808b5aae (англиски).

[20] Достапна на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680a67955 (англиски).

[21] Достапна на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680af9736 (англиски).

децата и младите. Приоритет е обуката на органите на прогонот, со фокус на препознавање на показатели на предрасуди и воспоставување специјализирани истражители и обвинители за криминал од омраза. Дополнително, препораката ја истакнува потребата за подобрено собирање податоци и механизми за известување, повикувајќи ги државите на соработка со граѓанското општество и осигурување инклузивност во онлајн и офлајн простори.

### 3.2.4 Европска Унија (ЕУ)

Рамковната одлука на ЕУ 2008/913/ЈХА[22] е клучен законодавен инструмент што ги обврзува земјите членки на ЕУ да се борат против одредени форми на говор на омраза и криминал од омраза. Таа го криминализира јавното поттикнување на насилство или омраза врз основа на раса, боја на кожа, религија или национално потекло. Оваа одлука наложува земјите членки да обезбедат ефикасни казни и да преземат неопходни мерки за промовирање на превенција и подигање на свеста за делата од омраза. Дополнително, Повелбата за основните права на Европската Унија[23] од 2000 година го зајакнува значењето на еднаквоста и недискриминацијата во сите земји членки.

Директивата за правата на жртвите (2012/29/ЕУ)[24] има за цел да осигури дека сите жртви, вклучувајќи ги и оние на криминал од омраза, се третираат со почит и добиваат соодветна поддршка, заштита и пристап до правда. Според Директивата, жртвите на криминал од омраза, поради природата на делото мотивирано од предрасуди, можат да имаат потреба од специјализирани услуги за поддршка. Директивата бара индивидуални процени на жртвите за да се идентификуваат специфични потреби, вклучувајќи психолошка поддршка, безбедносни мерки и учество во судските постапки.

Кодексот на однесување на ЕУ за справување со нелегален говор на омраза на интернет од 2016 година[25] е доброволен договор меѓу Европската комисија и големи технолошки компании како „Фејсбук", „Твитер" („Х") и „Јутјуб". Тој ги обврзува овие платформи да прегледуваат и отстрануваат нелегален говор на омраза во рок од 24 часа по добиено известување. Кодексот има за цел да се спротивстави на ширењето расистичка, ксенофобична и дискриминаторна содржина на интернет преку поттикнување соработка помеѓу владите, граѓанското општество и приватниот сектор, промовирање транспарентност и едукација на корисниците за справување со говорот на омраза, додека истовремено налага почитување на слободата на изразување.

---

[22] Достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32008F0913 (англиски).

[23] Достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12012P/TXT (англиски).

[24] Достапна на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32012L0029 (англиски).

[25] Достапен на: https://commission.europa.eu/document/download/551c44da-baae-4692-9e7d-52d20c04e0e2_en (англиски).

Актот за дигитални услуги (DSA) од 2022 година[26] е клучна регулаторна рамка во ЕУ што се однесува на нелегална содржина на интернет, вклучувајќи говор на омраза. Тој наметнува строги обврски за големите онлајн платформи за брзо отстранување нелегален говор на омраза, воведува транспарентност во практиките за модерирање на содржина и налага спроведување процени на ризик со цел да се минимизира штетата. Актот исто така воведува казни за непочитување и задолжува редовно известување за отстранувањето на штетната содржина. Оваа регулатива ја зајакнува одговорноста и создава побезбеден дигитален простор.

# 4. Поим на криминализираниот говор на омраза и криминалот од омраза

Во контекст на правните рамки за справување со дискриминацијата и насилството, концептите на криминал од омраза и говор на омраза имаат значајна важност. Говорот на омраза вклучува изрази што поттикнуваат омраза, дискриминација или насилство против одредени групи, често во јавниот дискурс или медиумите. Од друга страна, криминалот од омраза се однесува на кривични дела мотивирани од предрасуди против идентитетот на поединецот, вклучувајќи карактеристики како што се раса, религија, сексуална ориентација, етничка припадност итн. Овие кривични дела не само што ги повредуваат поединците туку и ги загрозуваат социјалната кохезија и јавната безбедност, што доведува до пошироки општествени импликации. Иако двата термина се поврзани и имаат заедничка основа во справувањето со предрасудите и нетолеранцијата, тие се разликуваат во своите правни дефиниции, импликации и контексти во кои се применуваат. Разбирањето на овие разлики е клучно за развивање ефективни правни мерки и политики за промоција на социјална кохезија.

## 4.1 Криминализиран говор на омраза

За концептот говор на омраза не постои универзално прифатена дефиниција. Разликите во културните и правните системи на различни држави доведуваат до варијации за тоа што се смета за говор на омраза. Во некои јурисдикции, тој може да биде дефиниран како јавно изразување што поттикнува насилство или дискриминација врз основа на раса, религија, сексуална ориентација или други лични карактеристики, додека во други, говорот на омраза може да вклучува пошироки форми на вербална агресија. Општествените ставови кон говорот на омраза се исто така различни, при што некои го гледаат како закана за основните човекови права и социјалната хармонија, додека други го ставаат во контекст на слободата на изразување и сметаат дека ограничувањата треба да бидат минимални.

[26] Достапен на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32022R2065 (англиски).

Говорот на омраза се разликува од другите облици на говор со својата цел да поттикне омраза, дискриминација или насилство против одредени групи поради нивните идентитетски обележја. Голем број правни системи имаат усвоено посебни закони што го криминализираат говорот на омраза, а неговото санкционирање често се заснова на тоа дали изразувањето е насочено кон предизвикување реална штета или насилство. Препознавањето на говорот на омраза може да вклучува анализа на контекстот на изразот, на намерата на говорникот, како и на ефектите врз публиката за која е наменет.

Препораката CM/Rec(2022)16 на Советот на Европа[27] говорот на омраза го дефинира како сите видови изразување што поттикнуваат, промовираат, шират или оправдуваат насилство, омраза или дискриминација против поединец или група луѓе, или што ги понижуваат поради нивните реални или припишани лични карактеристики или статус, како што се раса, боја, јазик, религија, националност, национално или етничко потекло, возраст, попреченост, пол, родов идентитет и сексуална ориентација.

## 4.2 Криминал од омраза

Слично како и за говорот на омраза, и за концептот на криминал од омраза не постои универзално прифатена дефиниција. Разликите во културните, социјалните и правните контексти водат до различни перцепции за тоа што претставува криминал од омраза, често под влијание на локалните истории, вредности и искуства со дискриминација и насилство. Некои земји можат да ги приоритизираат расата и етничката припадност како примарни мотиватори на дела од омраза, додека други можат да нагласуваат религија, сексуална ориентација или попреченост. Оваа разлика го комплицира напорот за воспоставување доследни правни рамки, бидејќи дефинициите може да варираат не само помеѓу нациите туку и во самите заедници. Дополнително, општествените ставови кон криминалот од омраза може значително да се разликуваат, при што некои ги гледаат како сериозни деликти што ја загрозуваат социјалната кохезија, додека други може да ги перципираат како изолирани инциденти или да ја намалат нивната важност.

Кривичните дела од омраза често се разликуваат од другите кривични дела по нивната мотивација и пошироките општествени импликации. Овие кривични дела не само што ги повредуваат индивидуалните жртви туку и ја загрозуваат кохезијата на заедницата и придонесуваат за атмосфера на страв меѓу засегнатите групи. Идентификувањето на криминалот од омраза често се базира на препознавање специфични „индикатори на предрасуди“. Овие индикатори може да ги вклучуваат природата на кривичното дело, идентитетот на жртвата и околностите околу инцидентот. На пример графити, вербално вознемирување или таргетирање верски објекти може да сигнализираат мотивација од предрасуди. Многу правни системи предвидуваат поостри казни за кривичните дела од омраза во споредба со слични дела без мотивација од предрасуди. Ова го одразува признавањето дека кривичните дела од омраза се поштетни поради нивната намера и влијание врз општеството.

ОБСЕ го дефинира криминалот од омраза како кривични дела што се мотивирани од предрасуди против одредени карактеристики на поединци или групи. Конкретно, криминалот од омраза вклучува два главни елементи: мора да претставува

[27] *Supranote 20.*

кривично дело според кривичното законодавство и мора да биде извршено поради пристрасна мотивација[28], што значи дека дејствата на извршителот се под влијание на предрасудите кон некои од идентитетските обележја на жртвата (раса, етничка припадност, религија, сексуална ориентација итн.). Оваа дефиниција нагласува дека кривичните дела од омраза не се само поврзани со чувствата на извршителот туку произлегуваат од пошироките општествени предрасуди и може да бидат насочени кон поединци или имот поврзан со маргинализирани заедници.

Препораката CM/Rec(2024)4 на Советот на Европа[29] криминалот од омраза го дефинира како кривично дело извршено со елемент на омраза врз основа на една или повеќе реални или перципирани (припишани) лични карактеристики или статус, каде што: а. „омраза" вклучува предрасуди или презир и б. „лични карактеристики или статус" вклучува, но не се ограничува на раса, боја, јазик, религија, националност, национално или етничко потекло, возраст, попреченост, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет и изразување и сексуални карактеристики.

## 4.3 Разлики помеѓу говорот на омраза и криминалот од омраза

Иако говорот на омраза и криминалот од омраза често се гледаат како меѓусебно поврзани концепти, тие се разликуваат по својата природа, правни дефиниции и нивните пошироки општествени импликации. Основната разлика се однесува на самата природа на дејството: говорот на омраза претставува вербална, писмена или друга форма на изразување насочена кон поттикнување омраза, дискриминација или насилство против поединци или групи, врз основа на нивните идентитетски обележја, како што се раса, религија, етничка припадност, сексуална ориентација и др. Од друга страна, криминалот од омраза е физичко кривично дело (телесна повреда, насилство, оштетување имот итн.) што е мотивирано од предрасуди против личните карактеристики на жртвата. Говорот што поттикнува омраза може да создаде општествена атмосфера што го нормализира насилството врз ранливи групи.

Говорот на омраза претежно вклучува емоционална или психолошка штета преку зборови или симболи што шират омраза, поттикнуваат насилство или ги деградираат групите. Штетата често е индиректна и влијае на чувството на безбедност и достоинството на луѓето, дури и кога не се случува непосредна физичка штета. Од друга страна, кривичните дела од омраза подразбираат конкретна штета, како што се физичкото насилство, оштетувањето на имотот или други кривични дела што директно ги повредуваат поединците или заедниците. Емоционалното влијание е често засилено преку физичката закана или фактичката штета што е нанесена.

Одредбите во законодавствата за говор на омраза обично применуваат повисок праг за кривична одговорност бидејќи модерните правни системи имаат за цел да ја заштитат слободата на говорот. Изразувањето обично се криминализира само ако пречекори одредена линија – како што е директното поттикнување на насилство

[28] Види на пр. во „Разбирање на криминалот од омраза", стр. 7, 2015, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/a/3/104168.pdf и „Постапување по криминал од омраза: Практичен водич", стр. 21, 2015, достапен на: https://www.osce.org/files/f/documents/3/0/337141.pdf.

[29] *Supranote 21.*

или претставување реална закана. Криминализирањето на говорот на омраза често се гледа како превентивна мерка за избегнување на ескалацијата на насилство или криминал од омраза. Говорот на омраза може да биде ран индикатор за тензиите што, доколку не се адресирани, би можеле да доведат до фактички кривични дела од омраза. Законодавството за криминал од омраза од друга страна е реактивно, односно се однесува на насилство или штета што веќе се случила.

Дополнително, говорот на омраза во одредени правни системи може да се санкционира само кога изразувањето директно повикува на насилство или сериозна дискриминација, додека криминалот од омраза вклучува активно дејство што веќе предизвикува физичка или материјална штета. Важно е да се нагласи дека говорот на омраза може да претставува првичен чекор што води кон криминал од омраза.

Исто така, постои и разлика во начинот на идентификување на овие дела. Криминалот од омраза често се идентификува преку „индикатори на предрасуди", како на пример вербални навреди при физички напад или таргетирање симболични објекти поврзани со малцински групи. Од друга страна, говорот на омраза обично се препознава преку анализирање на содржината на изразувањето, намерите на говорникот и ефектите врз публиката.

# 5. Говор на омраза и криминал од омраза во Република Северна Македонија

Во современото мултикултурно и мултирелигиско општество на Република Северна Македонија, различностите може да претставуваат значајна предност во градењето на демократијата. Меѓутоа, овие разлики можат да создадат и потенцијални конфликти преку будење на радикалниот национализам што може да доведе до интензивирање на тензии. Говорот на омраза не е само форма на комуникација туку е и моќен инструмент што може да генерира насилство и да поттикне криминал од омраза. Овој дел од анализата се фокусира на говорот на омраза и криминалот од омраза во Република Северна Македонија, разгледувајќи ги трендовите на омраза, правната рамка, социјалните импликации и потребата за проактивни мерки во спречувањето на ваквите појави.

## 5.1 Трендот на говор на омраза

Во Северна Македонија говорот на омраза претставува значаен предизвик имајќи предвид дека во земјата живеат поголем број заедници. Инцидентите со говор на омраза, особено оние поврзани со политички и етнички тензии, се интензивираат за време на изборни периоди, во медиумите и на социјалните мрежи. Локалниот Хелсиншки комитет за човекови права и други невладини организации често регистрираат и пријавуваат случаи на говор на омраза[30], истакнувајќи дека, иако по-

[30] Види http://govornaomraza.mk – Генерална датабаза за Хелсиншкиот комитет за човекови права за регистрирани инциденти на говор на омраза и https://complaints.semm.mk – датабаза на Советот за етика во медиумите за жалби против говор на омраза во медиумите.

стојат правни механизми, гонењето е често незадоволително, а јавната свест за последиците е ниска. Напорите за борба против говорот на омраза се поддржани од меѓународните организации присутни во државата што ја охрабруваат Северна Македонија да ја зајакне својата правна рамка и да го подобри спроведувањето на законите. Дополнително, граѓанското општество игра клучна улога во мониторингот на говорот на омраза, подигнување на свеста и промовирање на толеранција во општество.

На порталот www.govornaomraza.mk на локалниот Хелсиншки комитет за човекови права во периодот помеѓу 2014 година и септември 2024 година биле регистрирани вкупно 2 685 инциденти поврзани со говор на омраза.




* Често инцидентите поврзани со говор на омраза содржат две или повеќе пристрасни мотивации, па оттаму и поголемиот број пристрасни мотивации отколку инциденти.

Податоците регистрирани од Хелсиншкиот комитет даваат важен увид во мотивите зад пријавените инциденти на говор на омраза. Најголемиот број инциденти, вкупно 1 313, се поврзани со етничка припадност, што укажува на постоење на етнички тензии во општеството. Високиот број од 952 инциденти поради сексуална ориентација ја истакнува сериозноста на дискриминацијата и непријателството со кои се соочува ЛГБТ+ заедницата. Политичките уверувања, со 566 пријавени случаи, се индикатор за влијанието на политичката поларизација и политичките поделби врз социјалните интеракции што можат да водат кон социјални конфликти. Дополнителни категории како националната припадност (233), пол или род (191), и раса или боја на кожа (92), исто така, сведочат за распространетоста на предрасуди во општеството. Религиските уверувања и други фактори со 68, односно 145 пријавени случаи дополнително ја усложнуваат сликата за природата на овие инциденти. Овие податоци покажуваат дека говорот на омраза не е изолирана појава туку вкоренет проблем и бара координирани правни и институционални мерки за негово спречување и санкционирање.

## 5.2 Трендот на криминал од омраза

Покрај регистрирање на инциденти поврзани со говорот на омраза како што е опишано погоре, локалниот Хелсиншки комитет за човекови права регистрира и инциденти поврзани со криминал од омраза. На нивниот портал www.zlostorstvaodomraza.com, во периодот помеѓу 2013 година и 2023 година (но без податоци за 2021 година) биле регистрирани вкупно 933 инциденти во кои имало индикатори на пристрасност што би можело да значи дека тие кривични дела се дела од омраза[31]. Графиконот подолу ги прикажува кумулативно обработените и објавени податоци за 758 инциденти регистрирани од Хелсиншкиот комитет од февруари 2013 година до октомври 2020 година[32].




Етничката припадност, како и кај говорот на омраза, е најзастапена мотивација зад криминалот од омраза што се огледува во 66,1 % од случаите, со што се потврдува дека етничките тензии продолжуваат да бидат најзначаен фактор на предрасуди за можно насилство во Северна Македонија. Политичката припадност со 17,9 % од случаите, како и статусот на бегалци или мигранти (5,8 %), исто така, се важни фактори. Дополнителни мотивации, како религијата или верското уверување (3,4 %), бојата на кожата, сексуалната ориентација и родовиот идентитет, иако се помалку застапени, покажуваат дека предрасудите се насочени кон различни групи во општеството.

Објавените податоци од Хелсиншкиот комитет[33] понатаму покажуваат дека најчесто регистрираните видови инциденти вклучуваат насилство (225 случаи), телесни

[31] Во согласност со годишните извештаи за криминал од омраза, достапни на: https://zlostorstvaodomraza.com

[32] Види инфографик на: https://mhc.org.mk/reports/podatoczi-za-kriminalot-od-omraza-fevruari-2013-oktomvri-2020/

[33] *Ibid.*

повреди (181 случаи) и оштетување имот (136 случаи), што ја нагласува физичката и материјалната штета што ја претрпуваат жртвите на овие дела. Географската распределба на овие инциденти укажува дека Скопје е најпогодено подрачје, со регистрирани 549 инциденти, што, пак, укажува на тоа дека главниот град претставува центар на етнички и политички тензии. Други подрачја, како што се Куманово (44), Тетово (28) и Битола (23), исто така покажуваат високо ниво на инциденти. Главните наоди од долгогодишното мониторирање на инцидентите од омраза од страна на Хелсиншкиот комитет покажуваат дека жртвите и сторителите најчесто се млади лица од различни етнички заедници, при што голем дел од сторителите остануваат неоткриени, а пристрасниот мотив често се „губи" во текот на процесот од полицијата до судовите. Исто така, недостасува соодветна статистика за овие инциденти, а се преземени минимални превентивни мерки, како едукација за човекови права и подигање на јавната свест[34].

## 5.3 Виктимизација поради криминал од омраза

Во текот на јуни – јули 2018 година и повторно во јуни – јули 2023 година, Мисијата на ОБСЕ во Скопје спроведе две истражувања за виктимизацијата поради криминалот од омраза во Северна Македонија во кои учествуваа вкупно 3 124 испитаници[35]. Резултатите од истражувањата даваат важен увид во распространетоста и влијанието на кривичните дела од омраза.

Двете истражувања го потенцираат сериозното емоционално и психолошко влијание врз жртвите на криминал од омраза, кои постојано пријавуваат потешки психосоматски ефекти отколку жртвите на други кривични дела. Наодите од двете истражувања укажуваат дека криминалот од омраза продолжува да биде вкоренет проблем во Северна Македонија, кој бара координирани напори од националните и локалните власти, како и од граѓанското општество, за да се реши проблемот со непријавувањето, да се подобри поддршката за жртвите и да се зајакне реакцијата на полицијата.

Истражувањето од 2018 година, спроведено на примерок од 1 510 испитаници, идентификува 165 жртви на криминал од омраза во последните 12 месеци пред анкетата. Овие податоци покажуваа дека криминалот од омраза е значително распространет, при што жртвите пријавиле вкупно 222 инциденти, далеку повеќе од бројките достапни преку официјалните статистики и податоците на невладините организации. Еден од најважните наоди од истражувањето е ниската стапка на пријавување: шест од десет инциденти не биле пријавени во полиција. Резултатите дополнително укажуваа дека виктимизацијата поради криминалот од омраза има посилно социо-емоционално и психолошко влијание отколку други видови криминал, што води кон зголемена загриженост и појава на посттрауматски симптоми.

[34] *Supranote 30.*

[35] Истражување за виктимизацијата поради криминал од омраза: Извештај, 2019, Пол Игански. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/6/5/424199.pdf и Истражување за виктимизацијата поради криминал од омраза: Извештај, 2023, Пол Игански. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/9/b/560274.pdf

Истражувањето од 2023 година потврдува тесна согласност со наодите од 2018 година, покажувајќи дека виктимизацијата поради криминалот од омраза останува распространета, далеку над официјално пријавените случаи. Иако стапките на виктимизација остануваат слични, истражувањето забележува мал пад на вкупната виктимизација поради криминалот од омраза, што кореспондира со трендот на намалување на општиот криминал во последните години. Во однос на пријавувањето, забележано е дека стапките остануваат стабилни, а жртвите на криминал од омраза се сè уште помалку склони да пријават кривични дела од омраза во полиција, во споредба со други видови криминал. Истражувањето од 2023 година исто така укажува на намалување на криминалот поврзан со политичкото уверување.

## 5.4 Национално законодавство и институционални мерки

### 5.4.1 Криминализиран говор на омраза

Треба да се напомне дека не секој говор на омраза во Северна Македонија се смета за кривично дело. Така, на пример, во националното законодавство постојат одредби што го третираат говорот на омраза како прекршок. Вакви примери може да се најдат во законите за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, медиуми итн. Овие закони содржат одредби што го санкционираат поттикнувањето или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза преку прекршочни казни (глоби) од финансиска природа. Оваа анализа се однесува единствено на криминализираниот говор на омраза, онака како што е утврдено во Кривичниот законик.

Во Препораката CM/Rec(2022)16 на Советот на Европа[36] е наведено дека „Државите членки треба да специфицираат и јасно да дефинираат во своето национално кривично право кои изрази на говор на омраза подлежат на кривична одговорност, како на пример:

1) јавно поттикнување на извршување геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства;
2) јавно поттикнување на омраза, насилство или дискриминација;
3) расистички, ксенофобични, сексистички и ЛГБТ-фобични закани;
4) расистички, ксенофобични, сексистички и ЛГБТ-фобични јавни навреди под услови како оние специфицирани за онлајн навреди во Дополнителниот протокол на Конвенцијата за сајберкриминал што се однесува на криминализација на дејства од расистичка и ксенофобична природа извршени преку компјутерски системи;
5) јавно негирање, тривијализирање и одобрување геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства; и
6) намерно ширење материјали што содржат такви изрази на говор на омраза (наведени во 1 – 5 погоре), вклучувајќи идеи базирани на расна супериорност или омраза.“

[36] *Supra note 18, точка 11.*

Во Кривичниот законик се содржани вкупно шест кривични дела што се однесуваат на говорот на омраза:

- Загрозување на сигурноста, член 144 став 5;
- Излагање на подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците, член 179.
- Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа, член 319 став 1;
- Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, член 394-г став 1;
- Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства, член 407-а став 1;
- Расна и друга дискриминација, член 417 став 1.

Кривичното законодавство на Северна Македонија е во голема мера усогласено со Препораката CM/Rec(2022)16 на Советот на Европа, особено во однос на јавното поттикнување на геноцид, омраза и насилство (членови 144, 319, 394-г и 407-а). Законот ефективно го опфаќа ширењето расистички и ксенофобични материјали, јавни закани и навреди. Сепак, за целосна усогласеност со Препораката, Законот треба да обезбеди појасна заштита против сексистички и ЛГБТ-фобичен говор, особено во офлајн контексти, да го прошири опсегот на ширење говор на омраза надвор од компјутерските системи и да обезбеди јасна заштита на слободата на изразување.

### 5.4.2 Криминал од омраза

Криминалот од омраза во домашното законодавство претставува релативно нов концепт. Во 2009 година, Северна Македонија воведе нова одредба во Кривичниот законик – член 39 став 5 – за отежнувачки околности во Кривичниот законик, која се применува во случаи кога кривичните дела се сторени против лице, група на лица, или имот и се мотивирани од „националното или социјалното потекло, политичката или верската припадност, имотниот или социјалниот статус, полот, расата или бојата на кожата“ на жртвите[37]. Во 2014 година, беа усвоени измени во неколку одредби од Кривичниот законик[38], вклучително и во член 39 став 5, со што се вклучи проширена и отворена листа на заштитени карактеристики, и тоа: „пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор.“ Ова дополнување не придонесе за значително зголемување на превенцијата или процесирањето на делата од омраза, бидејќи немаше видливо зголемување на бројот на обработени случаи, недостигаа алатки за мерење на ефикасноста на одредбите и не постоеше механизам за собирање податоци за криминалот од омраза.

[37] „Службен весник на РСМ“ бр. 111/2009 достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/2A2D5314C418A34EA5D597CC923695D2.pdf

[38] „Службен весник на РСМ“ бр. 27/2014 достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/6ed04b3db86643b297d84aa94513d055.pdf

За подобрување на законодавната рамка за справување со криминалот од омраза, во 2015 година Министерството за правда, по иницијатива на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Академијата на науките и уметностите, формираше Работна група за ревизија на одредбите од Кривичниот законик поврзани со криминал од омраза. Истата година, Работната група изготви предлог-измени на Кривичниот законик на државата, предлагајќи новитети како дефиниција на кривичното дело од омраза, како и построги казни за одредени кривични дела извршени со пристрасна мотивација. Во 2016 година, текстот беше доставен до ОДИХР, кој ги поддржа измените и достави свои коментари[39], од кои поголемиот дел беа имплементирани од Работната група во 2017 година. Во 2018 година, Владата до Собранието предложи 17 нови одредби за измени на Кривичниот законик, вклучувајќи и правна дефиниција на кривичните дела од омраза. Дополнително, доколку во текот на судската постапка биле изнесени обвиненија за криминал од омраза во смисла на отежнувачките околности од член 39 став 5, новиот став 6 од истиот член предвидува обврска за судот да ги образложи причините доколку одлучи да не го примени став 5. Измените беа усвоени од Собранието кон крајот на 2018 година, а стапија на сила во 2019 година[40].

Член 22 став 42 од Кривичниот законик ја содржи дефиницијата за криминал од омраза – Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од овој Законик се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.

Една од клучните карактеристики на оваа дефиниција е тоа што го препознава криминалот од омраза не само кога е мотивиран од реални карактеристики, туку и од претпоставени карактеристики, што го проширува опсегот за идентификација и процесирање на криминалот од омраза. Одредбата исто така обезбедува заштита и на поединци и на поврзан имот, што ја рефлектира свесноста дека делата мотивирани од омраза може да бидат насочени кон симболи, институции или објекти поврзани со одредена група или поединец. Понатаму, Законот признава широк спектар на заштитени карактеристики, обезбедувајќи широка покриеност за различни маргинализирани и ранливи групи. Оваа инклузивност е во согласност со меѓународните стандарди за криминал од омраза, но исто така бара прецизна примена во практика за да се осигури ефикасна правна заштита.

Споменатите 17 нови одредби со измените на Кривичниот законик од 2018 година се однесуваат на следниве кривични дела:

- Убиство, член 123 став 2, точка 4;
- Телесна повреда, член 130 став 2;
- Тешка телесна повреда, член 131 став 2;
- Присилба, член 139 став 2;
- Противправно лишување од слобода (киднапирање), член 140 став 2;

[39] Достапни на: https://www.osce.org/files/f/documents/2/e/313271.pdf

[40] „Службен весник на РСМ“ бр. 248/2018, достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b089570baccc436a9b39c585dca78b3f.pdf

- Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, член 142 став 2;
- Загрозување на сигурноста, член 144 став 3;
- Спречување или смеќавање јавен собир, член 155 став 2;
- Силување, член 186 став 3;
- Неукажување медицинска помош, член 208 став 1;
- Тешка кражба, член 237, став 1 точка 7;
- Разбојништво, член 237 став 2;
- Разбојничка кражба, член 238 став 2;
- Оштетување туѓи предмети, член 243 став 2;
- Изнуда, член 258 став 2;
- Насилство, член 386 став 5;
- Скврнавење на гроб, член 400 став 2.

Во сите овие основни кривични дела е вметната одредба што на судовите им налага построго казнување кога ќе биде докажано дека делото е сторено од омраза. Според ова, кривичните дела од омраза во националното законодавство претставуваат дела за кои се пропишани отежнувачки околности поради специфичните фактори или услови присутни при извршувањето на кривичното дело што ја зголемуваат неговата тежина или вината на сторителот. Овие околности водат кон построги казни во споредба со стандардната казна за истото дело без такви фактори. Идејата е дека присуството на отежнувачките околности го прави делото посериозно, било поради природата на самиот чин или поради влијанието врз жртвата или општеството. Во согласност со дефиницијата за криминал од омраза, доволно е кривичното дело да биде и само делумно сторено од омраза за на сторителот да му биде изречена построга казна.

Имајќи предвид дека националното законодавство пропишува дефиниција за криминал од омраза (член 22 став 42 од Кривичниот законик), содржи општа одредба што предвидува дека елементот на омраза претставува отежнувачка околност за сите кривични дела сторени од умисла при изрекување на казната (член 39 став 5 од Кривичниот законик); и посебни кривични дела кои го вклучуваат елементот на омраза како составен дел на делото, може да се заклучи дека националното законодавство користи комбиниран, односно хибриден систем за санкционирање на криминалот од омраза. Овој пристап овозможува пофлексибилна и посеопфатна примена на законот во процесирањето и казнувањето на делата мотивирани од омраза, што е во согласност со современите меѓународни стандарди за борба против криминалот од омраза.

### 5.3.3 Институционални мерки

Во 2015 година, Министерството за внатрешни работи воведе апликација „Црвено копче“ на својата веб-страница http://redbutton.mvr.gov.mk/, која е наменета за пријавување кривични дела од омраза, поттикнување на насилство, злоупотреба на деца, како и трговија со луѓе. Ефективноста на оваа апликација останува непозната, а водичот за користење на „копчето“ е повеќе фокусиран на говорот на омраза на интернет отколку на самите кривични дела од омраза. Кривична пријава за дела

од омраза на интернет може да биде поднесена и по електронски пат до Секторот за компјутерски криминал при Министерството за внатрешни работи преку електронската пошта cybercrime@moi.gov.mk. Во април 2017 година, Министерството за внатрешни работи го измени Правилникот за начинот на вршење полициските работи[41], воведувајќи нов образец за примање пријави што содржи поле за „индикации дека кривичното дело е сторено од омраза".

Во 2014 година, во Системот за управување со предмети (Case Managment System) на Јавното обвинителство беше воведена функционалност за означување дали одредено дело потпаѓа под „криминал од омраза", слично на додатокот во судскиот систем ACMIS (види подолу). Внесувањето на податоците е задача на службеник за податоци до моментот кога е назначен јавен обвинител, кој потоа ја презема контролата. Службеникот за податоци, назначениот обвинител, неговиот/нејзиниот претпоставен и Државното јавно обвинителство имаат пристап до предметите. Според последните информации добиени во 2018 година, системот не е целосно оперативен и не се користи во сите обвинителства низ земјата, што укажува на тоа дека практичната примена на овој механизам за евидентирање кривични дела од омраза во Обвинителството сè уште не е ефикасна.

Во 2014 година, Работното тело за стандардизација на судските постапки при Врховниот суд усвои Заклучок за означување на случаите во судскиот систем за управување со предмети ACMIS каде што извршувањето кривично дело мотивирано од омраза/предрасуди е квалификувано како отежнувачка околност и е одразено во изрекувањето на кривичната санкција, во согласност со член 39 став 5 од Кривичниот законик. Регистрацијата се врши со пополнување поле за означување на предметите поврзани со криминал од омраза.

Од 2014 до 2023 година Министерството за правда ја усвојуваше Програмата за обесштетување на дете што е жртва или е оштетено со дејство што со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство. Во 2023 година, средствата за оваа намена изнесуваа околу 50 000 ЕУР[42]. Не постојат јавно достапни податоци за фактичкото користење на оваа програма.

Кон крајот на 2022 година беше усвоен Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[43], кој почна да се применува во 2023 година. Во 2024 беше конституирана Државната комисија за надоместок за жртви од кривични дела со насилство. Целта на Законот е да се обезбеди паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство како помош од страна на државата и да се спречи можна виктимизација и секундарна виктимизација како дополнително страдање што жртвите може да го претрпат од односот на надлежните органи.

[41] „Службен весник на РСМ" бр. 49/2017, достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b53767c9b9bd4fc28156ca5da7b2ae55.pdf

[42] Види на пр. Програма од 2023, „Службен весник на РСМ" бр. 122/2023, достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/daa31801855a4e3fbb91c2f60222762d.pdf

[43] „Службен весник на РСМ" бр. 247/2022, достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/d0f88bf42e134b978d599eadcfafac20.pdf

# 6. Гонење на говорот од омраза и криминалот од омраза

Органите на прогон во РСМ се претставени од јавното обвинителство и правосудната полиција. Правосудната полиција, пак, се состои од: МВР, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Воената полиција. Од Министерството за внатрешни работи и од основните јавни обвинителства (преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија) беа побарани статистички податоци и одлуки за гонење на криминал од омраза за периодот од 1 јануари 2019 година до 30 јуни 2024 година што се однесуваат на:

1. Статистички податоци во секое ОЈО за вкупниот број завршени и тековни предмети за секое кривично дело одделно, како и за пријавените случаи од страна на полицијата, соодветно, и оние што се предадени во ОЈО врз основа на сторени специфични кривични дела;
2. Статистички податоци за вкупниот број случаи каде што полето „криминал од омраза" е означено во „Case Management System" и соодветно за МВР – полето „криминал од омраза" што било рачно означено во Записникот за пријавување на кривично дело во полиција; и
3. Доставување преку е-пошта или преку пошта на анонимизирани обвинителски одлуки (обвиненија), како и информации од полицијата, соодветно, дали добиле повратни одговори од ОЈО за исходот од полициските постапки за гонење од случаите на дела од омраза[44].

Што се однесува на системот на јавни обвинителства, во Северна Македонија има 22 основни јавни обвинителства (ОЈО) и Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК). Исто така, постојат 4 виши јавни обвинителства (ВЈО) што се обраќаат до и ја контролираат работата на споменатите 22 ОЈО, по територијален принцип. Одговорите што беа вратени за бараните податоци беа од ОЈО, а не од ВЈО. До крајот на август 2024 година, добиени се одговори од 21 ОЈО, додека 1 не одговори (ОЈО Ресен). Во оваа насока релевантен факт е дека ОЈО во градовите Ресен и Крива Паланка немаат резидуален јавен обвинител како раководител на тие канцеларии, и покрај тоа, ОЈО Крива Паланка даде одговор на барањето. Одговор не даде и ОЈО ГОКК, кое се наоѓа во Скопје, што е очекувано земајќи ги предвид природата на неговата работа и опфатот на поинакви кривични дела.

Во однос на МВР, податоците беа доставени од Бирото за јавна безбедност (БЈБ) преку Секторот за криминалистичко разузнавање и аналитика (СКРА) на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа (ОКРА) со Единиците за криминалистичко разузнавање и анализа (ЕКРА). Во одговорот од МВР-БЈБ немаше податок за тоа, за колку од поодделните случаи и кривични дела за кои биле поднесени кривични пријави, МВР добиле допис од ОЈО или од ОЈО ГОКК дека резултирале со поднесени обвиненија или, пак, со решенија за отфрлање на кривичните пријави.

[44] Известувањето на ОЈО кон МВР за исходот од поднесените кривични пријави е повеќедецениска практика, а обврската е содржана во Законот за кривичната постапка (види чл. 275 од ЗКП).

## 6.1 Министерство за внатрешни работи

| *РЕГИСТРИРАНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ОМРАЗА* | 2019 година | | 2020 година | | 2021 година | | 2022 година | | 2023 година | | January – May 2024 | | Вкупно за период 2019 до мај 2024 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители |
| *ВКУПНО* | 51 | 51 | 29 | 30 | 25 | 31 | 54 | 51 | 41 | 39 | 15 | 10 | 215 | 212 |
| Телесна повреда чл. 130 ст. 3 | | | | | | | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 |
| Загрозување на сигурноста - чл. 144 ст. 2 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 2 | 2 |
| Загрозување на сигурноста - чл. 144 ст. 3 | | | 2 | 2 | | | | | | | | | 2 | 2 |
| Загрозување на сигурноста - чл. 144 став 4 (став 5 со измените во 2023) | 21 | 18 | 8 | 6 | 4 | 4 | 6 | 7 | 6 | 5 | | | 45 | 40 |
| Злоупотреба на лични податоци чл. 149 ст. 2 | | | | | | | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 |

Табеларен приказ на регистрирани кривични дела со елементи на омраза за период од 2019 до мај 2024 година

| *РЕГИСТРИРАНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА СО ЕЛЕМЕНТИ НА ОМРАЗА* | 2019 година | | 2020 година | | 2021 година | | 2022 година | | 2023 година | | January – May 2024 | | Вкупно за период 2019 до мај 2024 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители | кривични дела | сторители |
| *ВКУПНО* | 51 | 51 | 29 | 30 | 25 | 31 | 54 | 51 | 41 | 39 | 15 | 10 | 215 | 212 |
| Оштетување туѓи предмети - член 243 ст.2 вв со омраза | | | 1 | 1 | | | 2 | 0 | | | 1 | 0 | 4 | 1 |
| Предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа - член 319 | 3 | 4 | 1 | 0 | 2 | 6 | 2 | 0 | 2 | 2 | 4 | 2 | 14 | 14 |
| Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем - член 394 - Г | | | 2 | 2 | | | | | | | | | 2 | 2 |
| Расна и друга дискриминација - член 417 | | | | | 1 | 4 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 6 |
| Насилство - член 386 | 2 | 4 | 1 | 5 | | | 1 | 1 | 1 | 2 | | | 5 | 12 |

Табеларен приказ на регистрирани кривични дела со елементи на омраза за период од 2019 до мај 2024 година

Вкупниот број случаи што МВР ги регистрирало како „криминал од омраза“ во бараниот период изнесува 221, а бројот на регистрирани сторители 219. Во бројките апсолутно доминираат делата на говор од омраза. Самото регистрирање не значи и обвинување и судење по автоматизам. Според Игански во 2023 година само нешто помалку од четири од десет (37 %) од најсериозните кривични дела за кои се смета дека биле мотивирани од пристрасност и кои ги доживеале испитаниците во 2023 година, биле пријавени во полиција, а која статистика оддава висока темна бројка на криминалот од омраза. Се дополнува и тоа дека различни дела имале различни стапки на пријавување во полиција, па така вербалните напади, без разлика дали навреди или закани, биле најмалку веројатно дека ќе биле пријавени од граѓаните[45].

Имајќи ги предвид горенаведеното и статистиката доставена од страна на МВР, се констатира дека бројот на кривичните дела од омраза е во благ пад во периодот 2019 – 2024 година. Имено, ако во 2019 година било регистрирано 51 кривично дело со 51 сторител, во 2023 година биле регистрирани 41 кривично дело и 39 сторители. И во двете споменати години најбројни биле делата на говор на омраза, па така во 2019 година тие биле 49 кривични дела или 96 % од севкупната бројка на дела од омраза за таа година, а, пак, во 2023 година тие биле 39 кривични дела (95%).




[45] Игански, П., „Извештај за истражување за виктимизацијата поради криминал од омраза“, ОБСЕ, Скопје, 2023, стр. 34, 35. Линк: https://www.osce.org/files/f/documents/9/b/560274.pdf.

## 6.1.1. Географска распределба на делата од омраза

| КД со елементи на омраза според вид за период од 2019 заклучно со јуни 2024 година, по организациони единици | СВР Скопје | СВР Битола | СВР Велес | СВР Куманово | СВР Охрид | СВР Струмица | СВР Тетово | СВР Штип | Сектор за компјутерски криминал | Вкупно за бараниот период |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 14 | 23 | 8 | 11 | 86 | 4 | 21 | 29 | 23 | 219 |
| Телесна повреда чл. 130 ст. 3 | | | | | | 1 | | | | 1 |
| Загрозување на сигурноста - чл. 144 ст. 2 | | | 1 | | | | | 1 | | 2 |
| Загрозување на сигурноста - чл. 144 ст. 3 | | | | | 2 | | | | | 2 |
| Загрозување на сигурноста - чл. 144 став 4 и 5 | 8 | 7 | 3 | 2 | 8 | 1 | 3 | 1 | 12 | 45 |
| Злоупотреба на лични податоци чл. 149 ст. 2 | | | | | | | 1 | | | 1 |
| Оштетување туѓипредмети-член 243 ст.2 вв со омраза | 1 | | | | 1 | | | 2 | | 4 |
| Предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа - член 319 | 1 | 5 | | | | 1 | 8 | | | 15 |
| Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем - член 394 - Г | | 10 | 4 | 9 | 74 | 1 | 8 | 24 | 11 | 141 |
| Расна и друга дискриминација - член 417 | | 1 | | | 1 | | | 1 | | 3 |
| Насилство - член 386 | 4 | | | | | | 1 | | | 5 |

Табеларен приказ на регистрирани кривични дела со елементи на омраза според вид за период од 2019 заклучно со јуни 2024 година, по организациони единици

Табелата по СВР дава одговор на прашањето за географската дистрибуција на делата од омраза. Најголем број дела од омраза биле регистрирани во СВР Охрид (86), а значително помалку во СВР Скопје (14), СВР Битола (23), СВР Штип (29) и СВР Тетово (21). Овој факт изненадува со оглед на тоа што Охрид е помал град од сите споменати. Релевантно е и тоа дека, иако секое СВР дејствува во својот регион, тоа по автоматизам не значи и дека кривичното дело било сторено во тој регион. Понекогаш се случува оштетениот – жртвата да го пријави инцидентот во местото на своето живеалиште, а делото да било сторено во друг регион. Во тој случај соодветното СВР каде било пријавено делото ја поднесува кривичната пријава до месно надлежното ЈО каде што било сторено делото. Ова е од значење и доколку делото било сторено онлајн, па најчесто тогаш кривичната пријава се поднесува до месно надлежното ЈО каде што живеел сторителот бидејќи се верувало дека од таму тој дејствувал онлајн. Од тие причини овие дела не може да се земат како сигурен репер или валиден „статистичи примерок“ со цел за утврдување на географската распределеност на криминалот од омраза. Кога веќе се споменаа делата од омраза онлајн, се истакнува податокот што го испрати МВР за бројот на пријавени дела во Секторот за компјутерски криминал. Таму биле регистрирани вкупно 23 кривични

дела, што може да се смета за веродостоен податок, со забелешка дека веројатно сите тие случаи се дела на говор на омраза[46].

### 6.1.2. Одговорот на МВР кон делата од омраза и делата на говор на омраза

Во системскиот одговор на државата кон криминалитетот од омраза улогата на полицијата е од особено значење. Што се однесува на доставената статистика од страна на МВР за пријавени дела од омраза, таа треба да се земе со извесна мера на резерва. Ова бидејќи, навистина од денешна перспектива, државата (полицијата[47] и судовите) ги направи пионерските чекори во собирањето податоци за делата од омраза, но во официјалната државна практика на откривање и гонење на делата на говор на омраза како сродни со делата од омраза отсуствува основниот пристап на нивно диференцирање како посебен облик на криминалитет. И покрај организациските реформи во ЈО и Полицијата, сѐ уште нема опсервирање и известување на задоволително ниво. На пр., забележлива е и тенденцијата да се избегнува, или да им се дава поблага квалификација и на очевидни случаи на предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост, а преку на пример подведување еден настан на говор на омраза во обичен прекршок против јавен ред и мир. Исто така собраните податоци не се достапни на јавноста и не е јасно дали властите ја разбираат разликата помеѓу делото на говор на омраза и делото од омраза per se. Имено, ниту Државниот завод за статистика добива вакви специфицирани податоци од МВР, ниту тоа (делата на говор на омраза како статистички параметар) го наведува МВР во годишните извештаи, ниту МВР се во состојба да му дадат на МНР таков податок по барање на меѓународни организации во кои членува Северна Македонија.

Инаку од аспект на делата на говор на омраза онлајн, значаен е фактот дека за нивното докажување честопати крунски доказ (regina probationem) претставуваат вештачењата што ги изработува Одделението за форензички испитувања (ОФИ) при МВР, а кое нешто се прави со специјализирани алатки и софтвери. Лабораторијата за дигитална форензика на ОФИ врши испитување на компјутерска опрема

[46] СКК уште од 2017 година (од по издвојувањето како орган од Одд. за сузбивање на организиран и сериозен криминал) води статистика за секое одделно кривично дело и доставува годишен извештај до МВР, а кој е потоа имплементиран во генералниот Годишен извештај на МВР. Види: https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Godisen%20izvestaj/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%202023.pdf

[47] Полицијата е првиот орган за спроведување на законот што дава одговор на кривичните дела од омраза, а податоците што тие ги прибираат треба да се скелетот на официјалните податоци за криминалот од омраза. Меѓутоа, покрај заложбите на полицијата и другите владини органи, евидентираната зачестеност на кривичните дела од омраза во официјалните статистики е начелно пониска од реалната. Тоа е така бидејќи официјалното евидентирање зависи од тоа жртвите да ги пријавуваат случаите и полициските службеници точно да ги евидентираат. Сепак, од аспект на надлежноста на овој извршен орган да ја прибавува статистиката за делата на омраза и неговата потенцијална супериорност во таа задача во споредба со другите државни органи, а најмногу ЈО, истото тоа е несомнено поради самиот факт дека ЈОРМ не располага ниту со доволно буџет, ниту со доволно персонал за исполнување на оваа задача, за разлика од МВР ( да се поедностави последниот дел).

и мобилни уреди што содржат електронски доказен материјал. Се врши преземање на податоците од дигиталните уреди со помош на форензички алатки што овозможуваат да се сочува интегритетот на податоците. Со различни методи се прави анализа на постојните и враќање на избришаните податоци.

## 6.2 Јавно обвинителство

ЈО претставува уставна категорија и е орган на прогон што ја канализира целосната обемна работа на МВР во борбата со криминалот. Што се однесува на криминалитетот од омраза, јавните обвинителства се од поодамна запознаени со него преку обуките спроведувани од АСЈО. На системско ниво, ЈОРСМ воведе и новитети почитувајќи го начелото на хиерархија и субординација. Така, со цел за поефикасно работење, на сите ЈО во државата ЈОРСМ им наложи, почнувајќи од 1.1.2023 година, редовно и без исклучок да вршат дополнувања на предметите во информацискиот систем „case managment" со прикачување на одлуките на ЈО. Обвинителствата располагаа со овој систем уште од 2016 година, но тој дури сега се спроведува во практика.

### 6.2.1. Одговорот на ЈО кон криминалот од омраза, вклучително и делата на говор од омраза – истражни практики

Како премиса за да функционира националната системска рамка против делата од омраза и тој да добие кривичноправен третман служи член 81 од Глава VII од ЗКП, насловен како „Обврска за давање правна помош". Во него се стипулира: „(став 1) Правосудната полиција, јавниот обвинител и судот за потребите за водењето на кривичната постапка можат да побараат помош од судовите, јавното обвинителство, органите на државната управа и други државни органи, институции што вршат јавни овластувања и од органите на единиците на локалната самоуправа. Тие органи се должни да одговорат по барањето во најкраток рок, а можните пречки да ги отстранат без одлагање. По потреба нив може да им биде доставена копија од казнените списи. (став 2) Органите на државната управа и другите државни органи можат да го одбијат барањето од ставот (1) на овој член, со образложена одлука согласно со нивните законски надлежности, ако на тој начин се повредува обврската за чување класифицирани информации, сè додека надлежниот орган не ја укине таквата обврска." Секако, доколку постои и најмал сомнеж дека некое правно лице не би било кооперативно, тогаш стои на располагање и инструментот – Барање во согласност со чл. 287 од ЗКП каде што е предвидена парична казна доколку не се постапи во законскиот рок од 15 дена[48].

Што се однесува на кривичните дела од омраза со меѓународен елемент и прибирањето докази од странство, релевантен е и Законот за меѓународноправна соработка во кривичната материја[49]. Особено е важна меѓународната правна помош од

[48] Рокот поради инертноста на администрацијата е честопати пробиван, но важно е дека извршните органи генерално навреме му даваат до знаење за ЈО кога би можел да го очекува одговорот.

[49] Доколку не постои друг билатерален или мултилатерален договор што го ратификувала државата и што ја уредува оваа материја.

глава II од Законот, како: извршувањето процесни дејства; доставувањето спонтани информации; размената на определени информации и известувања; контролираната испорака; следењето комуникации; претресот на простории и лица и привременото обезбедување предмети, имот или средства што се во врска со кривично дело. Инструментот што органот на прогонот треба да го користи е „замолница". Релевантни одредби се: чл. 16 - 37.

Од аспект на ЗКП и истражните практики релевантна е и главата каде што се пропишани посебните истражни мерки. Најважната ПИМ – Следење на комуникациите се спроведува преку државно тело[50].

Во поглед на прибавувањето докази, претставува организациски и технолошки предизвик за МВР напливот на дела на говор на омраза онлајн, поточно на социјалните мрежи на интернет. Во практика кон проблематиката и методите за таквите операции на соработка на органите на кривичен прогон и овие фирми е потребно да се пристапи со претходен план, најпрво за дефинирање на компјутерските податоци што може да им бидат потребни на правосудните органи во текот на кривичната постапка; да се направи преглед и да се прибават информации за видот на компјутерските податоци што може да се добијат, каде се наоѓаат и како може да бидат обезбедени во текот на претходната постапка, во согласност со домашната меѓународноправна рамка и, на крај, да се еманираат начинот и постапката што треба да се следат при обезбедување на компјутерските податоци што би можеле да бидат потенцијален доказ во постапката и да се подготват обрасците за поднесување барања за податоци од домашни или странски интернет-сервис провајдери[51].

При поднесување на барањето за достава на компјутерски податоци, ЈО може со барање врз основа на чл. 287 од ЗКП директно да се обрати до домашниот интернет-сервис провајдер или пак тоа да го стори со наредба преку Секторот за компјутерски криминал при Министерството за внатрешни работи. Процесот, пак, на обезбедување податоци од странски интернет-сервис провајдери генерално го дефинираат протоколите и постапките на странските интернет-сервис провајдери за соработка со органите за спроведување на законот. Доколку движењето на податоци е во рамките на една држава, тогаш тоа е лесно бидејќи домицилните правни субјекти се должни да ги дадат податоците на органот што ја води постапката, а поради краткиот рок на откривање на комуникацијата меѓу IP-адресите, шансите да се добијат податоците се големи. Исто така, доколку се работи за потреба од откривање на сопственишство на домашен онлајн медиум од каде што се одвивала комуникација, тогаш органот е доволно да ја прибави информацијата од Марнет[52]. Но, за жал, ова се ретки случаи бидејќи тоа е најредок начин на комуницирање помеѓу IP-адресите.

[50] Во реалноста, и покрај желбата на законодавецот за независност на ОТА како одвоено тело од МВР надлежно за спроведување на ПИМ, специјализираната Агенција за национална безбедност на МВР е сè уште филтер за информациите што се од интерес за ОТА.

[51] Извор: Стоилковски, М./Цветановски, Ј., 2017 „Обезбедување докази во електронска форма од меѓународни и домашни интернет сервис провајдери – Краток водич за обвинители", Здружение на јавни обвинители на Република Македонија и ОБСЕ – мисија во Скопје, стр. 5.

[52] https://marnet.mk/

Интернет-сервис провајдерите што се регистрирани во САД, во согласност со актуелната законска регулатива, за потешки кривични дела имаат надлежност директно да соработуваат со претставници на органите за спроведување на законот од други држави и истовремено да обезбедуваат податоци за корисниците на нивните интернет-сервиси за корисничките активности, како и за креираните содржини од страна на корисниците на одреден сервис. Соработката помеѓу овие провајдери и органите за спроведување на законите е на доброволна основа, но треба да се има предвид дека секој провајдер поединечно има свои протоколарни особености што се објавени во форма на „процедури" за обезбедување податоци за потреби на органите за спроведување на законите. На крајот треба да се има предвид дека институционалниот јаз во справувањето со делата од омраза, а особено делата на говор на омраза, е најголем доколку станува збор за меѓународна интеракција меѓу субјектите – институции и кога посредништвото помеѓу правосудните институции се одвива класично, преку соодветните министерства за надворешни работи и по исклучиво – писмен пат.

Практика на ЈО веќе три години наназад во РСМ е ЈО на ОЈО, во случај кога ќе наиде на потреба од меѓународна соработка во кривичната материја, да се обраќа на специјализираното одделение за меѓународна правна помош на ЈОРСМ, а не директно до фирмите провајдери и хостови во странските држави. Одделението беше формирано во јануари 2021 година со цел за подобрување, воедначување и забрзување на постапката на барањата за меѓународна правна помош. Сега ова одделение ги пропратува замолниците или барањата до Министерството за правда, при што по електронски пат се препраќаат до министерствата за правда на соодветните држави (особено САД каде што се наоѓаат и најголем број од провајдерите и хостови) и оттаму во релативно брз рок пристига одговорот од компаниите за бараниот податок. Постои и алтернатива во случајот кога станува збор за држави со кои МВР на РСМ има воспоставено меѓуполициска соработка, па одделението за меѓународна соработка на ЈОРСМ да го достави барањето до МВР и оттаму да пристигне одговорот, но практиката покажа дека овој пат е подолготраен, а веројатно и од причина што кореспонденцијата не е исклучиво по електронски пат, туку со писмени пратки. Всушност, потребата да се има одговор во пишана форма мора да се нагласи во почетниот контакт во секој случај и без оглед на начинот на пристап што го избрал ЈО. Поефикасен начин на меѓународна соработка и добивање инфо (но сè уште недоволно афирмиран помеѓу ЈО) несомнено е користењето на ЈО за врски на РСМ во Европравда со седиште во ЈОРСМ во соработка со Секторот за меѓународна полициска соработка на МВР – Интерпол.

Како прогрес во сферата на јавните обвинителства се толкува и фактот дека по 10 години од транзицијата на кривичната постапка од „мешовит" во „акузаторен" вид беше екипиран и ставен во полна функција Истражниот центар во најголемото ЈО (ОЈО Скопје), како и во ОЈО Тетово и во ОЈО Куманово[53]. Таков центар постои од порано во ОЈО ГОКК, а за цело време од самиот почеток таму работат припадници на МВР (инспектори) чија специјалност се како насилничкиот криминал така и компјутерскиот криминал. Во однос на истражните центри во ОЈО Скопје, ОЈО Куманово и ОЈО Тетово екипираноста е поскромна во споредба со ОЈО ГОКК, а особено

[53] Види Правилник на ЈОРСМ за организација и работење на истражни центри од 7.2.2020 година.

во поглед на последните две јавни обвинителства каде што во истражните центри работат само по двајца инспектори. До крајот на календарската 2024 година планирано е отворање истражни центри во ОЈО Битола и ОЈО Штип.

### 6.2.2. Стапки на процесуирани случаи и обвиненија

По однос на процесуираните случаи во ЈО, во архивите на Основното јавно обвинителство – Скопје можеше да се најдат повеќе негативни мериторни јавнообвинителски одлуки со кои или се отфрлила кривичната пријава за некое вакво дело или, пак, се одлучило дека нема место за јавнообвинителска интервенција. Имено, постои официјален податок од 2023 година за ОЈО Скопје дека само во 2021 година за 4 кривични дела од областа на говорот на омраза[54] пристигнале вкупно 19 кривични пријави и истата година за 17 од нив (90 %) била донесена одлука – Решение за отфрлање на кривичната пријава[55].

Како одговор на покачената стапка на дела на говор на омраза (Ковид-19), државата мора да води сметка и да воспостави механизам за превенција на говорот на омраза. Правосудните органи се стожерот во таквата идна стратегија за справување со проблемот. Според начелото 5 од Препораката на Совет на Европа бр. R (97) 20 во врска со „говорот на омраза", се бара со националните закони и практики да им се овозможи на надлежните тела од обвинителството да обрнат посебно внимание, колку што им дозволува нивната слобода на одлучување, на случаите што вклучуваат говор на омраза.

Во поглед на прибраните податоци за потребите на конкретнава анализа збирно, ОЈО (Без ОЈО Ресен и ОЈО ГОКК) за периодот 2019 – јуни 2024 година пријавиле дека примиле 18 случаи на кривични дела од омраза и 265 случаи на говор на омраза. Од сите овие случаи имало 106 предмети што добиле епилог – осудителна пресуда. И од сите тие случаи само за 15 било означено дека се „дела од омраза" во Системот за управување со предмети (Case Managment System). За 103 случаи сè уште се водела постапката, а за преостанатите или биле отфрлени кривичните пријави или биле предадени на месна надлежност на друго ОЈО.

Како што може да се види од одговорите на дел од ОЈО (Кичево, Струмица, Гостивар, Тетово...), тие главно не правеле разлика во ставовите од членовите на Кривичниот законик, дали делото било сторено од пристрастен мотив. Ова и покрај тоа што системот за управување со случаи обезбедува опција за кликнување на копчето „криминал од омраза" доколку тоа било случај, па со тоа претставува електронска алатка што значително го поедноставува процесот за водење евиденција за овој вид дела. Очигледно поради занемарливото користење на оваа алатка што потенцијално, ако се користела, ќе придонесеше кон прецизни и концизни податоци, голем дел ОЈО обезбедија општи и опширни податоци што ги опфаќаат сите кривични дела според одреден член и став, без разлика дали тие вклучувале дела од омраза или општи кривични дела.

---

54 Кривични дела од: чл. 394-г од КЗ, чл. 144 ст. 4 од КЗ, чл. 319 од КЗ и чл. 417 од КЗ.

55 Извор: Маркоски, А., „Анализа за утврдување на институционалниот јаз во однос на регистрирањето и обработката на говорот на омраза во Република Северна Македонија", Хелсиншки комитет за човекови права, Скопје, 2023, линк: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/analiza_institucionalenjaz_web_disklejmer.pdf

Само две ОЈО обезбедија копии од обвиненија (Велес и Охрид), додека ОЈО Кичево изјавија дека немале практика во нивната администрација да го проверуваат полето „криминал од омраза" во системот за управување со предмети „Кејс менаџмент" што претставуваше значаен предизвик за анализата. Сепак, авторите добија продуктивна информација дека од јуни 2024 година има јавна обвинителка во ОЈО Скопје назначена како лице за контакт и одговорна да ги следи постапките за делата од омраза (и кривичните дела што вклучуваат дискриминација)[56]. За потребите на оваа анализа, на 4.9.2024 беше остварено интервју со назначената обвинителка. За време на интервјуто таа даде податок за  ЈО Скопје за тековната 2024 година, и тоа за: постоење и тековна работа во ОЈО Скопје на 1 предмет со назнака „КО" (кривична одговорност) и еден предмет со шифра „РО" (разно)[57], при што за првиот предмет од страна на надлежниот ЈО во текот на 2024 година била донесена одлука – Решение за отфрлање на кривична пријава, а во вториот предмет постапката на прибирање претходни информации и докази од страна на друг надлежен ЈО била сè уште во тек. Таа дополни и тоа дека во изминатите речиси 5 години никој не ја штиклирал и означил опцијата – криминал од омраза во системот каде што се внесуваат податоци за тековните предмети – „Кејс менаџмент".

### 6.2.3. Анализа на обвиненија

На располагање на авторите на оваа анализа беа доставени вкупно 14 анонимизирани обвиненија. Од нив 7 обвиненија достави ОЈО Охрид, а 7 обвиненија достави ОЈО Велес. Од вкупниот број доставени обвиненија всушност најголем број (10) се предлози за издавање казнен налог, а 4 (четири) се обвинителни предлози. Обвинителни акти не беа доставени[58].

### Охридските обвиненија

Видно од охридските предлози за издавање казнен налог и два обвинителни предлози, се издвојуваат обвинителните предлози со иста назнака КО бр.18/2023 што се против вкупно – двајца, одвоени обвинети, но кои како соизвршители сториле кривично дело – Тешка телесна повреда од чл. 131 ст.1 вв ст. 2 вв чл. 22 од КЗ, па оттаму и конекситетот поради кој и двете обвиненија имаат иста јавнообвинителска бројка. Очекувано, по двата обвинителни предлози се водела единствена, споена кривична постапка во Основниот суд Охрид. Во случајот е оштетено едно машко лице од

[56] Линк: https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2024/05/obvinitelski-pechat-br.2.pdf.

[57] Вообичаена класификација на предметите, при што ознаката „КО" претставува предмети со поголема сериозност (каде што е утврден основот на сомнение дека било сторено кривично дело) отколку предметите со ознака „РО" каде што вообичаено или постојат само индиции за сторено кривично дело или, пак, не постојат ниту индиции, а каде што се заведуваат и предмети што се формирале по поднесени несериозни или нејасни кривични пријави. Види видови уписници од чл. 69 од Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства („Службен весник на РСМ" бр. 190/2021). Достапно на: http://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=57258

[58] Во согласност со ЗКП, обвинителни акти се поднесуваат откако била спроведена истрага, а, пак, ако станува збор за полесни кривични дела (со предвидена казна затвор до 5 години максимум) каде што не се спроведува формална истрага (иако се спроведуваат истражни дејства), позитивниот акт на ОЈО за кривичен прогон се нарекува „обвинителен предлог".

бугарската етничка заедница. Случајот беше медиумски експониран, а низ самата кривична постапка имаше меѓународни импликации бидејќи оштетениот најпрвин се лекуваше од здобиените повреди во Р Бугарија, а потоа главните расправи беа пратени како од претставници на бугарската дипломатска мисија во РСМ (бидејќи во меѓувреме оштетениот стана и бугарски државјанин) така и од претставници од бугарските медиуми[59].

Може да се констатира дека во текот на претходната предистражна постапка надлежниот ЈО постапувал совесно и професионално со претпазливост спрема сите индиции дека во кривичноправниот настан било сторено дело од омраза. Во текот на претходната постапка надлежниот ЈО се погрижил да прибави многубројни материјални докази од типот на: снимки од видеонадзор, листинзи од направени телефонски разговори; медицинска документација на име на оштетениот; медицинско вештачење; било извршено препознавање на лице (и тоа констатирано на записник, како и со видеоснимка); а се погрижил и сите протагонисти да бидат испитани со дополнително испитување двајца сведоци.

Што се однесува на другите доставени одлуки од страна на ОЈО Охрид, а кои се пет предлози за издавање казнен налог, во очи паѓа Предлогот КО бр. 232/2021 од 21.2.2024 година поднесен против едно лице за кривично дело – Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем од чл. 394-г ст.1 од КЗ. Описот на делото во диспозитивот целосно одговара на дело на говор на омраза бидејќи вербално е нападната заштитена карактеристика – општествен статус. Оштетениот како поединец не е идентификуван, туку се напаѓа полицијата како јавна служба. Нешто слично се однесува и на Предлогот КО бр. 127/20 од 26.6.2022 година, кој е исто така поднесен против едно лице и за истото кривично дело. Но, во овој случај вербално се нападнати судиите и извршителите како фела, а повторно не е идентификуван поединец жртва. Неспорно е дека оваа заштитена карактеристика – општествен статус е наведена во законскиот опис и битие на кривичното дело од чл. 394-г ст.1 од КЗ, но мора да се има предвид дека таа не е дел од лепезата заштитени карактеристики наведени во чл. 122 т. 42 од КЗ и со тоа (а и со modus operandi) овие случаи не може да претставуваат дела од омраза, туку дела на говор на омраза како криминолошка поткатегорија на вербалните деликти и нивна најекстремна експресија Од друга страна, по однос на преостанатите три охридски предлози КО бр. 97/22 од 8.4.2022 година, КО бр. 98/19 од 30.12.2020 година и КО бр. 678/21 од 4.1.2024 година, во сите нив станува збор за кривичен прогон спрема поединци што одделно сториле по едно кривично дело – Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем од чл. 394-г ст. 1 од КЗ, но каде што објект на заштита претставуваат политички функционери, од типот на: тогаш актуелен претседател на Владата на РСМ или тогаш актуелни пратеници во Собранието на РСМ. Неспорно е дека обвинетите во своите вербални деликти, односно писанија на социјалната мрежа „Фејсбук“ изразувале желба за смртни исходи и судбини на носители на власта, но надлежните ЈО притоа мораle да се осигурат во сериозноста на намерите и мотивите на сторителите, бидејќи, имајќи

[59] https://www.dw.com/mk/kamerite-pristignaa-dali-i-pendikov/a-64838559

ја предвид практиката на Судот во Стразбур, овие случаи лесно би можеле да се протолкуваат и како демонстрирање на демократското право на слобода на говор и легитимна политичка компетиција со употреба на пропагандистички бомбастични слогани. Така што, сето зависи од околностите и прибавените материјални и вербални докази, а за такво нешто – постоење на цврсти докази, од страна на ОЈО Охрид не беше доставена писмена документација како докази, ниту, пак, истите тие може да се констатира дека биле прибавени во текот на предистражните постапки со едноставно читање на самите предлози (Поради природата на самиот предлог за издавање казнен налог, а кој во согласност со закон се поднесува до Судот без акт – Листа на докази).

## Велешките обвиненија

ОЈО Велес даде еден од најсеопфатните одговори по однос на бараните информации, при што во прилог на одговорот достави 5 (пет) предлози за издавање казнени налози и 2 (два) обвинителни предлози. Но, ако се анализираат петте предлози, тогаш се констатира дека ниеден од нив не се однесува на дело од омраза. Имено, Предлогот КО бр. 534/22 од 20.6.2023 година е поднесен против едно лице за кривично дело – Телесна повреда од чл. 130 ст. 3 вв ст. 1 од КЗ, но во кривичноправниот настан станува збор за физички напад на еден соселанец спрема друг поради одмазда дека нападнатиот соселанец го пријавил претходно напаѓачот во МВР за противправна сеча на дрва. Во случајот и напаѓачот и нападнатиот припаѓаат на истата етничка заедница. Всушност, дејството би можело да биде инкриминирано, но исполнето е само битието на чл. 130 ст. 1 од КЗ, а тој во согласност со ст. 5 од истиот член се гони по приватна тужба. Истото нешто се забележува и по однос на Предлогот КО бр. 360/23 од 17.10.2023 година, но таму станува збор за сторител – едно лице и сторено кривично дело – Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 3 вв ст. 2 вв ст. 1 од КЗ, а всушност во кривичноправниот настан едно лице поради нерасчистени имотно-правни односи им се заканувал на двајца негови сограѓани што биле од иста етничка заедница како и заканувачот. И во овој случај дејството би можело да биде инкриминирано, но исполнето е само битието на чл. 144 ст. 1, а тој во согласност со чл. 144 ст. 6 се гони по приватна тужба.

Што се однесува на другите 3 (три) предлози за издавање казнен налог: КО бр. 366/21 од 30.12.2021 година, КО бр. 74/19 од 3.4.2019 година и КО бр. 298/19 од 25.9.2019 година, сите тие се однесуваат на сторено по едно кривично дело – Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 4 од КЗ, но во сите нив не постои доказ дека било исполнето битието на делото, бидејќи нема доказ дека станувало збор за доволно силна и сериозна закана. Овој квантум на неправо е неопходен да постои во конкретното кривично дело што во повеќето други законодавства едноставно се нарекува – Закана[60]. Инаку во два од случаите се напаѓаат општествените статуси на оштетените како надредени на обвинетите, во смисла на нивни работодавци или стопанственици (КО бр. 366/21 и КО бр. 298/19). За сите споменати и анализира-

[60] Види чл. 139 од КЗ на Р Хрватска.

ни предлози биле донесени првостепени осудителни предлози со кои се издале казнени налози и изречени алтернативни мерки – условни осуди. Во последниот случај, Предлогот КО бр. 74/19, нападнатата заштитена карактеристика е – политичко уверување, но не била донесена пресуда за издавање казнен налог, туку била донесена пресуда врз основа на признание на вина со која на сторителката ѝ била утврдена условна осуда.

Што се однесува на обвинителните предлози на ОЈО Велес со КО бр. 554/2020 и КО бр.342/21, и двата се однесуваат на кривичното дело – Загрозување на сигурноста од чл. 144 од КЗ. Во првиот случај (КО бр. 554/2020) обвинението е поднесено против еден сторител за кривичното дело – Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 4 од КЗ и од диспозитивот на истото е видно дека предмет на заштита се две лица што се нападнати поради нивниот личен и општествен статус како заштитена карактеристика. Од доказите што се предлагаат е видно дека надлежниот ЈО се погрижил да прибави психолошки вештачења за состојбата на оштетените, како и материјален доказ – извадок од електронската комуникација. Заклучок е дека станува збор за апсолутно издржано обвинение за кое има информација дека била донесена Пресуда врз основа на признание за вина на Основниот суд Велес К бр. 71/21 од 5.4.2021 година, а со која обвинетиот бил осуден на алтернативна мерка – условна осуда. Сепак, во случајов не станува збор за дело од омраза бидејќи заштитената карактеристика „личен и општествен статус" не е дел од дефиницијата за дело од омраза од чл. 122 од КЗ, туку во случајов станува збор за дело на говор на омраза.

Сличен и позитивен е примерот и со обвинителниот предлог КО бр. 342/21 од 18.10.2021 година поднесен против едно лице за кривичното дело – Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 вв ст. 1 од КЗ. Од диспозитивот на обвинението се гледа дека станува збор за случај на вербален и телесен напад на едно лице (со фаќање за врат) против негов сограѓанин од друга – малцинска етничка припадност само поради тоа што на неговата тераса оштетениот си го истакнал знамето на матичната држава на неговата етничка заедница. Видно од образложението на обвинението, надлежниот ЈО се погрижил да прибави материјални докази од типот на: медицинска документација на име на оштетениот и извод од казнена и крим. евиденција на име на обвинетиот, како и да го испита оштетениот на записник во предистражната постапка. По однос на ова обвинение, Основниот суд Велес донел пресуда со која го ослободил обвинетиот од обвинението, но во жалбена постапка Апелациониот суд Скопје донел пресуда КЖ бр. 903/23 од 5.4.2024 година со која обвинетиот бил осуден со условна осуда. Во образложението на пресудата повисокиот суд прецизно го лоцира моментот дека станува збор за дело од омраза, а за благата санкција аргументира со фактот на постоење на претежни олеснителни околности – во прв ред дека станува збор за неосудувано лице.

# 7. Судски исходи и практика на изрекување казни

За целите на анализата, беа побарани и добиени податоци од 31 суд (сите основни и апелациони судови во државата) и од Судскиот совет. Бараните податоци се однесуваа на:

- Вкупниот број завршени и тековни предмети, за секое кривично дело посебно[61] и бројот под кој се заведени;
- Статистички податоци за вкупниот број предмети во кои е означено полето „криминал од омраза" во судскиот систем за управување со предмети (ACMIS); и
- Достава на сите правосилни и неправосилни судски одлуки, доколку тие не се достапни порталот www.sud.mk.

Дел од судовите испратија податоци според кривичното дело за кои тие беа побарани, додека другите известија единствено за вкупниот број регистрирани предмети. Дел од овие институции испратија податоци за бројот на предмети според членот на кривичното дело од Кривичниот законик (основно кривично дело), а дел и за конкретните ставови од тие кривични дела што се однесуваат на дела од омраза. Само мал број судови испратија копии од пресуди, односно повратните одговори содржеа само регистарски број на предметите. Дел од судовите испратија голем број регистарски броеви од предметите, но по дополнителна проверка беше утврдено дека не се работи за дела од омраза. Само мал број судови известија дека било означено полето „криминал од омраза" во ACMIS. За да се надмине ваквото ограничување, беше извршено обемно истражување преку датабазата на одлуки достапна преку судскиот портал www.sud.mk, при што беа идентификувани и обработени 64 пресуди од областите криминал од омраза и говор на омраза. Овие пресуди се однесуваат на 56 судски предмети, осум од кои биле разгледувани од страна на второстепен суд.

## 7.1 Пресуди според област и кривичното дело




Податоците ја прикажуваат распределбата на предметите поврзани со говор на омраза и криминал од омраза, со нагласена доминација на предмети поврзани со говор на омраза. Конкретно, 55 предмети се категоризирани како говор на омраза, што претставува мнозинство од пријавените предмети, додека 9 предмети се поврзани со криминал од омраза. Оваа значителна разлика сугерира дека говорот на омраза е почесто адресиран феномен во споредба со

[61] Во согласност со наведените кривични дела во поднасловите 5.4.1 и 5.4.2 погоре.

криминалот од омраза, што може да се припише на јавната природа и видливоста на говорот на омраза, особено во онлајн просторот. Помалиот број пријавени кривични дела од омраза е можен индикатор на недоволно пријавување, предизвици во препознавањето на мотивацијата од предрасуди или бариери во кривичното гонење. Овој наод ја потенцира потребата за зголемени напори во превенцијата на говорот на омраза, како и во идентификацијата и процесирањето на криминалот од омраза во насока на адресирање на целосниот спектар на дела мотивирани од предрасуди.




Од судовите беа побарани податоци за вкупно 23 кривични дела поврзани со говор на омраза или криминал од омраза (види поднаслови 5.4.1 и 5.4.2 погоре). Според повратните податоци, судовите одлучувале по пет од овие кривични дела, а не беа идентификувани предмети поврзани со другите 18 кривични дела. Две од кривичните дела се однесуваат на криминал од омраза, додека три се однесуваат на говор на омраза. Најчестото дело со 35 предмети е ширењето расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски системи, што ја нагласува зачестеноста на говорот на омраза онлајн. Потоа следуваат 12 предмети што вклучуваат предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор и нетрпеливост, што укажува на значителна појава на запаливи активности насочени кон заедниците во општеството. Други позначајни дела вклучуваат телесна повреда (четири предмети), загрозување на безбедноста (три предмети) и насилство (два предмети). Оваа распределба го нагласува критичниот придонес на интернетот како подобна платформа за извршување дела поврзани со омраза, при што истовремено се истакнува разновидноста

на овие кривични дела, опфаќајќи физичка повреда и закани по јавната безбедност. Овие наоди укажуваат на потребата од насочени стратегии за справување со онлајн ширењето на омразата, како и со поширокиот спектар на криминал од омраза.

## 7.2 Пресуди според пристрасната мотивација




* Дел од предметите поврзани со говор на омраза и кривични дела од омраза содржат две или повеќе пристрасни мотивации, па оттаму и поголемиот број пристрасни мотивации отколку предмети.

Податоците ја прикажуваат распределбата на инцидентите од омраза според пристрасната мотивација укажувајќи на неколку клучни фактори. Политичкото уверување е водечка пристрасна мотивација со 18 предмети, а веднаш зад неа е етничката припадност со 16 предмети. Ова укажува на тоа дека политичките тензии и етничките поделби се главни двигатели на инцидентите поврзани со омраза. Други значајни категории вклучуваат национална припадност со осум предмети и религиозно уверување со пет предмети, што дополнително ги рефлектира општествените поделби. Иако сексуалната ориентација и полот се поретки мотиви, тие имаат присуство со шест и три предмети соодветно. Овие податоци го нагласуваат сложениот карактер на инцидентите од омраза, при што политичките и етничките мотиви доминираат, но не се исклучени и другите форми на пристрасност. Оваа разновидна распределба укажува на потребата од сеопфатни политики што ќе се справуваат со различните форми на омраза бидејќи ниту една мотивација не може да се гледа како изолирана. Особено важноста на справување со политичките и етничките тензии се издвојува како приоритет за намалување на инцидентите поврзани со омраза.

Кога ќе се споредат податоците од Хелсиншкиот комитет за човекови права за говор на омраза и криминал од омраза (види поднаслови 5.4.1 и 5.4.2 погоре) со официјалните судски податоци, важно е да се нагласи временската разлика – податоците на Хелсиншкиот комитет опфаќаат период од 10 години, додека судските податоци опфаќаат пет години. За да се надмине оваа разлика, споредбата може да се базира на проценти наместо на апсолутни бројки.

Според податоците на Хелсиншкиот комитет, етничката припадност е најчестиот мотив за пристрасност што претставува околу 50 % од случаите. Наспроти тоа, судските податоци покажуваат дека околу 20 % од случаите се мотивирани од етничка припадност. Оваа значителна разлика укажува на потценување на случаите мотивирани од етничка пристрасност во обвинителските и следствено судските постапки, иако тие доминираат во извештаите на Хелсиншкиот комитет. Сексуалната ориентација се појавува како втор најчест мотив во извештаите на Хелсиншкиот комитет, со учество од околу 27 %. Меѓутоа, во судските податоци сексуалната ориентација е мотив во само 8,5 % од случаите, што укажува дека многу инциденти поврзани со сексуалната ориентација не стигнуваат до судовите. Дел од можните причини за оваа состојба вклучуваат страв на жртвите да ги пријавуваат овие дела поради секундарна виктимизација, недоверба во институциите, недоволна свест за правата, непостоењето на соодветна правна заштита и сервиси за поддршка на жртвите, притисоци од семејството или заедницата и непрепознавањето на мотивот на предрасуди од страна на институциите. Во категоријата на политичко уверување, податоците на Хелсиншкиот комитет покажуваат дека околу 20 % од случаите се мотивирани од оваа пристрасност, додека судските податоци покажуваат околу 25 %. Иако процентите се повеќе усогласени во оваа категорија, значително помалиот вкупен број случаи во судовите сугерира дека политички мотивираните инциденти исто така може да бидат слабо пријавувани или процесирани. За националната припадност и религијата, податоците на Хелсиншкиот комитет покажуваат околу 8 % и 3 %, соодветно, во споредба со околу 11 % и 7 % во судските податоци. Иако овие категории се пропорционално повеќе присутни во судските случаи, апсолутните бројки остануваат мали, што укажува на предизвици при адресирањето на овие мотиви на пристрасност во правниот систем.

Со акцентирање на процентите и земање предвид на разликите во временските рамки, станува јасно дека извештаите на Хелсиншкиот комитет нудат поширока рефлексија на инцидентите мотивирани од пристрасност, особено во области како сексуална ориентација и етничка припадност, што укажува дека овие инциденти се значително потценети во судските постапки. Ова укажува на потребата од подобрување на механизмите за обезбедување подобро пријавување, препознавање и процесирање на делата мотивирани од омраза во сите категории.

## 7.3 Судски исходи




Прикажаниот Графикон дава увид во судските исходи на случаите поврзани со криминал од омраза и говор на омраза. Еден од главните наоди е значителното користење на казнените налози како метод на постапување од страна на обвинителствата и судовите. Со 30 случаи решени преку овој забрзан процес, јасно е дека овој пристап е претпочитан во повеќето случаи. Казнените налози обично се користат за помалку комплексни случаи, најчесто кога постојат јасни докази и кога обвинетиот, откако го добил налогот по пошта, ја прифаќа одговорноста без да се жали, со што не започнува судење и пресудата станува правосилна[62]. Иако ова овозможува побрзо решавање на случаите, се отвораат две важни прашања: дали сериозноста на делата мотивирани од омраза е соодветно третирана и дали обвинетите имале реална можност за одбрана? Можниот одговор на овие прашања следува подолу во оваа анализа. Говорот на омраза и криминалот од омраза често имаат далекосежни општествени импликации, а нивното решавање преку забрзани постапки можеби не ја отсликува целосната потреба за подлабока судска анализа и пропорционално казнување.

Судењата претставуваат втор најчест судски исход, со 20 предмети што биле решени преку целосна судска постапка. Ова го одразува ангажманот на судскиот систем да ги разгледа случаите каде што доказите или околностите се покомплексни или каде што обвинетите ги оспоруваат обвинувањата. Релативно високата бројка на судења укажува дека многу случаи на криминал од омраза и говор на омраза

[62] За повеќе информации во врска со казнениот налог види Глава XXXI од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РСМ" бр. 150/2010, достапен на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/BDBF29F810D5E9468FC65FA542B857B3.pdf

бараат темелна правна оцена, што може да биде показател за сериозноста на делата или предизвиците при докажување на пристрасната мотивација пред судот.

Девет случаи биле решени преку признавање вина во текот на главната судска расправа[63]. Признавањето вина може да го забрза правниот процес и да го намали товарот врз судовите, но исто така отвора важни прашања за тоа дали казните се соодветни, што е тема на анализа подолу. Делата мотивирани од омраза имаат длабоко влијание и врз поединечните жртви и врз општеството, па затоа е клучно исходите од ваквите случаи да испратат јасна порака дека овие дела ќе бидат сериозно санкционирани.

Графиконот исто така покажува дека два случаи резултирале со повторена постапка, што може да укаже на процесни грешки или на појава на нови докази што бараат преоценување на првичната пресуда. Повторените постапки можат значително да го продолжат судскиот процес, предизвикувајќи одложувања во испораката на правдата. Оваа појава сугерира и потенцијални слабости во почетното постапување со овие случаи, што укажува на потребата за зајакнување на правните процедури и капацитетите при справување со делата од омраза. Интересно е што само еден случај завршил со одбивање обвинение, што може да значи дека кога обвиненијата за дела од омраза ќе стигнат до судот, тие најчесто се поткрепени со доволно докази. Дополнително, еден случај е решен преку спогодба, што е редок настан во случаите на делата од омраза поради нивната сериозност. Спогодбите генерално вклучуваат договор меѓу обвинетиот или обвинетите и јавното обвинителство потврдено од судот.

Графиконот покажува дека судскиот систем претежно се потпира на казнени налози и судења за решавање на случаите на дела од омраза. Иако овие исходи ја одразуваат практичната потреба за ефикасност во решавањето на случаите, тие исто така отвораат важни прашања за тоа дали правниот процес адекватно ја одразува сериозноста на делата од омраза. Податоците укажуваат дека, иако судењата остануваат значаен метод за решавање на овие случаи, честата употреба на казнени налози може да го разводни целокупното влијание на судските одговори на делата мотивирани од омраза. Потребно да се испита дали сегашниот пристап доволно ја адресира пошироката општествена штета предизвикана од овие дела и дали построги правни последици би можело да служат како посилен одвраќач против идните можни сторители.

[63] *Ibid*. Член 381.

## 7.4 Пресуди и изречени казни




Од Графиконот јасно се гледа дека условните осуди доминираат, со 46 случаи што завршиле со ваков исход. Оваа бројка значително ја надминува бројката на изречени затворски казни и ослободување од обвинение со по само 4 случаи. Сите затворски казни се однесуваат на криминал од омраза, односно не била изречена ниту една затворска казна во предметите поврзани со говор на омраза. Условните осуди претставуваат многу поопшт метод на казнување и се користат кога судот смета дека сторителот не треба веднаш да биде подложен на издржување затворска казна, сепак треба да се подложи на одреден надзор. Овој пристап може да биде контроверзен во контекст на делата од омраза, бидејќи таквите дела често имаат поголемо општествено влијание и создаваат атмосфера на страв и несигурност помеѓу засегнатите групи. Постојаната употреба на условни осуди може да го намали одвраќачкиот ефект на казненоправните мерки, особено ако сторителите на овие дела не добиваат посериозни санкции.

Ослободувањето од обвинение, присутно во четири предмети, укажува дека судот не нашол доволно докази за да го осуди обвинетиот. Овој исход покажува дека во мал број случаи или доказите не биле доволно силни, или обвинението не било соодветно подготвено за да обезбеди осуда. Сепак, нискиот процент на ослободувања сугерира дека кога случаите стигнуваат до судење, повеќето од нив се успешно процесирани и завршуваат со одредена форма на осуда. Изрекувањето затворски казни, исто така присутно во 4 случаи, сугерира дека судовите сметаат само ограничен број случаи како доволно сериозни за да бараат лишување од слобода. Ова може да ја отвори дебатата дали казнената политика за дела од омраза е доволно

строга за да ги одврати идните можни сторители, особено во контекст на дела што ги загрозуваат општествената кохезија и безбедност.




Графиконот дава детална слика за различните видови изречени казни во случаи поврзани со криминал од омраза и говор на омраза. Очигледно е дека условните казни се најчесто применетиот вид на казна, при што во 30 предмети сторителите добиле три месеци затвор, одложени на период од една година. Ова покажува дека условните казни се примарен пристап во решавањето на ваквите дела, овозможувајќи им на осудените лица да избегнат затвор доколку не направат ново кривично дело во текот на периодот на проверка, предвиден во условната казна. Иако овој пристап нуди одредена флексибилност и можност за рехабилитација, се поставуваат прашања дали ваквите казни имаат доволна тежина за да бидат одвраќачки за идни дела. Во шест предмети, обвинетите лица добиле казна од една година затвор, одложена за период од две години. Ова укажува на тоа дека, иако се препознава сериозноста на делата, условната природа на казните сè уште ја отсликува наклонетоста на судскиот систем кон поблаги мерки. Условната осуда му дозволува на судот да наметне условена казна затвор без веднаш да може да се изврши затворска казна, што сугерира дека судот се стреми да ја балансира казната со можноста за рехабилитација.

Постојат неколку случаи со различно траење на казните, во три предмети против обвинетите бил изречен затвор од шест месеци, одложен на период од една година. Во два предмета, од непознати причини, казната е анонимизирана, односно не се наведени точните податоци за изречената казна. Во два предмета против

обвинетите била изречена затворска казна (помеѓу 6 месеци и 3 години), што е највисоката изречена казна од сите анализирани предмети.

Овие податоци укажуваат дека судовите имаат можност да определат различни опции за казнување, но доминантната зависност од условни казни укажува дека правниот систем претпочита решенија што не вклучуваат директно лишување од слобода. Сепак, малиот број затворски казни го отвора прашањето за тоа дали ваквиот пристап е доволно силен за да ги одврати идните сторители и соодветно да го одрази општествениот штетен ефект на овие дела. Фактот дека само неколку сторители добиле затворска казна може да укаже на потребата од построга казнена политика, особено за посериозните или повторени кривични дела.

## 7.5 Анализа на судските одлуки поврзани со говор на омраза

При анализата на судските одлуки за говор на омраза, важно е да се процени дали судските одлуки се во согласност со меѓународните стандарди за човекови права, особено со Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и практиката на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). Националните судови, иако го применуваат домашно право, имаат обврска да го следат и меѓународното право, кое е дел од домашното правно уредување. ЕСЧП ја разгледува слободата на изразување преку член 10 од ЕКЧП, но исто така утврдува дека ова право може да биде ограничено за да се спречат изрази што поттикнуваат омраза, насилство или дискриминација. Говорот на омраза не ужива заштита кога претставува закана за јавната безбедност, моралот или правата на другите. ЕСЧП применува неколку критериуми при процената на случаите, како што се намерата на говорникот, контекстот на изразувањето, содржината на говорот и неговите потенцијални последици. Овие фактори се клучни за утврдување дали говорот е заштитен или претставува говор на омраза што подлежи на санкции.

### Намера на говорникот

ЕСЧП ги испитува намерите зад изразувањето. Доколку е јасно дека изјавата е направена со цел да предизвика омраза или насилство против одредена група, тогаш таа изјава може да биде класифицирана како говор на омраза. Во случајот Sürek v. Turkey (No. 1)[64] ЕСЧП утврди дека повикот на насилство против одредени групи е несоодветен и не е заштитен под член 10.

### Контекст на изразувањето

ЕСЧП разгледува дали изразувањето е направено во политички или општествено чувствителен контекст. На пример, во случајот Erbakan v. Turkey[65] ЕСЧП истакна дека говорите што се одржуваат во политички контексти и што промовираат верска или етничка нетолеранција треба да бидат внимателно анализирани. Изјавите направени во средини каде што постои висок ризик од насилство и нетолеранција имаат поголем потенцијал да бидат класифицирани како говор на омраза.

[64] Sürek v. Turkey (No. 1), Application No. 26682/95, Judgment of 8 July 1999.

[65] Erbakan v. Turkey, Application No. 59405/00, Judgment of 6 July 2006.

## Природа и содржина на изразот

ЕСЧП проверува дали изјавата содржи експлицитен или имплицитен повик на насилство, омраза или дискриминација. Во случајот LePen v. France[66] ЕСЧП заклучи дека расистичките изјави против муслиманската заедница не се заштитени со членот 10 од ЕКЧП бидејќи тие ги поттикнуваа јавната омраза и дискриминација врз основа на етничка и религиска припадност.

## Последици од говорот

ЕСЧП ја разгледува и можноста говорот да предизвика реални и штетни последици. Доколку говорот има потенцијал да предизвика насилство или сериозни социјални тензии, ЕСЧП смета дека тој не треба да биде заштитен. Во случајот Norwood v. The UnitedKingdom[67] ЕСЧП истакна дека јавните изрази што повикуваат на дискриминација и омраза против верски групи, како што е исламот, се сметаат за неприфатливи и можат да предизвикаат социјални немири.

## Баланс помеѓу слободата на изразување и јавниот интерес

ЕСЧП секогаш балансира помеѓу правото на слобода на изразување и јавниот интерес за одржување социјална хармонија и заштита на правата на другите. Во случајот Gündüz v. Turkey[68] Судот ги проценуваше изразите на верски лидер и заклучи дека, иако неговите изјави биле провокативни, тие не биле доволно екстремни за да се сметаат за говор на омраза.

## Пропорционалност на ограничувањето

ЕСЧП исто така проверува дали ограничувањата на изразувањето се пропорционални на целта. Во случајот Handyside v. The United Kingdom[69] ЕСЧП воспостави принцип дека слободата на изразување важи не само за информации и идеи што се позитивно прифатени, туку и за оние што навредуваат, шокираат или вознемируваат. Сепак, кога е во прашање говорот на омраза, потребно е ограничувањата да бидат јасно дефинирани и пропорционални на целта, како што е спречување дискриминација или насилство.

## Мерки преземени од државата

ЕСЧП разгледува дали националните власти преземале соодветни мерки за заштита од говор на омраза. Во случајот Perinçek v. Switzerland[70] ЕСЧП анализираше дали криминализацијата на негирањето на геноцидот претставува прекршување на членот 10 од ЕКЧП. Судот утврди дека санкционирањето на одредени форми на говор

---

66 Le Pen v. France, Application No. 18788/09, Decision of 20 April 2010.

67 Norwood v. The United Kingdom, Application No. 23131/03, Decision of 16 November 2004.

68 Gündüz v. Turkey, Application No. 35071/97, Judgment of 4 December 2003.

69 Handyside v. The United Kingdom, Application No. 5493/72, Judgment of 7 December 1976.

70 Perinçek v. Switzerland, Application No. 27510/08, Judgment of 15 October 2015.

може да биде оправдано доколку го штити јавниот интерес, но тоа мора да биде соодветно мерено.

Во оваа анализа на судските исходи поврзани со говорот на омраза овие критериуми се од особена важност. Преку разгледување на природата на изјавите, нивниот контекст и потенцијалните последици, ќе биде оценето дали тие се соодветно адресирани, во согласност со стандардите поставени од ЕСЧП.

### 7.5.1 Политичкото уверување

Најголемиот број судски одлуки за говор на омраза се однесуваат на политичкото уверување или припадност како признаена заштитена карактеристика во националното законодавство (18). Сите судски предмети што се однесуваат на оваа карактеристика се иницирани во рамки на кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од член 394-г став 1 од Кривичниот законик. 13 од пресудите се донесени со казнен налог, додека другите пет пресуди следувале по признание на вина за време на главната расправа. Ова значи дека ниту еден од овие предмети не стигнал до второстепен суд, затоа што не била дозволена жалба. Ниту еден сторител не бил казнет со затворска казна. Против сите сторители била изречена условна осуда, која се движи од тримесечна затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од една година до една година затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од две години.

Мнозинството предмети се однесуваат на говор на омраза на социјалните мрежи, особено на „Фејсбук". Сторителите најчесто објавувале статуси, коментари или слики што според основните судови (ОС) претставуваат говор на омраза. Примерите вклучуваат закани, повици за насилство, пцости, навреди и клевета против именувани и избрани функционери и членови на политички партии. Голем број од овие предмети се однесуваат на измените на Уставот од 2021 година за промена на името на државата, додека дел се поврзани со КОВИД пандемијата и процесот на вакцинација. Во пресудата К-12/21 на ОС Берово осудената објавила слика со јамка бесилка и повикала на јавно бесење на пратениците на плоштад. Во пресудите К. бр. 5/24 и К. бр. 54/23 на ОС Гевгелија, К. бр. 183/20 на ОС Кичево, К. бр. 253/2019 на ОС Штип, К. бр. 150/22 на ОС Радовиш, К-50/21 и К-102/22 на ОС Виница осудените преку коментари повикале на бесење, обезглавување, убиство и погребување на премиерот. Во пресудите К-57/24 на ОС Кочани, К. бр. 427/22 на ОС Штип, К. бр. 42/23 на ОС Струмица и К. 319/22 на ОС Велес осудените повикале на бесење на министерот за внатрешни работи и други јавни функционери. Во пресудата К-95/21 на ОС Прилеп осудениот посакал да има закон за јавно бесење на членови на опозициска партија. Во пресудата К. бр. 119/2024 на ОС Кичево осудениот повикал на убиство на претседател на политичка партија. Во пресудата К. бр. 87/2023 на ОС Струмица осудениот повикал на ликвидација на министерот за здравство. Во пресудата К. бр. 60/2023 на ОС Струмица осудениот упатил пцост и навреда кон министерот за внатрешни работи.

### 7.5.2 Етничка припадност

На второ место по бројот на судски одлуки за говор на омраза се оние што се однесуваат на етничката припадност како заштитена карактеристика (13). Два од овие предмети содржат интерсекциска пристрасна мотивација, односно едниот се однесува и на етничката припадност и на верско уверување, а другиот на пол, етничка припадност и верско уверување. 11 од овие судски предмети се иницирани во рамки на кривичното дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа" од член 319 став 1, додека два под кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од член 394-г став 1 од Кривичниот законик. Пресудите се донесени преку редовни судења (7), повторени судења (2), признание на вина (1), спогодба (1), казнен налог (1) и отфрлање на обвинението (1), а имало вкупно три жалби до второстепен суд. Ниту еден сторител не бил казнет со затворска казна. Против сите осудени била изречена условна осуда, која се движи од тримесечна затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од една година до една година и два месеца затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од четири години.

Во предметот К-84/19 на ОС Битола обвинетиот бил огласен за виновен затоа што на ѕидот од приватна селска продавница испишал „УЧК, Косово, Адем Јашари нѐ повикува – Косово" на албански јазик, со што предизвикал омраза и вознемиреност врз основа на етничка припадност кај Македонците во селото. Во предметот К. бр.496/22 на ОС Гостивар, осудениот упатил навреди врз етничка основа кон полициски службеник од албанската етничка заедница и го нападнал физички додека службеникот бил на должност. Судот утврдил дека осудениот предизвикал етнички раздор и ги сторил кривичните дела Напад врз службено лице и Предизвикување омраза и нетрпеливост врз дискриминаторска основа.

Во предметот К. бр. 14/19 на ОС Крушево, пет лица со македонска етничка припадност за време на државниот празник 2 август во 2018 година, за време на јавна прослава, како дел од навивачка група, извикувале пароли со омраза насочени кон припадници на албанската заедница. Со тоа предизвикале омраза и раздор врз етничка основа на јавен собир. Обвинетите признале вина и биле прогласени за виновни за предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост врз етничка основа. Во предметот КПП бр. 72/20 на ОС Скопје, осудениот на социјалните мрежи објавил текст со изрази што поттикнуваат омраза кон албанската етничка заедница. Изјавата била направена во контекст на два поврзани настани: оштетувањето на Македонскиот народен театар од навивачката група „Шверцери" и силниот земјотрес во Република Албанија во 2019 година, кој резултираше со човечки жртви. Текстот бил предмет на коментари и споделувања на социјалната мрежа, со што се поттикнувала омраза кон албанската заедница. Осудениот се спогодил со јавното обвинителство и бил прогласен за виновен за Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем.

Во предметот К. бр. 203/2021 на ОС Кичево осудениот влегол во кафе-бар и без да биде предизвикан упатил сериозни навреди, закани и насилство кон полициски службеник на должност, користејќи изрази насочени кон неговата етничка припадност, религија и пол. Во навредите се користеле термини што се однесуваат на религиозни и етнички стереотипи за обрежувањето, што дополнително го потенцира поттикнувањето на омраза врз основа на пол, поврзано со религиозните традиции. Обвинетиот бил осуден за предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост врз основа на пол, етничка припадност и религија.

Во предметот К. бр. 38/23 на ОС Кочани осудениот преку свои профили на социјалните мрежи објавил слики и видеа што промовираат омраза и насилство врз основа на етничка припадност и религија. Тој споделил видео со припадници на чеченската војска што повикуваат на агресија. Подоцна објавил слика со текст „ISRAEL TERRORIST" и симбол на Давидова ѕвезда, што претставува симбол на еврејскиот народ, поттикнувајќи омраза кон оваа група. Обвинетиот е прогласен за виновен за кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од член 394-г од Кривичниот законик врз основа на етничка припадност и религија.

Во предметот К-775/18 на ОС Куманово осудениот што имал 18 години, заедно со неколку други лица, предизвикал етничка нетрпеливост и раздор со симнување и оштетување на државното знаме во центарот на градот, пред голем број граѓани. При обидот на полициски службеник да го приведе, обвинетиот го нападнал, удирајќи го и нанесувајќи му телесни повреди, по што се обидел да избега. Овој инцидент дополнително разгорел етничка нетрпеливост меѓу присутните и во јавноста. Во текот на судењето јавниот обвинител изјавил: „Криминалот од омраза се казнува секогаш построго од другите кривични дела, затоа што истиот претставува особена опасност за мирот и стабилноста во една држава." Осудениот го признал делото и бил прогласен за виновен за кривичните дела Напад на службено лице при вршење работи на јавна безбедност и Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост. Јавниот обвинител во предметот сметал дека изречената условна осуда е преблага и поднел жалба до Апелациониот суд (АС) во Скопје, барајќи построга казна, за што добил поддршка и од Вишото јавно обвинителство. Сепак, АС во својата одлука Кж. 519/19 сметал дека казната од една година и два месеца затворска казна нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од четири години е соодветна.

Во предметот К-398/21 на ОС Битола лицето од македонската заедница било обвинето за предизвикување етничка нетрпеливост во расправија на пазар со лица од албанската заедница. Во текот на расправијата, обвинетиот употребил навредливи изрази што би можеле да поттикнат нетрпеливост. Судот го отфрлил обвинението бидејќи утврдил дека делото не ги исполнува критериумите за кривично дело, односно недостасувала умисла. По отфрлањето јавниот обвинител поднел жалба до АС Битола, кој во својата одлука Кж. 59/22 сметал дека не е објаснето како ОС Битола дошол до заклучокот дека недостасува умисла и дека ваквото кривично дело не може да биде сторено од небрежност.

Во предметот К-67/2019 на ОС Делчево двајца обвинети упатувале закани кон припадници на ромската заедница, при што со насилен глас извикувале изрази што

предизвикуваат чувство на непријателство и омраза врз етничка основа. Нивните изрази вклучувале закани за палење на куќите на ромската заедница и навредливи тврдења дека ромската заедница е пречка за напредокот на државата. Закани биле директно упатени и кон поединци од ромската заедница, на кои им било кажано дека ќе бидат најдени и убиени. Судот ги прогласил обвинетите за виновни за Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа. По поднесената жалба од обвинетите, АС Штип во својата одлука Кж 56/21 изразил сериозно сомнение во одлуката на првостепениот суд и утврдил дека, иако е неспорно дека критичниот ден биле упатувани закани кон ромската заедница, не постојат доволно јасни и проверени докази дека токму обвинетите биле сторителите. Сведоците изјавиле дека слушнале закани, но не можеле со сигурност да потврдат кои лица ги упатиле заканите поради темнината и оддалеченоста. Единствениот сведок што ги препознал гласовите на обвинетите го базирал своето тврдење на претпоставка, бидејќи претходно немал контакт со обвинетите. По повтореното судење, првостепениот суд преку својата одлука К19/21 ги ослободил обвинетите поради недокажаност на делото од страна на јавниот обвинител.

## 7.5.3 Национална припадност

На трето место по бројот на судски одлуки за говор на омраза се оние што се однесуваат на националната припадност како заштитена карактеристика (6). Четири од овие судски предмети се иницирани во рамки на кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од член 394-г став 1 од Кривичниот законик, додека два под кривичното дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ од член 319 став 1 од Кривичниот законик. Пресудите се донесени преку редовни судења (4) и казнени налози (2). Во четири предмети обвинетите биле осудени, додека во два предмета обвинетите биле ослободени од обвинение. Ниту еден од осудените не бил казнет со затворска казна. Против сите осудени била изречена истата условна осуда – тримесечна затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од една година.

Во предметот К-33/22 на Основниот суд Берово обвинетиот, припадник на македонската заедница, објавил ксенофобичен пишан материјал што го ширел во јавноста преку социјалната мрежа „Фејсбук“, објавувајќи го на својот профил. Истиот материјал подоцна бил расфрлан во форма на летоци низ улиците во градот Берово. Материјалот содржел изрази што промовираат и поттикнуваат омраза врз основа на етничка припадност и државјанство, насочени кон граѓаните што ја прифаќаат новата уставна промена со името Република Северна Македонија. Во материјалот биле употребени термини како „Северџан“ и „Северџанистанец“, кои на погрден и омаловажувачки начин ги опишуваат овие граѓани, наведувајќи дека тие се „душмани на Македонија и Македонците.“

Во предметот К. бр. 40/22 на Основниот суд Берово едно лице било обвинето за ширење ксенофобичен материјал преку својот „Фејсбук“-профил каде што коментирал преку изрази што според обвинението промовираат и поттикнуваат омраза кон поранешна пратеничка во Собранието, поради нејзината улога во гласањето за

уставните измени поврзани со промена на името на државата. Во коментарот, обвинетиот користел навредливи термини (проклети да се предавниците до десетто колено) и упатувал вредносен суд насочен кон нејзиниот подоцнежен политички ангажман како началничка на Агенцијата за национална безбедност. ОС Берово оценил дека коментарите на обвинетиот, иако навредливи, не ги исполнуваат критериумите за кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал". Според Судот, не се докажало дека коментарите на обвинетиот имале реален потенцијал да поттикнат омраза или насилство кон оштетената, ниту дека предизвикале значајно влијание врз јавноста. Судот исто така укажал дека, како јавна личност, треба да покаже поголем степен на толеранција кон критички и навредливи коментари, освен ако тие не создаваат реален ризик од омраза или насилство. Поради тие причини, судот го ослободил обвинетиот од кривична одговорност, наведувајќи дека изразеното мислење претставува вредносен суд што не поттикнува омраза и е заштитен со правото на слобода на изразување. Незадоволен од ваквиот исход, јавниот обвинител вложил жалба до АС Штип, кој преку својата Пресуда КЖ-186/23 ја одбил жалбата и целосно се согласил со првостепената пресуда. Во својата пресуда АС Штип навел и дека за да се утврдат фактите дали се остварени обележјата на кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал", потребно е знаење од стручни лица, преку утврдување на местото на сторување на делото и утврдување на IP-адреса од која е сторено.

Во предметот К. бр. 390/2021 на Основниот суд Гостивар обвинетиот наводно го запалил државното знаме во градот Гостивар што било поставено на јарбол по повод националниот празникот 11-ти Октомври. Обвинителството тврдело дека обвинетиот пристигнал на местото со возило, го спуштил државното знаме и го запалил, со што предизвикал омраза и нетрпеливост врз основа на национална припадност. Од изведените докази, вклучувајќи и ДНК-анализи од запаленото знаме и металната сајла од јарболот, не можело да се утврди идентитетот на сторителот. Незадоволен од ваквиот исход, јавниот обвинител вложил жалба до АС Гостивар, но за неа не добил поддршка од Вишото јавно обвинителство. Преку својата пресуда КЖ. бр. 108/23 АС Гостивар утврдил дека јавниот обвинител не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил делото за кое се обвинува.

Во предметот К. бр. 86/2023 на Основниот суд Струмица обвинетиот преку својот профил на социјалната мрежа „Фејсбук" објавил коментар што поттикнува омраза и насилство врз основа на национална припадност. Коментарот бил објавен како реакција на друг напис од интернет-портал „Колев за БГНЕС: Ако Македонија не ја прифати подадената рака на Бугарија, ќе биде целосно избришана." Во својот коментар, обвинетиот упатил закана со повикување на ликвидација. Обвинетиот бил осуден за Ширење на ксенофобичен материјал што промовира омраза и насилство врз основа на национална припадност.

### 7.5.4 Религија или верско уверување

На четврто место по бројот на судски одлуки за говор на омраза се оние што се однесуваат на религијата или верското уверување како заштитена карактеристика (5). Два од овие предмети се анализирани погоре (7.5.1 Етничка припадност) бидејќи содржат интерсекциска пристрасна мотивација. Сите три судски предмети

анализирани во овој дел се иницирани во рамки на кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од член 394-г став 1 од Кривичниот законик. Две од пресудите се донесени со признание на вина, а една со казнен налог. Во сите предмети обвинетите биле осудени. Ова значи дека ниту еден од овие предмети не стигнал до второстепен суд, затоа што не била дозволена жалба. Ниту еден сторител не бил казнет со затворска казна. Против сите сторители била изречена условна осуда, која се движи од тримесечна затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од една година до шестмесечна затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од две години.

Во предметот К. бр. 196/21 на ОС Штип осудениот преку својот „Инстаграм"-профил објавувал слики и текстови со навредлива и заканувачка содржина. Објавите содржеле антисемитски и антихристијански пораки насочени против групи врз основа на религија и верско уверување, вклучувајќи закани за физичко и сексуално насилство и повици за терористички дејства против лица со христијанска и еврејска вероисповед. Во предметот К. бр. 270/19 на ОС Штип осудениот, припадник на ромската заедница, споделил статија на социјалната мрежа „Фејсбук" што се однесувала на терористички напад во џамија во Нов Зеланд. Под статијата додал коментар со содржина што повикува на насилство кон припадници на друга религиозна група, во кој сугерирал сличен напад врз верски објект црква. Осудениот ја признал вината. Судот во овој предмет навел дека се работи за „криминал од омраза". Во предметот К. бр. 2031/19 на ОС Скопје осудениот преку својот профил на социјалната мрежа „Фејсбук" објавувал расистички и ксенофобични коментари што промовираат омраза, дискриминација и насилство врз основа на религија и верско уверување. Во своите објави, обвинетиот користел навредливи изрази насочени кон муслиманската заедница и припадниците на Исламската верска заедница (ИВЗ), повикувајќи на насилство и дискриминација.

## 7.5.5 Сексуална ориентација

На петто место по бројот на судски одлуки за говор на омраза се оние што се однесуваат на сексуалната ориентација како заштитена карактеристика (4). Сите судски предмети се иницирани во рамки на кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од член 394-г став 1 од Кривичниот законик. Три од пресудите се донесени со казнен налог и една преку признание на вина. Во четири предмети обвинетите биле осудени, додека во два предмета обвинетите биле ослободени од обвинение. Ова значи дека ниту еден од овие предмети не стигнал до второстепен суд, затоа што не била дозволена жалба во однос на утврдената фактичка состојба. Ниту еден сторител не бил казнет со затворска казна. Против сите сторители била изречена условна осуда, која се движи од тримесечна затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од една година до една година затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од две години.

Во предметот К. бр. 40/23 на ОС Гевгелија осудениот преку својот профил на социјалната мрежа „Фејсбук" коментирал на статија од интернет-портал во врска со изјава на српскиот претседател за забрана на геј-парадата што требало да се одржи во Белград. Во својот коментар, обвинетиот упатил повик за насилство, користејќи изрази што промовираат омраза и дискриминација против ЛГБТ+ заедницата. Обвинетиот сугерирал дека треба да се започне „чистка" со огнено оружје, користејќи заканувачки и дискриминаторски јазик. На главната расправа, обвинетиот ја признал вината. Во предметот К. бр. 160/22 на ОС Радовиш осудениот преку својот профил на социјалната мрежа „Фејсбук" објавил коментар во врска со напис на порталот што известувал за венчавката на „мис Аргентина и мис Порторико." Во својата објава, обвинетиот поттикнал омраза и повикувал на насилство против маргинализираната ЛГБТ+ заедница. Од непозната причина, во оваа пресуда коментарот на обвинетиот е анонимизиран. Во предметот К. бр. 305/22 на ОС Штип осудениот преку својот „Фејсбук"-профил коментирал под видео со наслов „Месецот на гордоста ги истакнува победите и препреките на ЛГБТ+ заедницата." Во својот коментар, обвинетиот користел навредливи и заканувачки изрази што промовираат омраза и повикуваат на сексуално насилство против ЛГБТ+ заедницата. Во предметот К. бр. 379/22 на ОС Штип осудениот преку својот „Фејсбук"-профил коментирал на објава на страница што промовира ЛГБТ+ поддршка и советување. Обвинетиот оставил коментар (умрени кучиња, ќе ви дојде крајот и на вас) насочена кон ЛГБТ+ заедницата.

### 7.5.6 Пол

На шесто место по бројот на судски одлуки за говор на омраза се оние што се однесуваат на полот (2). Двата судски предмета се иницирани врз основа на кривичното дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од член 394-г став 1 од Кривичниот законик и се донесени со казнен налог. Во двата предмета обвинетите биле осудени. Ова значи дека ниту еден од овие предмети не стигнал до второстепен суд, затоа што не бил поднесен приговор, па следствено не била дозволена ниту жалба. Никој од сторителите не бил казнет со затворска казна, односно против нив била изречена условна осуда од тримесечна затворска казна што нема да се изврши доколку сторителот не стори ново кривично дело во рок од една година.

Во предметот К. бр. 115/2024 на ОС Кичево осудениот преку својот „Фејсбук"-профил пишувал коментари што промовираат омраза и повикуваат на насилство против жена. Во своите објави обвинетиот изразил омраза кон женскиот пол, обвинувајќи ја жената за вмешување во неговиот брак и повикувајќи други лица да ја пронајдат и повредат. Во еден од коментарите обвинетиот напишал „Ако е таква, убијте ја", а во следна објава коментирал со текст што упатува на закани и омраза „убијте ја, ако е такво ѓубре, не треба да живее." Во предметот К. бр. 290/22 на ОС Гостивар осудениот преку својот профил на социјалната мрежа „Фејсбук" објавил коментари со навредлива и заканувачка содржина што поттикнува омраза и сексуално насилство врз жените што се жртви на силување.

### 7.5.7 Други заштитени карактеристики

Покрај општоприфатените заштитени карактеристики во меѓународното право[71], во областа говор на омраза, националното кривично право утврдува дополнителна листа на заштитени карактеристики што вклучува припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор. Ваквото решение може да ја разводни ефикасноста на кривичното гонење на говорот на омраза и да доведе до недоразбирања меѓу органите на прогонот и судовите, создавајќи тешкотии во доследната примена на законите и ефективното санкционирање на говорот на омраза. Широката и отворена листа на заштитени карактеристики може да создаде правни нејаснотии што може да резултира со неконзистентни пресуди и тешкотии во толкувањето на законот. Ова може да го преоптовари правосудниот систем со случаи што не го задоволуваат оригиналниот замислен критериум за говор на омраза, со што се одложува процесирањето на посериозни инциденти. Дополнително, може да овозможи дискреционо спроведување на законот, што би довело до селективно гонење и нерамномерна примена. Проширувањето на листата на заштитени карактеристики може да има и ефект на задушување на слободата на изразување, со што луѓето би се плашеле да изразат легитимни мислења од страв да не бидат гонети. На крај, ова решение ја зголемува комплексноста во докажувањето на намерата, а постои и ризик законот да биде злоупотребен од одредени политички или социјални групи за да се замолчат спротивставените ставови. Во петте предмети подолу, сите обвинети биле осудени на условни казни, или преку признание на вина, или преку казнен налог.

Во предметот К-41/22 на ОС Берово осудениот преку својот „Фејсбук"-профил објавил коментар што според судот промовирал омраза врз основа на поранешниот општествен статус на пратеничка во Собранието со тоа што ја наречол „предавник". Оваа пресуда со казнен налог е дијаметрално спротивна на пресудата од предметот К. бр. 40/22 на истиот суд (види поднаслов 7.5.3 погоре) со иста фактичка ситуација, но друг обвинет што бил ослободен од обвинение. Во предметот К. бр. 65/2023 на ОС Берово обвинетиот преку својот „Фејсбук"-профил објавил коментар што според Судот промовира омраза кон припадниците на полицијата. Коментарот бил реакција на објава за несреќен случај во кој куќа на полициски службеник била изгорена од гром. Коментарот на осудениот гласел „Сè да изгорите криминалци, Господ е голем." Според Судот, осудениот делото го сторил врз основа на општествениот статус на полицаецот. Во предметот К. бр. 184/2023 на ОС Кичево осудениот како администратор на групата „Анти - мурија К." на интернет-платформата „Вибер" во повеќе наврати објавувал текстови со кои поттикнувал омраза против припадници на полицијата. Во своите објави, обвинетиот користел навредливи термини како „џандари", „којоти" и обвинувања за консумирање алкохол и droги. Според Судот, осудениот делото го сторил против група на лица со определен статус. Во предметот

[71] Пол, раса, боја на кожа, род, етничка припадност, национална припадност, религија или верско уверување, ментална или телесна попреченост, возраст, сексуална ориентација и родов идентитет.

К-131/23 на ОС Охрид осудениот преку својот „Фејсбук"-профил коментирал на објава од електронскиот медиум со наслов „Разрешена судијката В. К. од О. поради убиството на М." Во својот коментар, обвинетиот упатил навредливи и заканувачки изрази и пцости кон судиите, повикувајќи на насилство и линчување, со што според Судот поттикнал омраза врз основа на општествен статус. Во предметот К. бр. 185/21 на ОС Радовиш осудениот преку својот „Фејсбук"-профил објавил коментар во кој повикува на насилство против новинари. Во својот коментар, обвинетиот користел навредливи изрази, пцости и повикувал на затворање и физичко казнување на новинари што, според него, шireле паника. Овие изјави поттикнувале омраза и насилство врз група новинари врз основа на нивниот личен и општествен статус.

## 7.5.8 Заклучни согледувања

Анализата на судските одлуки поврзани со говорот на омраза во националниот контекст открива неколку клучни аспекти кога се споредува со меѓународната правна рамка, особено Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и практиката на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Прво, иако националните судови процесираат случаи на говор на омраза во согласност со домашното законодавство, преовладува примената на условни осуди, без изрекување затворски казни за сторителите. Оваа практика покренува прашања за пропорционалноста и одвраќачкиот ефект на казните, особено имајќи ја предвид сериозноста на делата од омраза како што се признаени во меѓународните стандарди. ЕСЧП нагласува дека ефективните санкции се неопходни за дела што имаат потенцијал да поттикнат насилство или дискриминација.

Второ, судските одлуки обично се премногу кратки и често постои нејаснотија во однос на тоа која заштитена карактеристика (од соодветната одредба од Кривичниот законик) судот ја земал предвид. Недоволното образложение во пресудите може да создаде правна несигурност и да ја отежне доследната примена на одредбите за говор на омраза. Ова не само што ја ограничува транспарентноста на процесот туку и остава простор за сомнеж околу основата на одлуките, особено во случаи каде што би можело да бидат релевантни повеќе заштитени карактеристики.

Трето, кај пресудите со казнени налози обвинетиот не е активен учесник во правниот процес, односно полицијата и обвинителството како докази доставуваат само копии од слики, постови и коментари од социјалните мрежи, без да ги поткрепат со вештачења. Ова предизвикува загриженост за темелноста и веродостојноста на доказите. Ваквото процесно скратување може да доведе до недоволна проверка, што ја поткопува ефикасноста на правниот процес и потенцијално влијае врз правичноста на исходот. Без детална експертска валидација, особено кај случаите што вклучуваат дигитални докази, постои ризик од погрешно толкување или неправилно постапување, што може да ја наруши кредибилноста на пресудите и да ја попречи правилната примена на правдата.

Четврто, иако само мал број од судските одлуки јасно го споменуваат поимот „криминал од омраза" дури и во случаи на говор на омраза, ова отвора прашање дали судиите го разбираат разграничувањето помеѓу двата различни концепти. Недоволното разгледување на разликата помеѓу говорот на омраза и криминалот од

омраза може да доведе до несоодветна примена на правото, што би можело да влијае на точноста на квалификацијата на делото и на изрекувањето на санкциите.

Петто, анализата покажува дека најголем број процесирани случаи се однесуваат на говор на омраза базиран на политичко уверување и етничка и национална припадност; помал број се однесуваат на религија, сексуална ориентација и пол; а воопшто нема пресуди што се однесуваат на раса, боја на кожа, ментална или телесна попреченост и родов идентитет. Оваа распределба укажува на можни празнини во заштитата на одредени ранливи групи што е во спротивност со препораките на меѓународните инструменти што повикуваат на сеопфатна заштита на сите признати карактеристики.

Шесто, националното кривично право содржи широка и отворена листа на заштитени карактеристики што, иако има за цел да обезбеди обемна заштита, може да доведе до разводнување на ефективноста на гонењето на говорот на омраза. Оваа експанзивност може да создаде правни нејаснотии и тешкотии во толкувањето на законот, што резултира со неконзистентни пресуди. Ваквата поставеност може да го преоптовари правосудниот систем и да ја отежне доказната постапка, особено во утврдувањето на пристрасната мотивација, која е клучен елемент според критериумите на ЕСЧП.

Седмо, забележани се случаи каде што судовите ги одбиваат обвиненијата поради недостаток на умисла или непостоење на доволно докази што го поврзуваат обвинетиот со делото. Ова укажува на потребата од поцелосни истраги и јасни насоки за прибирање и оцена на доказите, како што препорачуваат меѓународните инструменти. Критериумите на ЕСЧП, како што се испитување на намерата на говорникот, контекстот и потенцијалните последици, се од суштинско значење за спроведување судски постапки што се во согласност со меѓународните стандарди за човекови права.

Осмо, пристапот на судовите кон случаи што вклучуваат јавни личности и политички говор покажува многу мал напор за балансирање помеѓу заштитата од говор на омраза и зачувувањето на слободата на изразување. ЕСЧП утврдува дека јавните службеници се подложни на повисок степен на критика и ограничувањата на говорот мора да бидат пропорционални и неопходни во демократско општество. Одлуките на националните судови да ги ослободат обвинетите од одговорност во одредени случаи го рефлектираат овој принцип, но големо мнозинство на овие предмети завршува со осуда дури и за говор што претставува навреда, клевета или недоличност.

Последно, иако националното судство се занимава со говорот на омраза, постојат области каде што е потребно подобрување за поцелосно усогласување со меѓународните стандарди. Подобрувањето на јасноста на законските одредби, обезбедувањето пропорционални и ефективни санкции и унапредувањето на конзистентноста во судските одлуки се клучните чекори во оваа насока. Зајакнувањето на обуката за органите на прогонот и судскиот персонал за говор на омраза и релевантните принципи на човекови права може да придонесе за поефикасно гонење и превенција, со што ќе се промовира потолерантно и инклузивно општество.

## 7.6 Анализа на судски одлуки поврзани со криминалот од омраза

При анализа на судските одлуки за криминал од омраза клучно е правниот систем не само да ги идентификува овие дела, туку и соодветно да ги санкционира, земајќи ги предвид нивната тежина и социјалното влијание. Во таа насока анализата ги применува стандардите утврдени од Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), кои даваат насоки за тоа како државите треба да постапуваат со кривични дела мотивирани од предрасуди и дискриминација. Примената на овие стандарди е неопходна за да се оцени дали домашните судови го препознаваат мотивот на омраза како отежнувачка околност и дали изречените казни и истрагите се доволно ригорозни за да обезбедат правда за жртвите и да превенираат понатамошни инциденти.

ЕСЧП има воспоставено значајни стандарди за справување со криминалот од омраза преку својата богата судска практика. Иако самиот концепт „криминал од омраза" не е експлицитно дефиниран во ЕКЧП, ЕСЧП има развиено сет на принципи што се применуваат при разгледување случаи поврзани со кривични дела мотивирани од предрасуди и дискриминација. Овие стандарди се клучни за разбирање на правниот и судскиот пристап кон ваквите дела што обично се процесираат под член 2 (Право на живот), член 3 (Забрана на нечовечно или понижувачко постапување) и член 14 (Забрана на дискриминација) од ЕСЧП.

### Член 14 и дискриминација

ЕСЧП конзистентно истакнува дека криминалот од омраза е облик на дискриминација, кој ги загрозува основните човекови права и го нарушува принципот на еднаквост. Во случајот Nachova and Others v. Bulgaria[72] ЕСЧП утврди дека државите имаат обврска не само да спречат и истражат злосторства мотивирани од омраза туку и да обезбедат казнување за оние што се одговорни за ваквите дела.

### Позитивни обврски на државите

ЕСЧП истакнува дека државите имаат позитивна обврска не само да ги истражуваат кривичните дела од омраза туку и да осигурат дека тие се процесираат со соодветна сериозност. Во случајот Šečić v. Croatia[73] ЕСЧП нагласи дека неадекватно истражување на криминалот од омраза може само по себе да претставува кршење на член 3 и член 14 од ЕКЧП.

### Идентификување предрасуди

ЕСЧП утврдува дека државите мора да преземат дополнителни чекори за да утврдат дали кривичното дело е мотивирано од предрасуди. Во случајот Angelova and Iliev v. Bulgaria[74] ЕСЧП го критикуваше недостатокот на истрага за расната

[72] Nachova and Others v. Bulgaria, Application Nos. 43577/98 and 43579/98, Judgment of 6 July 2005.

[73] Šečić v. Croatia, Application No. 40116/02, Judgment of 31 May 2007.

[74] Angelova and Iliev v. Bulgaria, Application No. 55523/00, Judgment of 26 July 2007.

мотивација зад убиството на ромски тинејџер, оценувајќи го како пропуст на државата да идентификува и процесира криминал од омраза.

### Пропорционалност на казните

ЕСЧП исто така разгледува дали казните изречени за криминал од омраза се пропорционални на сериозноста на делото. Во случајот Balázs v. Hungary[75] ЕСЧП утврди дека благото казнување на полициски службеници што учествувале во насилство мотивирано од расна омраза е несоодветно и претставува кршење на правата на жртвата.

### Превенција и осигурување на ефикасни санкции

ЕСЧП исто така нагласува дека државите имаат обврска да преземат превентивни мерки за да го спречат криминалот од омраза и да осигурат дека сторителите на овие дела се соодветно санкционирани. Во случајот R.B. v. Hungary[76] ЕСЧП утврди дека неуспехот на властите да обезбедат ефикасна правна заштита против напад мотивиран од предрасуди претставува прекршување на член 14 во врска со член 3 од Конвенцијата.

### Заедничка одговорност и стереотипи

ЕСЧП постојано укажува дека државите имаат одговорност да се справат со криминалот од омраза со сериозноста што тој ја заслужува, особено кога се заснова на негативни стереотипи и предрасуди. Во случајот E. S. v. Slovakia[77] ЕСЧП утврди дека неадекватната правна заштита за жртви на напади мотивирани од етнички предрасуди придонесува кон создавање атмосфера на неказнивост.

Преку разгледување на овие случаи може да се заклучи дека ЕСЧП поставува јасни стандарди за тоа како државите треба да се справат со криминалот од омраза – од соодветна истрага до пропорционални казни, со особен фокус на заштита на ранливите групи и превенција на понатамошни предрасуди и дискриминација.

## 7.6.1 Етничка припадност

Беа анализирани два предмета за криминал од омраза што се однесуваат на етничката припадност како заштитена карактеристика. Овие предмети се иницирани во рамки на кривичното дело „Насилство" од член 386 од Кривичниот законик. Сторителите во двата предмета се казнети со затворски казни. За еден од предметите одлучувал само првостепен суд, додека за другиот предмет одлучувал и второстепен суд.

Во предметот К-896/19 на ОС Скопје, во продавница за прехранбени производи во сопственост на оштетениот, обвинетиот заедно со десетмина непознати лица извршил грубо насилство, загрозувајќи ја сигурноста на присутните, вклучително

[75] Balázs v. Hungary, Application No. 15529/12, Judgment of 20 October 2015.

[76] R.B. v. Hungary, Application No. 64602/12, Judgment of 12 April 2016.

[77] E. S. v. Slovakia, Application No. 8227/04, Judgment of 15 September 2009.

и на четворица оштетени. Обвинетиот влегол во продавницата и упатил навреди и закани на етничка основа кон оштетените, кажувајќи им дека не припаѓаат во тоа место и дека ќе ги запали. Кога еден од оштетените се обидел да го отстрани обвинетиот од продавницата, тој започнал да фрла производи, туркајќи ја втората оштетена, која паднала и се онесвестила. Набрзо на местото дошле десет непознати лица што започнале да фрлаат камења, дрва и други предмети кон продавницата, предизвикувајќи страв и несигурност кај присутните. Обвинетите и сведоците се криеле зад сталажите додека обезбедувањето не ги спречило напаѓачите да влезат во објектот. Судот ја одржал главната расправа во отсуство на обвинетиот што бил недостапен за органите на прогонот. Против обвинетиот судот изрекол затворска казна од 1 година и 6 месеци. При утврдувањето на казната, судот ги земал предвид отежнувачките околности, вклучувајќи ја етничката омраза кон Албанците.

Во предметот К. бр. 176/20 на ОС Куманово, во 2018 година, во дворот на основно училиште четворицата обвинети припадници на македонската заедница извршиле грубо насилство врз две оштетени лица од албанската заедница, при што на едното му нанеле тешка телесна повреда, а на другото телесна повреда. Преку дејствата на обвинетите било предизвикано чувство на несигурност и страв кај присутните сведоци и пошироката јавност. Оштетените, заедно со своите пријателки, со два мотоцикли – скутери, дошле до дворот на училиштето за да се одморат. По кратко време пристигнале обвинетите, влегле во дворот на училиштето и се доближиле до оштетените. Еден од обвинетите му се обратил на еден од оштетените со прашањето „од каде сте?“, на што оштетениот одговорил дека се од село во кое мнозинството жители се Албанци. Тогаш еден од обвинетите им наредил да го напуштат дворот на училиштето. Додека оштетените почнале да се оддалечуваат, еден од обвинетите почнал со тупаници да го удира едниот од оштетените. Во тој момент на оштетениот му се нафрлиле и другите обвинети, удирајќи го со тупаници по главата. Оштетениот успеал да избега и се обидел да се оддалечи во правец на влезните врати од училиштето. Обвинетите потоа го нападнале другиот оштетен удирајќи го со тупаници по главата и телото. Откако првиот оштетен забележал дека го напаѓаат вториот оштетен, се вратил за да му помогне, успеал да го извлече од рацете на обвинетите и заедно со него почнале да бегаат. Додека трчале, обвинетите го удриле првооштетениот со тврд предмет во десната потколеница, по што тој паднал на земја здобивајќи се со тешка телесна повреда – скршеница на десната потколеница, набиеници на главата и телото и гребаници по телото. На второоштетениот му била нанесена телесна повреда – набиеница на градниот кош. Против сите обвинети, судот определил тригодишна затворска казна. Како отежнувачка околност, судот ја ценел околноста што делото било извршено на јавно место, во дворот на училиште и во близина на црква, предизвикувајќи чувство на несигурност и страв не само кај присутните сведоци, туку и кај пошироката јавност. Судот дополнително ја земал предвид и етничката омраза како мотив за нападот, бидејќи оштетените биле нападнати поради нивната албанска етничка припадност. За време на нападот, оштетените биле навредувани со изрази на омраза кон албанската заедница, што според судот укажало на мотивот на обвинетите. Незадоволни од исходот на постапката, сите обвинети поднеле жалби, но АС Скопје, во својот предмет КЖ-378/22, жалбите ги одбил како неосновани, се согласил со одлуката на ОС Куманово и ја потврдил првостепената пресуда.

### 7.6.2 Пол

Беа анализирани два предмета за криминал од омраза што се однесуваат на пол како заштитена карактеристика. Овие предмети се иницирани во рамки на кривичното дело „Телесна повреда“ од член 130 став 2 од Кривичниот законик. Сторителите во двата предмета се казнети со условни и затворски казни. За двата предмета одлучувал само првостепен суд, а дел од обвинетите не биле достапни за органите на прогонот.

Во предметот К. бр. 1555/19 на ОС Скопје на обвинетиот кому му се судело во отсуство за семејно насилство врз својата поранешна партнерка. Откако ја забележал како се враќа од работа, ја пресретнал со автомобилот, ја извлекол од него и започнал физички да ја напаѓа удирајќи ја со боксови во главата и влечејќи ја за коса. Оштетената паднала на земја, по што обвинетиот продолжил да ја удира со нозе во телото, нанесувајќи ѝ телесни повреди. Бранителот на обвинетиот укажал дека, иако настанот е јасен, не биле утврдени причините и побудите што довеле до делото. Судот го оценил ова дело во контекст на меѓународната судска практика, посочувајќи го случајот Opuz v. Turkey[78] на ЕСЧП наведувајќи дека, според ЕСЧП, државите имаат обврска да ги заштитат жените од насилство и да преземат соодветни мерки против насилниците. Несоодветното процесирање на случаите на семејно насилство и неказнувањето на насилниците е форма на дискриминација врз основа на пол. Судот понатаму навел дека семејното насилство, според ЕСЧП, може да се квалификува како кривично дело од омраза засновано на пол бидејќи претставува насилство насочено исклучиво кон жените, што го прави соодветно за понатамошна примена на меѓународните стандарди за кривични дела од омраза.

Во предметот К. бр. 462/22 на ОС Скопје обвинети биле пет лица од едно семејство. Во семејниот дом обвинетите живееле заедно во домаќинство. По вербална расправија сите обвинети телесно ја повредиле невенчаната сопруга на еден од обвинетите. Инцидентот започнал со шлаканица од свекорот, по што оштетената паднала на подот. Додека се обидувала да го напушти домот, била спречена и дополнително нападната од членовите на семејството што ја влечеле, удирале со тупаници и клоци, нанесувајќи ѝ телесни повреди како модрини, гребаници и хематоми. Судот утврдил дека делото е сторено во контекст на семејно насилство. Против тројца обвинети биле изречени условни казни од шест месеци, додека другите двајца, кои биле недостапни за органите на прогон, биле осудени на по две години затвор. Јавниот обвинител истакнал дека станува збор за серија повторувачки напади во семејната заедница. Судот го поврзал случајот со меѓународната пракса и Истанбулската конвенција, укажувајќи на обврската на државата да обезбеди заштита од насилство врз жените и да интервенира пред да дојде до физичко насилство. Судот исто така се повикал на ЕСЧП наведувајќи дека властите треба да интервенираат дури и пред насилството да се материјализира, со цел да спречи поголема штета. Во конкретниот случај, Судот оценил дека семејното насилство може да се квалификува како кривично дело од омраза поради полот на жртвата, што било во согласност со современото разбирање на меѓународната заедница и судската практика на ЕСЧП.

[78] Opuz v. Turkey, No. 33401/02, European Court of Human Rights, Judgment of 9 June 2009.

### 7.6.3 Сексуална ориентација

Во предметот К. бр. 482/22 на ОС Струмица обвинетиот, за време на настан организиран од здружение за поддршка на ЛГБТ+ заедницата, мотивиран од омраза кон различната сексуална ориентација, физички нападнал претставник на здружението. Обвинетиот му пришол на оштетениот додека седел на клупа и го удирал со тупаници и клоци по главата и телото, нанесувајќи му телесни повреди во форма на набиеници на вратот, градниот кош, левата надлактица и стомакот. За време на судењето обвинетиот го признал делото и изразил каење, а неговиот бранител навел дека нападот се случил во „афектна состојба“, откако обвинетиот добил информација од блиско лице дека оштетениот на некое дете му нудел леток со ЛГБТ+ содржина. По потврдата од детето дека му било нудено леток со содржина како „Јас сум лезбијка“, „Јас сум геј“, „Јас сум човек“, обвинетиот се упатил кон плоштадот и го нападнал оштетениот. Судот заклучил дека дејствата на обвинетиот се сторени од омраза поради различната сексуална ориентација на оштетениот, што било јасно од мотивите на обвинетиот и неговата реакција на содржината на летокот. Судот одбил да ја прифати тезата за афект, бидејќи обвинетиот бил на 2 km од настанот кога слушнал за летокот, по што се упатил кон местото каде што се одржувал настанот. Обвинетиот бил прогласен за виновен за кривичното дело „Телесна повреда“ од омраза (член 130 од Кривичниот законик) и осуден на казна затвор во траење од шест месеци. Незадоволен од висината на казната, обвинетиот поднел жалба до АС Штип, кој во својот предмет КЖ-30/23 жалбата ја одбил како неоснована и ја потврдил првостепената пресуда.

### 7.6.4 Национална припадност

Во предметот К. бр. 154/21 на ОС Струга обвинетиот во дворот на семејната куќа од омраза ја загрозил сигурноста на оштетената на која ѝ бил свекор со сериозна закана дека ќе нападне врз нејзиниот живот и телото на нејзиниот сопруг. Обвинетиот побарал од оштетената да ги тргне нејзините две малолетни деца од дворот бидејќи му пречеле да се одмори. Потоа се обратил кон неа со навредливи зборови, навредувајќи ја на национална основа затоа што била државјанка на Албанија и упатил сериозни закани, вклучително и дека ќе ги убие ако не се иселат во рок од три дена. Обвинителството тврдело дека со овие дејства обвинетиот сторил кривично дело „Загрозување на сигурноста“ од омраза (според член 144 став 2 во врска со став 1 од Кривичниот законик). Судот утврдил дека обвинителот не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело за кое бил обвинет, по што обвинетиот бил ослободен од обвинение. Незадоволен од исходот на постапката, јавниот обвинител поднел жалба до ОС Битола, за што добил и поддршка од Вишото јавно обвинителство. АС Битола, во својот предмет КЖ-384/22, се согласил дека кривичното дело не било докажано од страна на Обвинителството и навел дека обвинителот не успеал да ги наведе потребните законски обележја за да се квалификува делото како сторено од омраза. Според АС Битола, иако во обвинението е наведено дека делото е сторено од омраза, недостатокот бил во тоа

што не се содржани квалификаторните обележја што објаснуваат дали омразата е поврзана со раса, националност, етничко потекло, религија, пол, сексуална ориентација или друга заштитена карактеристика. Ова резултирало со тоа првостепениот суд да не изврши темелна анализа на обвинението и поради тоа е донесена ослободителна пресуда, врз основа на тоа што јавниот обвинител не докажал надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело.

### 7.6.5 Други карактеристики

Во предметот К. 447/21 на ОС Велес, обвинетиот, во ходникот на Секторот за внатрешни работи Велес (СВРВ), од омраза ја загрозил сигурноста на оштетениот колега, помлад началник на СВРВ. Според обвинението, делото било сторено од омраза на обвинетиот кон оштетениот што датирала од претходно, кога оштетениот бил командир и обвинетиот му упатувал недолични зборови, поради спротивставените гледишта што постоеле меѓу нив во рамките на СВРВ. Во овој контекст, обвинетиот упатил сериозна закана кон оштетениот, користејќи зборови како: „што се занесуваш ти, ќе ме запаметиш ти мене, ќе видиш ти кој сум јас, ќе видиш што ќе ти направам јас тебе.“ Судот го водел предметот под кривичното дело „Загрозување на сигурноста“ од омраза (според член 144 став 2 од Кривичниот законик), но во пресудата не е наведена ниту една пристрасна мотивација. На обвинетиот му била утврдена казна затвор во траење од три месеци што нема да се изврши ако обвинетиот во рок од една година не стори ново кривично дело.

Во предметот К. 185/23 на ОС Велес обвинетиот од омраза телесно го повредил оштетениот на начин што додека оштетениот се движел низ селото и разговарал на мобилен телефон, обвинетиот, кој доаѓал од спротивната страна на улицата, поради омразата кон оштетениот бидејќи го пријавил за бесправна сеча на дрва, при разминувањето го удрил со тупаница во десната страна на лицето. Со овој удар му нанел телесна повреда, односно скршеница на носните коски без дислокација. Судот го водел предметот под кривичното дело „Загрозување на сигурноста“ од омраза (според член 144 став 2 од Кривичниот законик), но во пресудата не е наведена ниту една пристрасна мотивација. На обвинетиот му била утврдена казна затвор во траење од три месеци што нема да се изврши ако обвинетиот во една година не стори ново кривично дело.

Во предметот К. 300/23 на ОС Велес обвинетиот во градот Велес од омраза, поради нерасчистени имотни односи, сериозно се заканил дека ќе нападне врз животот на оштетениот и неговиот вујко. Додека оштетениот стоел на местото и разговарал со некое лице, обвинетиот дошол и почнал да упатува закани кон оштетениот, упатувајќи му пцости и велејќи му дека ќе го исели од градот, ќе го реши, ќе им ги скине главите нему и на вујко му и ќе ги уништи. Според Судот, кај оштетениот било предизвикано чувство на несигурност, загрозеност и страв. Судот утврдил дека со овие дејства на обвинетиот се содржани битните елементи на кривичното дело „Загрозување на сигурноста“ од омраза (според член 144 став 2 од Кривичниот законик), но во пресудата не е наведена ниту една пристрасна мотивација.

### 7.6.6 Заклучни согледувања

Анализата на судските одлуки поврзани со криминалот од омраза открива неколку значајни аспекти што заслужуваат критичка евалуација во контекст на домашното законодавство, меѓународните стандарди и практиката на ЕСЧП.

Прво, иако постои законска рамка што овозможува санкционирање на криминалот од омраза, се забележува дека во некои случаи судовите не ги применуваат соодветно одредбите за пристрасна мотивација. Во неколку анализирани предмети, иако делата се процесирани како кривични дела од омраза, во пресудите недостига образложение за тоа како е утврдена пристрасната мотивација и врската со заштитените карактеристики. Ова укажува на недостаток на конзистентност и јасност во судската практика.

Второ, се забележува дека во некои случаи судовите се повикуваат на меѓународни стандарди и судската практика на ЕСЧП, како што е случајот со Opuz v. Turkey, но не секогаш точно и прецизно. Во конкретниот случај, Судот го квалификува семејното насилство како кривично дело од омраза поради пол, што не е директно поддржано од текстот на Истанбулската конвенција (која се однесува на родовобазираната дискриминација и насилство врз жените) и практиката на ЕСЧП. Иако ЕСЧП признава дека семејното насилство е форма на дискриминација врз основа на пол или род, тој не го класифицира како кривично дело од омраза. Ова укажува на потребата од поголема прецизност и разбирање на меѓународните правни стандарди при нивната примена во домашниот контекст.

Трето, во некои предмети обвинителството не успева да ги утврди и докаже квалификаторните обележја на криминалот од омраза, особено во однос на заштитените карактеристики. Недостатокот на јасни докази и аргументација за пристрасната мотивација води до ослободителни пресуди, како што е случајот со предметот каде што омразата поради национална припадност не била соодветно докажана. Ова укажува на потребата од подобрување на истражните постапки и зголемување на капацитетите на обвинителството за ефикасно да ги процесира ваквите дела.

Четврто, во одредени пресуди, судовите не успеваат да наведат која конкретна заштитена карактеристика е основа за омразата, особено во случаи каде што се користат општи термини како „омраза поради нерасчистени имотни односи". Ова ја поткопува правната сигурност и може да доведе до неправилна квалификација на делото. Прецизното идентификување на заштитената карактеристика е клучно за правилна примена на одредбите за криминал од омраза.

Петто, изречените казни варираат и не секогаш се пропорционални со сериозноста на делата. Иако во некои случаи се изрекуваат затворски казни, во други се применуваат условни казни или казни затвор што нема да се извршат доколку сторителот не стори ново кривично дело. Ова покренува прашања за одвраќачкиот ефект на казните и дали тие соодветно ја рефлектираат тежината на криминалот од омраза, во согласност со препораките на ЕСЧП за пропорционални и ефикасни санкции.

Шесто, недостигот на систематско и конзистентно прифаќање на пристрасната мотивација како отежнувачка околност во пресудите може да сигнализира на недостаток на свесност или разбирање за важноста на овој елемент. Ова ја потенцира

потребата од дополнителна обука и едукација на судиите и обвинителите за концептот на криминал од омраза и неговото соодветно процесирање.

Заклучно, иако постојат напори за справување со криминалот од омраза, анализата укажува на неколку области каде што е потребно подобрување. Усогласувањето на судската практика со меѓународните стандарди, подобрување на истражните постапки, прецизно идентификување и докажување на пристрасната мотивација, како и обезбедување пропорционални казни, се клучни за ефективна борба против криминалот од омраза. Дополнително, зголемувањето на свесноста и експертизата меѓу правните професионалци е неопходно за да се осигури дека жртвите добиваат соодветна заштита и правда, а сторителите се соочуваат со последици што соодветно ја одразуваат сериозноста на нивните дела.

# 8. Предизвици и недоследности при спроведувањето на законодавството

Се чини дека мешањето на поимите „криминал од омраза“ со „родово-базирано насилство“ и „семејно насилство“[79] претставува најголем предизвик на органите на прогонот во нивното практично работење, а ова особено за полицијата. Честопати полицијата постапува збунето кога во случајот постои елемент на мизогинија. Непознавањето на оваа правна проблематика може да предизвика далекосежни последици. Тоа бидејќи од аспект на полесните дела од омраза каде што бил нарушен јавниот ред и мир, но и делата на говор на омраза, како подвид на делата од омраза судските епилози може да бидат од различен карактер. Самиот поим на говор на омраза некогаш има гранично-аморфен карактер, па во зависност од фактичката состојба некогаш од страна на правосудните органи може да биде третиран како кривично дело, некогаш како прекршок, а некогаш дури и како граѓанскоправен деликт на навреда или клевета. Аналогно на тоа, полесните дела од омраза некогаш

[79] Како позитивен пример по однос на жртвите од делата сторени спрема лица со поинаква сексуална ориентација, треба да биде споменат Законот за заштита, спречување и превенција од семејно насилство. Имено, во член 3 од Законот е дефинирано семејното насилство и се вели: *„Под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејства, кон брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и кон сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.“* Со оглед на тоа што партнерите не се дефинирани по својот пол во горенаведениот член, формулацијата „или други лица кои живеат во вонбрачна состојба или заедничко домаќинство“ ги заштитува и истополовите парови од семејно насилство. Дотолку повеќе, широката дефиниција што гласи „лица кои се наоѓаат во блиски лични односи“ целосно ги вклучува и заедниците помеѓу двајца мажи или две жени и со тоа ги гарантира заштитата, спречувањето и превенцијата од семејно насилство и за овие групи. Извор: Дрпљанин, В./Менкиоски, И., „Анализа на законската рамка во однос на правата на ЛГБТ-заедницата“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје, 2017., стр. 19-20.

од полицијата биваат квалификувани како прекршоци против јавен ред и мир или прекршоци поврзани со спортски натпревари.

Во МВР постои празнина и во однос на регистрирањето и обработката на податоците за делата од омраза. Структурно, навистина во МВР постои и специјализирано одделение за водење статистика што прима податоци како од скопската Единица за криминалистичко-разузнавачка анализа (ЕКРА) така и од одделенијата за криминалистичко-разузнавачка анализа од градовите во внатрешноста. Проблемот е во тоа што овие органи ги регистрираат сите одделни прекршоци против јавен ред и мир и кривичните дела по однос на: време, место и начин, но најважно – и по однос на правната квалификација. Сепак, тие најпрвин немаат претстава за тоа кои кривични дела се од специјален вид на дела од омраза, па да би биле насочени само кон нив и да би испорачувале годишни извештаи, а потем тие не ги регистрираат различните ставови од членовите под кои се нормирани кривичните дела во КЗ. Ова претставува реален проблем што би можело да биде едноставно решен со техничко вметнување и на ставовите како одделни графи во електронските табели во кои се водат евиденциите за сторени дела кај овие органи. Конкретните и прецизни правни квалификации секако би требало да бидат -потврдени и од страна на јавните обвинителства во текот на кривичната постапка, па затоа се покажува како нужност во иднина да има активна комуникација помеѓу ЈО, од една страна, и ЕКРА (евиденциски го обработува 80 % од криминалот во државата) и ОКРА, од друга страна. Ова е и донекаде исполнето бидејќи за ЈО, како што беше кажано, постои законска обврска секогаш да го известува МВР ако е подносител на кривичната пријава, а за епилогот на кривичната постапка – мериторната јавнообвинителска одлука и кој допис во себе содржи и податок за точната правна квалификација.

Што се однесува на јавните обвинителства, кај нив се рефлектираат предизвиците и проблемите со кои се соочува МВР бидејќи таков – каскаден е текот на кривичната постапка; работата на МВР се канализира преку ЈО во форма на поднесени кривични пријави и известувања. Од обврските што ЈО ги исполнува на планот на регистрирање и обработка на податоците за делата на говор на омраза, се кажа погоре дека подлога претставуваше воведувањето на електронскиот „Case managment" систем во согласност со Законот за јавнообвинителска служба[80] и Правилникот за внатрешно работење на јавните обвинителства[81]. Имено, во самиот систем, аналогно на судскиот АКМИС, постои посебна графа што мора од страна на надлежниот ЈО да биде штиклирана, а доколку станува збор за дело од омраза. Од аспект на предизвиците и што се однесува на јавните обвинителства, значајно е дека во согласност со тој Правилник за внатрешно работење на ЈО од 29.7.2021 година, уписниците е потребно да се водат електронски[82]; предметите и сите списи се заведуваат во електронската база, а за тие потреби, во согласност со чл. 79, беше организиран Центар за информатика што се грижи за оперативноста на Системот за управување со предмети (анг. Case Managment System).

[80] „Сл. весник на Р Македонија" бр. 62 од 20.4.2015 година.

[81] „Сл. весник на Р. Северна Македонија" бр. 190/2021 од 29.7.2021 година.

[82] Види чл. 62 ст.5.

Слично како и со судскиот систем, но и со „записникот за примање на пријава" на МВР, и тука ќе треба да се интервенира и да се воведе графа за – дела на говор на омраза, со оглед на тоа што постои јасна законска дистинкција со делата на омраза. Дополнително, ќе треба да се уреди Протоколот за соработка помеѓу МВР, ЈО и Финансиската полиција од 2014 година, со што ќе се пропише обврска за итно усно известување од страна на извршните органи спрема ЈО во случај на сторено и откриено дело од омраза[83], а без оглед дали тоа дело е квалификувано како „тешко"[84]. Во 2023 година навистина беше потпишан уште еден Протокол за соработка помеѓу МВР и ЈОРСМ[85], но тој беше во врска со продлабочување и разјаснување на првичниот Протокол од 2014 година, а притоа е значајно дека во него се направи категоризација на кривичните дела, па така се воспостави и категоријата „сложени кривични дела" за кои организациската единица на МВР е должна веднаш да го извести ЈО за примена пријава. Тука не е наведено дали под ваквите кривични дела би се третирале и најтешките специјални облици на кривични дела од омраза, па постои простор за доработување на Протоколот во таа насока, особено од причина што со последниот Протокол беше формирана осумчлена Комисија што специјално ќе се занимава со „измените и дополнувањата" на Протоколот. Во делокругот на оваа Комисија и со истата цел и задача би се толкувало и усогласувањето на методите за регистрирање и обработка на делата на говор на омраза. Исто така, пожелно е ЈОРСМ, во согласност со претходните практики, да донесе „Задолжително упатство" за постапување на сите ЈО во случаите на дела од омраза. Ваквите документи често се класифицирани и со назнака „Дов" и се за интерна употреба на ЈО.

Од аспект на делата од омраза не може да се релевантни само прописите за кривичниот прогон на сторителите, туку и другите прописи што ја регулираат превенцијата на овие дела, како и оние што се занимаваат со пост фестум процесите на „лекување" на последиците и ресоцијализацијата на сторителот, како што се Законот за извршување санкции и Законот за пробација.

## 8.1. Зајакнување на правната рамка и дефиниции

Очигледно е дека на континентално ниво беше направен исчекор во легислативата со дефинирањето на „говорот на мраза" од страна на Совет на Европа во 2022 година. Тоа нешто ќе се рефлектира и кај нас. На пример, тие, неколку, кривични дела на говор на омраза во чие битие постои наведување прекумерен број групи со заштитени карактеристики да бидат скусени во согласност со ставот на СЕ и да бидат во поголема кохезија со дефиницијата за дело од омраза од чл. 122 од КЗ.

Постои простор и за дополнително унапредување во КЗ по однос на делата од омраза[86]. Небулоза постои и во поглед на различните дела на говор на омраза, па така

[83] Види чл. 8 од Протоколот.

[84] Во согласност со ЗКП, оваа обврска органите ја имаат само доколку е откриено кривично дело што повлекува казна затвор повисока од 4 години.

[85] https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2023/04/protokol-za-sorabotka-%D1%98orsm-mvr_1.pdf

[86] Така во член 130 [Телесна повреда] став 2 и став 3 претставуваат двојна инкриминација со нееднаква предвидена санкција и истото е потребно да се исправи од страна на законодавецот.

не се гледа логичноста во одделните битија ако се споредат делото „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од чл.394-г ст.1 од КЗ со делото – Загрозување на сигурноста член 144 ст. 5 од КЗ бидејќи дел од дејствата на првото просто претставуваат поттикнување во согласност со чл. 23 од КЗ за второто дело. А притоа е предвидена иста казна и за двете кривични дела. Дополнително, по однос на член 144 [Загрозување на сигурноста] интригантно е дека формата на дело на омраза од став 3 се казнува полесно (од три месеци до три години казна затвор) отколку формата на говор на омраза – став 5 (од една до пет години казна затвор).

По однос на споменатата норма од чл. 39 ст. 6 од КЗ[87], времето покажа дека таа не само што воопшто не била применувана од страна на судиите и претставува „мртво слово на хартија" туку е и каучук норма бидејќи би било незамисливо некоја пресуда да би била „соборена" во жалбена постапка поради основот – повреда на материјалниот закон (Кривичниот законик) доколку жалбата се базира само на прекршувањето на судот на споменатата норма. На крајот на краиштата, оваа одредба е и малку контроверзна бидејќи ги нагризува уставно и законски втемелената судиска независност и автономијата во одлучувањето. Од овие причини е потребна дерогација на истата.

Релевантни се и други закони што не треба да се превидуваат, туку почесто да се применуваат во третманот на сторителите на делата од омраза. При анализа на пресудите се утврди дека обвинетите не добивале соодветни санкции што се предмет и на пробациските работи регулирани со Законот за пробација[88]. Тој Закон беше новитет во спектарот на кривичноправното законодавство. И покрај тоа што „пробацијата" во пракса доби тесно значење[89] (), со овој Закон се уредуваат пробациските работи и постапката за извршување на алтернативните мерки што се од интерес за проблематиката на делата од омраза, а имено: условната осуда со заштитен надзор и општокорисна работа[90] (). Тие претставуваат интерес од причина што овие алтернативни мерки се мошне погодни и нудат изгледна ресоцијализација кај сторителите на дела од омраза што сториле полесно дело и се претходно неосудувани. Едноставно, добар впечаток „фидбек" за општеството би било истиот сторител да би работел општокорисна работа во некоја хуманитарна организација што се занимава со унапредување на правата на онаа група со заштитени карактеристики што сторителот претходно ја нападнал и за кој напад бил осуден. Или, пак, на пример да работи во некоја јавна установа токму во населбата каде што живеат граѓани што припаѓаат на таа група, макар тоа да би била образовна установа или, пак, ЈП „Улици и патишта".

И ако ова нешто беше по однос на алтернативната мерка – „Општокорисна работа", тогаш по однос на алтернативната мерка „Условна осуда со заштитен надзор" доволен аргумент е тоа што таа би можело да се изрече и за потешки кривични дела од

[87] За задолжението на судиите да образлагаат во секоја една од пресудите зошто не го примениле чл. 39 ст. 5 од КЗ.

[88] „Сл. весник на РМ" бр. 226 од 25.12.2015 година.

[89] Бидејќи таа не подразбира и иницијатива за отповикување на условни осуди што се без заштитен надзор.

[90] Види чл. 1.

омраза, но Судот во согласност со чл. 56 ст. 1 т.8 од КЗ да би наложил „користење на слободното време по оцена на надлежниот орган во согласност со закон", а тоа да би било повеќе дружење и заемна соработка со лицата од заштитената група кон која сторителот имал анимозитет, со истовремено изрекување Обврска кај заштитниот надзор: „одбегнување и недружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот", во согласност со чл. 56 ст. 1 т. 9 од КЗ, а кое нешто би било од корист доколку станува збор за млад сторител вмешан во некоја радикална група на младинци или хулигани и што би имало за резултат на планот на специјалната превенција и ресоцијализација.

А куриозитетно е дека во ниедна од анализираните пресуди за кои стана збор погоре немаше изречено некоја од горенаведените мерки.

Пробациските работи ги извршуваат пробациски службеници од Управата за извршување на санкциите (во натамошниот текст: Управата), врз основа на барање или одлука на суд во тек на судската постапка и врз основа на правосилна и извршна судска одлука, а по претходна согласност на лицето спрема кое се извршуваат пробациските работи.

Во рамки на Управата се организира Сектор за пробација како организациска единица на Управата на централно ниво и канцеларии на подрачјето на основните судови со проширена надлежност на локално ниво. Овој Сектор ги доставува своите статистички извештаи токму до Управата[91]. Инаку постапката околу изрекувањето и спроведувањето на гореспоменатите алтернативни мерки е регулирана не само со Законот за пробација, туку и со Глава XXXII од ЗКП, како и со Глава XXX од Законот за извршување на санкции (но само по однос на децата – сторители, а не и полнолетните сторители, што е и разумно решение со оглед на тоа дека Законот за пробација е lex specialis по однос на таа материја).

Во изминатава декада Управата потпиша многубројни договори со: јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, приватни фирми и други субјекти каде што се реализира алтернативната мерка – општокорисна работа[92]. Со појавувањето на кривичните постапки за кривични дела од чл. 206 од КЗ во периодот на КОВИД пандемијата зачестија и овие парапенални и адмонитивни мерки за чие спроведување од значење е и Правилникот за начинот на извршување на општокорисна работа што наложува со осудениците Управата да склучува договори за општокорисна работа. За време на работењето Управата е должна да го осигури ова лице од повреда на работа. Искуството покажа дека пробациските офицери се посветени на работата и за секој осуденик за кого оформиле предмет на работа изработуваат „Индивидуална програма за третман", а врз основа на процената за личноста и личните прилики на осуденикот. Оваа служба има постојана соработка со МВР како по

91 Во согласност со чл. 9 од Законот, Управата за извршување на санкциите води единствен регистар за лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи. Во рамки на единствениот регистар се водат евиденција и досиеја за лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи. Евиденција за извршување на пробациските работи водат пробациските канцеларии на локално ниво. Регистарот се води електронски. Пробациските службеници изработуваат и Извештаи за извршувањето на алтернативните мерки и истите ги доставуваат до судот што ја донел одлуката во прв степен.

92 Се евидентира дека првиот случај на реализирана општокорисна работа од страна на осуденик бил во 2019 година во Тетово. Извор: Брошура „Сектор за пробација", Министерство за правда, Скопје, 2019, стр. 16.

однос на добивањето податоци од МВР за живеалиштата или престојувалиштата на осудениците така и по однос на обврската на службата да го информира МВР за правосилни и извршни пресуди со кои била изречена општокорисна работа. Во случај на вакваалтернативна мерка пробациската служба ја известува и Агенцијата за вработување[93].

## 8.2. Зголемување на јавната свест и едукација

Северна Македонија ја спроведе Програмата на ОДИХР за обука против криминалот од омраза за спроведување на законот (TAHCLE) во 2014 година, обучувајќи повеќе од 2 000 полицајци во рамките на програмата до 2018 година. „Освежување" – повторување на обука беше спроведено од ОДИХР во декември 2021 година[94]. Северна Македонија ја спроведе и програмата на ОДИХР „Обука за обвинители и криминал од омраза" (PAHCT) во 2019 година, а во 2022 година заврши обука за дела од омраза за судството заедно со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Освен ОБСЕ, активност за истово projави и Хелсиншкиот комитет за човекови права – Скопје. Дополнително оваа невладина организација, за разлика од ОБСЕ, својата дејност ја прошири и на делата на говор на омраза. Премиерните предавања за говор на омраза за судии и JO беа изведени уште во 2019 година со посредство на Хелсиншкиот комитет за човекови права – Скопје и АСЈО.

Што се однесува на говорот на омраза, предвидени се пообемни обуки за полицајците да се спроведат во содејство со невладиниот сектор и Полицискиот центар за обука во Скопје. Што се однесува, пак, на криминалот од омраза, како дел од својот проект за градење сеопфатен одговор на органите за кривичен прогон на делата од омраза, ОДИХР од поодамна има развиено комплет на практични алатки водичи и методологии насочени кон зајакнување на напорите на владата, институциите на кривична правда, агенциите и граѓанските организации[95]. Пакетот со алатки се

[93] Извор: Ристова, О. и Балтовска, Е., „Прирачник за соработка на државните институции, јавни претпријатија и невладини организации со пробациска служба", Зелена лупа, Скопје, 2021, стр. 19 и стр. 27.

[94] Во декември 2021 година, како дел од програмата на ОДИХР за обуки против дела од омраза за спроведување на законот (TAHCLE), се одржа повторна сесија за обука на обучувачи (ТоТ) за дела од омраза за полицијата во Охрид. На обуката учествуваа вкупно 22 учесници (7 жени и 15 мажи) од целата земја. Каскадната фаза на програмата за обуката TAHCLE продолжува. Извор: https://www.hatecrime.osce.org/reporting/north-macedonia/2021.

[95] ОБСЕ ОДИХР предлага: „Алатките кои ги мерат непријавените дела од омраза и нивното влијание врз жртвите можат да обезбедат подобар показател за вистинскиот обем на криминал од омраза, како и вредни информации за влијанието на криминалот од омраза врз жртвите. Тие можат да идентификуваат одредени заедници кои се изложени на ризик и да обезбедат информации за променливите модели на насилство. Тие можат да помогнат да се процени нивото на доверба на заедницата во полицијата и во други агенции за кривична правда. Сето ова знаење може да помогне да се подобри планирањето, превентивното дејствување и одговорот. „Механизми за собирање и следење податоци за криминал од омраза. Практичен водич", (2014 г.: Варшава: ОБСЕ/ОДИХР, стр. 33).

базира на искуството на проектот на ОДИХР во Бугарија[96], Грција, Италија и Полска за да се истакнат добри практики и научени лекции.

ОДИХР Канцеларијата исто така има развиено робусна програма за собирање податоци за криминал од омраза, наречена „Информации против криминал од омраза криминал (INFAHCT)", за да им помогне на земјите учеснички во нивните напори за ефикасно следење и регистрирање на делата од омраза[97].

Инаку пионерските публикации на темата – криминал од омраза беа напишани од македонските теоретичари уште во 2012 година во издание на АСЈО, а во форма на правна анализа[98]. Потоа следуваа и обуките на постојните судии и ЈО во форматот на „континуирана обука" при АСЈО, па така првите обуки беа уште во 2013 година[99].

Освен ОБСЕ, во државата има уште една меѓународна организација што посветува внимание на обуките за борба со делата од омраза, а тоа е Советот на Европа. Програмата на СЕ за едукација за човекови права за професионалци од областа на правото (HELP) е главната образовна платформа на СЕ за европските стандарди за човекови права за професионалци од областа на правото (главно судии, јавни обвинители и адвокати) и, кога е релевантно, други професионални групи[100]. HELP курсот на Совет на Европа е составен од два посебни модули: за говор на омраза и за криминал од омраза. Модулот за говор на омраза е развиен како заедничка иницијатива на HELP програмата и ODIHR, со придонес на FRA. Покрај онлајн HELP курсот „Борба против криминалот од омраза, ефективна истрага, гонење и постапување по криминалот од омраза" беше изработен курс за криминал од омраза и говор на омраза во рамките на истоимениот проект на Совет на Европа[101].

Од анализата на пресудите и обвиненијата неспорно се докажа дека сѐ уште делумно има недостиг на свесност и експертиза кај судиите и ЈО. По однос, пак, на полицијата веќе една декада се реализираат обуките за препознавање и реакција на криминалот од омраза во Центарот за обука на МВР во Идризово – Скопско и тоа даде резултат како што се согледува и од статистиката погоре по однос на МВР,

96 Пилот-обукаташто беше одржана на различни локации во Бугарија ја формираше основата на прирачникот за обука за полицијата и јавните обвинители. https://www.osce.org/files/ODIHR_Toolkit_Brochure_for_WEB_use_only.pdf

97 На 20.10.2014 година во Скопје, во организација на АСЈО и ОБСЕ, беше организирана значајна конференција насловена како „Механизми за прибирање податоци и мониторинг на криминалот од омраза", а на која учество зеде и претставникот од ОДИХР – Џоана Пери.

98 (http://nemrazi.mk/pravna-analiza-na-kontseptot-na-kaznenoto-delo-na-omraza-i-govorot-na-omraza/), како и збирка „Пресуди и одлуки во врска со говорот на омраза од судската практика на Европскиот суд за човекови права" (https://www.osce.org/mk/skopje/97690).

99 Во 2013 и 2014 година од страна на Академијата за судии и јавни обвинители беа организирани неколку настани по однос на темата за борба со криминалот од омраза. Најпрвин беа организирани обуките за обучувачите, а потоа следуваа по 4 каскадни дводневни обуки за секое судско апелациско подрачје на кои учествуваа повеќе од 80 учесници на годишно ниво, а во 2015 година беше организиран и дополнителен тренинг за обучувачите. Извор: Арнаудова, А., „Ефективни закони и квалификувани професионалци како одговор на говорот од омраза", Зборник „16 Ноември, Меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови", МАНУ-ОБСЕ, Скопје, 2015, стр. 81.

100 Види: https://www.coe.int/en/web/help/home.

101 Види: https://www.coe.int/en/web/inclusion-and-antidiscrimination/georgia-fighting-discrimination-hate-crime-and-hate-speech

но не би било во ред од нив да се очекува да се „повични“ правници од самите судии или ЈО. Факт е дека обуките во АСЈО за делата од омраза се дел од реалноста последниве години, но се покажа дека е нужно тие да продолжат, а секако треба да продолжат и обуките за полицијата.

При несигурноста на официјалните механизми за прибирање податоци, граѓанското општество (НВО) често е порелевантен извор на податоци за природата на кривичните дела од омраза, нивното влијание и пречките на патот на правдата и во безбедноста на жртвите. Во нивните анализи константно се следи трендот и се прибавуваат податоци за делата од омраза; за релевантните легислативни измени; за пружањето на конкретните информации до граѓаните околу оваа област, но и до политичките фактори што би биле во состојба да помогнат за подобрување на ситуацијата ако е зголемен овој криминалитет.[102] Во техниките на прибавување податоци од страна на граѓанските организации се користат не само службените статистики, кои се најчесто или недостапни или недоволни, туку и се анкетираат жртвите на делата и се прават квалитативни истражувања на студиите на случаи[103]. Документирањето на податоците го вклучува и изворот на информацијата, како и варијаблите и категориите по основ на кои тие податоци биле прибавувани. За да се зголеми кредибилитетот на податоците, се користат поголем број прокси-варијабли, од типот на: етницитет. Најважно е да се има предвид дека криминалитетот е жива материја, па затоа ниту податоците, ниту начините на нивното прибавување не може да се статични[104].

Важно е да се има на ум дека е можно и други органи да прибираат разни податоци и информации. На пример, здравствените и социјалните служби можат да прибираат информации за жртвите и услугите што им се пружаат, образовните органи можат да имаат податоци за кривичните дела од омраза или инцидентите во училиштата, а службите за домување можат да имаат податоци за делата од омраза во одредени подрачја или станбени комплекси. Исто така и научните кругови е потребно врз основа на таа статистика да ја утврдат корелацијата помеѓу економските и културолошките фактори и делата од омраза[105]. Тесната координација меѓу министерствата и органите може да доведе до развој на широк стратегиски пристап од страна на властите, со што многу владини органи би се сплотиле во заложбите за ефективен одговор на делата од омраза.

Државните органи треба да ја почитуваат одредбата од Законот за слободен пристап кон информациите и да обезбедат јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и да им овозможат на физичките и правните лица да

[102] Инструментите што се користат од страна на НВО секторот при прибавување на податоците за делата на омраза се: 1) мерење, 2) евалуација, 3) следење на состојбите и транспарентност и 4) известување на телата на власта, политичарите и меѓународните организации.

[103] Тука се опфаќаат бројот на правосилни судски одлуки, бројот на жртвите, бројот на сторителите, бројот на спортски клубови што биле прекршочно или кривично казнети, бројот на поднесени пријави до МВР, бројот на корисници на бесплатна правна помош и бројот на претставки против полицајци од страна на граѓаните.

[104] Види повеќе: Praktični vodič za tijela javne vlasti i institucije: „Kako prikupljati podatke o jednakosti?“ Ludwig Boltzmann Institut za ljudska prava i Ured za ljudska prava i prava nacionalnih manjina Vlade R. Hrvatske, Zagreb, 2013, str. 30-39.

[105] Студија од ваков карактер беше направена во Р Италија. Извор: Poljak, Ibid, str. 2715. Достапно на: http://www.centar-fm.org/inmediasres/index.php/marko-poljak-jelena-hadzic-i-masa-martinic-govor-mrznje-u-hrvatskom-medijskom-prostoru (22.5.2023).

го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, па дури и во случаи кога станува збор за кривичен прогон поради дело од омраза (но ограничено и со почитувањето на принципот од ЗКП за – тајност на истражните постапки).

Конкретно, по однос на делата на говор на омраза, во РСМ веќе функционира Меѓуресорна комисија при Владата на РМ за борба против дезинформации и говор на омраза и која во иднина би можела да врши координација помеѓу релевантните институции во врска со третманот на делата на говор на омраза, а која, исто така, ќе ја врши и улогата на фронтмен пред јавноста со цел превенција и преемптивно дејствување. Во 2023 година 11 НВО подготвија документ „Државни принципи за стратегија за борба со дезинформации", но до ден-денес не е донесена националната стратегија за тоа иако беше во план тоа да биде сторено во 2024 година.

По однос на делата на говор на омраза значаен успех претставува фактот дека во 2019 година Советот за етика во медиумите (СЕММ), поддржан од ОБСЕ, ја промовираше формираната мрежа за борба против говорот на омраза во медиумите, со очекување да има важна улога во заштитата на човековите права. Од самиот почеток Мрежата опфати повеќе специјализирани НВО во доменот на заштита на човековите права и повеќе релевантни државни институции од извршната власт (МВР, МНР, ААВМУ, КЗД, Омбудсман), како и ЈОРСМ. Во следните години оваа мрежа се состана неколку пати, па беа донесени актите: Декларација за борба со говорот на омраза во медиумите и Меморандумот за соработка.

За Северна Македонија не постојат официјални податоци по однос на сајбермалтретирањето што честопати се манифестира со говор на омраза, но факт е дека постојат вакви појави. За поздравување беше иницијативата во НВО секторот за медиумско едуцирање на граѓаните за постоењето на „сајбернасилството" (кој термин се одомаќини кај нас) иако таквите пројави се скромни во облик на „памфлети" за брзо запознавање со феноменот[106]. Во приватниот, пак, стопански сектор отскокнува фирмата „Макпетрол" и нејзината кампања во 2024 година за сузбивање на „врсничкото насилство"[107], кое, пак, е честопати сторувано од омраза[108].

## 8.3. Проширување на системот за заштита на жртвите и правна помош

Според Кривичниот закон под поимот „жртва" се подразбира: „секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело"[109]. Во согласност со ЗКП, жртвата може да се надева на надомест на штета. Штетата, пак, во согласност со ЗПП може

[106] Види: Брошура „Сајбернасилство... и тоа е насилство!", Метаморфозис, Скопје, 2011.

[107] https://telma.com.mk/2024/04/16/opshtestveno-odgovornata-kampana-na-makpetrol-se-proshiruva-vo-sveti-nikole-i-vo-novo-selo/

[108] https://libertas.mk/fbi-sekoe-desetto-zlostorstvo-od-omraza-se-sluchuva-na-uchilishte/

[109] Види: чл. 122 ст.22.

да биде материјална и нематеријална, а се толкува како намалување на нечиј имот (обична штета), спречување за зголемување на имотот (пропуштена корист) и нанесување на друг физичка или психичка болка или страв (нематеријална штета)[110].

Инаку виктимологијата е наука што повеќе наоѓа легислативна завршница во казненото процедурално право отколку во материјалното. До скоро речиси и да не постоеше развиен систем за поддршка на жртвите во Северна Македонија за да се одговори на потребите на жртвите од криминал од омраза. Според Законот за кривичната постапка, жртвата на какво било кривично дело има право на ефективна психолошка и друга професионална поддршка од властите, институциите и организациите што нудат помош на жртвата на криминал. Одредена специјализирана поддршка за жртвите од криминал од омраза обезбедуваат граѓански организации.

Жртвите на кривични дела за кои е изречена казна затвор од најмалку четири години имаат право на бесплатна правна консултација пред давање исказ и да добијат надомест за нематеријална штета од сторителот или државата. Некои жртви – вклучувајќи малолетници, загрозени жртви и особено ранливи жртви – имаат право на посебни мерки за заштита кога даваат изјави или се интервјуирани во сите фази од постапката. Жртвите на одредени кривични дела („против родовата слобода и родовиот морал, хуманоста и меѓународното право“) имаат дополнителни права, вклучувајќи: право да разговараат со советник или полномошник бесплатно пред интервјуто (во случај жртвата да учествува како оштетен во постапката); право на интервју со лице од ист пол; право да одбие да одговори на прашања за личниот живот на жртвата, доколку не е поврзано со кривичното дело; право на интервју со користење аудиовизуелна опрема; и право да бара изземање на јавноста од главната расправа. Посебните мерки на процесна заштита судот ги определува по предлог на јавниот обвинител или жртвата или по сопствена процена кога е неопходно да се заштитат ранливите жртви.

Законот за кривичната постапка ги уредува и прашањата поврзани со сослушувањето на особено ранливите жртви и сведоци со посебно внимание, а доколку е потребно: во присуство на лице од доверба; со помош на психолог, социјален работник или друго стручно лице; користејќи технички средства/алатки за пренос на слика и звук; без присуство на странките итн. За време на испитувањето на жртвата или сведокот, судот може и да ја исклучи јавноста.

Жртвите на сите кривични дела имаат право да учествуваат во кривичната постапка како оштетени со приклучување кон кривичното гонење или заради барање отштета. Во случај ако сторителот не може да плати надомест, тој е покриен од државата.

[110] На оштетениот што имал физички болки може да му се даде надомест чија висина зависи од интензитетот и времетраењето на тие болки, кое нешто се утврдува со вештачење. Судот при одлучувањето за висината на оваа отштета мора да води сметка и за трошоците што настанале за хоспитализирањето и лекувањето на жртвата. Оштетениот има право и на надомест за душевна болка поради смалување на животната активност (од траен или привремен карактер), како и поради нагрденоста, која се манифестира како губење или оштетување на некој дел од телото, поради кое нешто жртвата има душевна болка. Извор: Ignjatović, Đ./Simeunović P., B., „Viktimologija“, Pravni fakultet u Beogradu, ed. Crimen, Beograd, 2011, str. 135.

Во оваа материја беше направен значаен пробив со донесувањето на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[111]. Целта на овој Закон е да се обезбеди паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство[112] како помош од страна на државата, во согласност со начелото на општествена солидарност и да се спречат можна виктимизација и секундарна виктимизација како дополнително страдање што жртвите може да го претрпат од односот на надлежните органи[113].

Жртвата (и посредната жртва[114]) има право на паричен надоместок без оглед дали сторителот на кривичното дело е познат и без оглед дали против сторителот на кривичното дело е поведена кривична постапка, или, пак, постојат фактички или правни пречки за водење кривична постапка (види чл. 14). Во член 13 се стипулира: „Предуслов за остварување на правото на паричен надоместок во согласност со одредбите од овој закон е кривичното дело да е евидентирано или пријавено во полиција или во јавното обвинителство[115].

Причините за донесување на овој Закон се сепак во тоа што досега беше мошне слаб процентот на наплата од сторителите, а и занемарливи беа постапките за конфискација, но причина беше и долгото траење на кривичните постапки. За спроведување на Законот требаше да биде формирана Комисија.

Така, беше формирана петчлена Комисија во февруари 2024 година[116]. Комисијата својата прва седница ја имала истиот месец. Претседател на Комисијата е судија. До 10.9.2024 година биле одржани вкупно 8 седници. Секретар на Комисијата е вработен во МП на РСМ. Донесени се Правилник за печат и Правилник за форма и

[111] Со овој Закон се уредуваат правото на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, условите за остварување на правото на паричен надоместок, видовите паричен надоместок, основањето, статусот, составот и надлежностите на Комисијата за надоместок на жртви од кривично дело со насилство, изборот, мандатот, престанокот на мандатот, како и разрешувањето на претседателот и на членовите на Комисијата, средствата за исплата на паричниот надоместок на жртвите, информирањето и поучувањето на жртвите, постапката за остварување на правото на паричен надоместок, правото на регрес, постапката во прекугранични предмети, како и евиденцијата и чувањето на податоците.

[112] Член 10: „Жртва на кривично дело со насилство, во смисла на овој закон, се смета непосредната и посредната жртва на кривично дело со насилство..."

[113] Види чл. 4.

[114] Член 12: „Посредна жртва е член на семејството (брачен или вонбрачен партнер, дете, родител) на непосредна жртва кај која настапила смрт поради кривичното дело со насилство од член 9 од овој закон."

[115] „На барање на жртвата, полицијата или јавното обвинителство се должни на жртвата, на нејзиниот родител или старател или полномошник да му издадат соодветно известување, записник за примање пријава, службена белешка или потврда дека делото е пријавено или евидентирано како кривично дело."
(Ова нешто не се коси со ЗКП каде што се регулира дека преписи на оштетен може да му се дадат по неговото испитување.)

[116] ЈО Стевчо Донев од ВЈО Штип е претставник во Комисијата. Од интервјуто со него направено на ден 11.9.2024 година се дозна дека Комисијата веќе имала примено 3 предмети во работа, при што во ниеден од нив не станува збор за жртви од криминал од омраза, туку во еден од нив станува збор за семејно насилство, а другите два предмети биле формирани по ненавремено поднесени барања.

содржина на обрасци[117]. Просториите на Комисијата се во Министерството за правда на РСМ.

Познато е дека делата од омраза се посебно вехементни кон имотот на жртвите. Затоа од значење е информацијата[118] дека моментално се работи на предлог на Закон за дополнување и измена[119] на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 77/2021)[120]. Ова, поради потребата за усогласување на одредбите од овој Закон со меѓународните стандарди во областа на конфискација на имот и имотна корист и предавање на одземени предмети и имотна корист (Конвенцијата на СЕ за перење пари, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам од 2005 година[121], со која се изменува и се дополнува Стразбуршката конвенција од 1990 година), како и отстранување на лоцираните недостатоци предвидени во сегашниот закон.

Се дава приоритет на враќањето на конфискуваниот имот на државата барател за цели на компензација на жртвите на кривичното дело, односно враќање на имотот на неговите легитимни сопственици, што се обезбедува врз основа на акт со кој е утврдена компензација на жртвите, односно враќање на имот на легитимни сопственици.

Доколку се направат овие легислативни измени, тогаш Законот за меѓународна соработка во кривичната материја станува комплементарен на Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка („Службен весник на РСМ" бр. 53/2024 од 4.3.2024) во кој во чл. 21 ст. 1 се наведува дека централен орган за меѓународната соработка е ЈОРСМ, како и со Законот за канцеларија за поврат на имот („Службен весник на РМ" бр. 66/2024 од 20.3.2024). Со овој Закон се уредуваат основањето, надлежностите и финансирањето на Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларијата), соработката со домашни органи и институции, соработката со странски држави и со Електронската интегрирана база на податоци. АРО Канцеларијата се основа во рамки на ЈОРСМ и ќе има надлежност да презема активности за добивање информации и податоци за пронаоѓање и идентификување приноси и друг имот или имотна корист во земјата или странство во врска со домашен државјанин или резидент во Република Северна Македонија, лице без државјанство или странец, како и за потребите на постапката за конфискација без утврдување кривична одговорност регулирана во согласност со закон што произлегле или се во врска со кривичните дела опфатени со член 8 од Законот[122].

[117] Дознаено од интервјуто со Андријана Ѓорѓевска, раководителка на Одделението за помилување и надомест на штета во Министерството за правда на РСМ, направено на 10..9.2024 година.

[118] Прибавена информација од раководителката на Одделението за меѓународна правна помош во кривична материја при Министерството за правда – Гордана Милевска.

[119] https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=83230

[120] https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=83230

[121] https://rm.coe.int/168008371f

[122] Станува збор за четириесетина кривични дела типични за криминолошката дисциплина на „Организиран криминалитет", но кои во најголем број би можело теоретски да бидат и дела на омраза.

Веќе беше кажано дека од пенолошки аспект, пробацијата и превентивната супервизија се добри алатки за контрола на претходните сторители, но, за жал, сè уште непрактикувани во означаен обем во Р. С. Македонија[123]. Од виктимолошки аспект, и покрај направените измени во кривичната постапка[124] со кои се внесе поимот на „жртва", во практика, државата сè уште не ги поставила оптимално сите институционалните мрежи за навремена заштита и сатисфакција на овие лица, но секако дека има прогрес.

# 9. Заклучок

Анализата на спроведувањето на законодавството за кривични дела од омраза и криминализираниот говор на омраза во Република Северна Македонија за периодот од јануари 2019 до јуни 2024 година укажува на значителни постигнувања и предизвици. Криминалот од омраза и говорот на омраза не само што ги нарушуваат животите на жртвите туку и ја подриваат социјалната кохезија, создавајќи атмосфера на страв и несигурност. Податоците јасно покажуваат дека предрасудите врз основа на етничка припадност, политичката поларизација и други дискриминаторни фактори остануваат значајни двигатели на овие дела, што бара засилени напори за подигнување на јавната свест, зајакнување на правната рамка и зголемена ефикасност на институциите во спроведувањето на законите.

Амандманите на Кривичниот законик од 2019 година претставуваа важен чекор кон дефинирање и санкционирање на делата од омраза, вклучувајќи го и нивното признавање како отежнувачки околности при изрекување на казните. Сепак, анализата открива значајни празнини и предизвици во спроведувањето на законодавството:

- **Недостаток на систематско регистрирање и обработка на податоци:** Кај органите на прогонот и судството постојат празнини во евидентирањето на делата од омраза и говорот на омраза, што ги отежнува следењето и анализата на трендовите.
- **Мешање на поимите:** Постои конфузија помеѓу значењето и поврзаноста на поимите „омраза", „говор на омраза", „криминал од омраза", „родово-базирано насилство" и „семејно насилство", што доведува до неправилна класификација и постапување од страна на органите на прогонот.
- **Недоволно познавање на индикаторите за пристрасна мотивација:** Органите на прогонот и судовите ретко се фокусираат на перцепцијата на жртвите, етничката, верската и другите припадности на сторителите наспроти жртвите, местото и времето на сторување на делата од омраза, непостоењето на друга мотивација итн.

[123] На нивната употреба упатува и легислативата на ЕУ, а конкретно Препораката на Комитетот на министри (2014) 3 од 19.2.2014 година при Европскиот совет околу третманот на опасните сторители на кривични дела *„кога постои голема можност дека лицето повторно ќе стори сериозно кривично дело."*

[124] „Службен весник на РМ" бр. 120/2010.

- **Недостаток на темелни докази:** Во некои случаи, предлозите за издавање казнен налог се базираат само на копии од слики или коментари од социјалните мрежи, без соодветни вештачења, што ја поткопува веродостојноста на доказите и правичноста на процесот.
- **Процесирање на пцости, навреди, клевети и вредносни судови како криминализиран говор на омраза:** Во дел од предметите, органите на прогонот и судовите процесираат недолични вербални конфликти што нè повикуваат на насилство и дискриминација, со што може да се навлезе во граѓанско-правната материја или да се ограничи слободата на изразување.
- **Овозможување селективна заштита за одредени професии:** Преку кривичноправен одговор на говорот од омраза, одредени професии добиваат статус на заштитени групи (пр. полицајци, судии, новинари и поранешни пратеници) поради нивниот „личен" или „општествен" статус што може да води кон ограничување на слободата на говорот.
- **Недоволно образложени обвиненија и пресуди:** Јавнообвинителските и судските акти и одлуки често се премногу кратки и нејасни во однос на тоа која заштитена карактеристика е земена предвид, создавајќи правна несигурност и отежнувајќи ја доследната примена на законските одредби.
- **Нееднаква заштита на различни групи:** Најголем број процесирани случаи се однесуваат на говор на омраза базиран на политичко уверување и етничка припадност, додека други заштитени карактеристики се занемарени, што укажува на можни празнини во заштитата на одредени ранливи групи. Во 17 од вкупно 18 предмети поврзани со политичкото уверување како жртви се јавуваат актуелни и поранешни функционери на владејачките партии.
- **Недоволни и непропорционални казни:** Преовладува примената на условни осуди, без изрекување затворски казни, што покренува прашања за одвраќачкиот ефект на казните и нивната соодветност со сериозноста на делата.
- **Недоволна примена на алтернативни мерки:** Во практика ретко се применуваат алтернативни мерки како општокорисна работа или условна осуда со заштитен надзор, кои би можеле да придонесат кон ресоцијализација на сторителите.
- **Недоволна обука и свесност:** Иако постојат мал број обуки за практичарите во правосудниот систем, потребно е нивно продолжување и надградување, особено во разбирањето на разликите помеѓу различните видови говор, насилство и криминал.
- **Недоволна заштита и поддршка за жртвите:** Системот за заштита на жртвите е сè уште недоволно развиен и потребни се дополнителни мерки за обезбедување правна, психолошка, социјална и финансиска поддршка.

Дополнително, постои простор за унапредување на кривичното законодавство. Кривичниот законик содржи широка и отворена листа на заштитени карактеристики во случајот со делата на говор на омраза, што, иако има за цел да обезбеди обемна заштита, може да доведе до разводнување на ефективноста на гонењето на говорот на омраза. Оваа експанзивност може да создаде правни нејаснотии и тешкотии во толкувањето на законот, што резултира со неконзистентни пресуди. Ваквата поставеност може да го преоптовари правосудниот систем и да ја отежни доказната постапка,

особено во утврдувањето на пристрасната мотивација што е клучен елемент според критериумите на ЕСЧП. Во врска со кривичните дела од омраза, во член 130 [Телесна повреда] ставови 2 и 3 постои двојна инкриминација со нееднаква предвидена санкција. Дополнително, во член 144 [Загрозување на сигурноста] формата на дело на омраза од став 3 се казнува полесно (од три месеци до три години казна затвор) отколку формата на говор на омраза од став 5 (од една до пет години казна затвор).

Меѓународните стандарди и обврски, како и препораките од Обединетите нации, ОБСЕ, Советот на Европа и Европската Унија ја истакнуваат потребата од сеопфатен пристап кон справување со делата од омраза и говорот на омраза, вклучувајќи превенција, гонење и поддршка на жртвите. Република Северна Македонија има направено значајни чекори во усогласување на своето законодавство со овие стандарди, но спроведувањето останува предизвик што бара континуирани напори и подобрувања.

# 10. Препораки

## 10.1. Препораки по однос на криминалот од омраза

- **Разграничување на криминалот од омраза од други форми на насилство:**
  - Органите на прогонот и судовите јасно да ги разликуваат делата од омраза од други слични форми на криминал, како што е семејното насилство, и покрај тоа што постојат потенцијални врски меѓу нив.
- **Доследна примена на одредбите за пристрасната мотивација:**
  - Обвинителствата и судовите да ги применуваат соодветно одредбите за пристрасна мотивација и да обезбедат детални образложенија во обвиненијата и пресудите, наведувајќи како е утврдена врската со заштитените карактеристики.
  - Обвинителството да обезбеди доволно докази и аргументација за квалификаторните обележја на криминалот од омраза.
- **Статистики и централизирана база на податоци за криминал од омраза:**
  - Развивање и имплементација на национален систем за собирање и следење податоци за пријавени, истражени, гонети и судски предмети поврзани со криминалот од омраза.
  - Обезбедување редовно и стандардизирано известување од сите релевантни институции.
  - Вклучување конкретни статистики за делата од омраза во електронската база на податоци „Макстат" на Државниот завод за статистика.
  - МВР, јавните обвинителства и судовите да водат детални евиденции и да ги споделуваат своите статистики.
- **Јакнење на капацитетите на органите на прогонот и судовите:**
  - Организирање специјализирани и континуирани обуки за судии, јавни обвинители и полициски службеници за препознавање, истражување и гонење криминал од омраза.

  - Обуката треба да биде од мултидисциплинарна природа со правни, психолошки и социолошки аспекти.
  - Развој на упатства и протоколи за доследна примена на законските одредби.
- **Зголемување на транспарентноста и достапноста на правосудните одлуки:**
  - Обезбедување јавен пристап до обвиненијата и судските пресуди, соодветно заштитени за приватноста на вклучените страни.
  - Промовирање и објавување значајни одлуки за развојот на судската практика во областа на делата од омраза.
- **Пропорционални и ефективни казни:**
  - Изречените казни соодветно да ја рефлектираат сериозноста на делата за да имаат одвраќачки ефект.
  - Разгледување на примената на алтернативни мерки кога тие обезбедуваат ефективна заштита на општеството и жртвите и ресоцијализација на сторителите.
- **Поддршка за жртвите:**
  - Специјализирани услуги за поддршка на жртвите, вклучувајќи правна, социјална, психолошка и финансиска помош.
- **Превентивни мерки:**
  - Развој на системи за рано предупредување за да се следат зголемените тензии во одредени региони, заедници или онлајн платформи, овозможувајќи им на властите да интервенираат пред ескалација на делата од омраза.
  - Имплементација на иницијативи за вклучување на заедницата, каде што органите за спроведување на законот и лидерите на заедниците ќе работат заедно за да поттикнат дијалог, да адресираат поплаки и да ги намалат предрасудите што може да водат до дела од омраза.
  - Формализирање на улогата на граѓанските организации во следењето и пријавувањето на делата од омраза, бидејќи тие често имаат подобар дофат во заедниците и можат да обезбедат важни податоци и увиди за властите.
  - Охрабрување на јавно-приватни партнерства за вклучување на поширококата заедница во превенцијата на криминалот од омраза, вклучувајќи соработка со образовни институции, верски организации и деловни субјекти.
- **Технологијата и интернетот како сојузници:**
  - Искористување на социјалните медиуми и отворените извори за следење и истражување потенцијални дела од омраза.
  - Обезбедување на обука и ресурси за користење дигитални алатки во истрагите.

## 10.2. Препораки по однос на криминализираниот говор на омраза

- **Усвојување централизирана база на податоци за говор на омраза:**
  - Специфично регистрирање и следење случаи на говор на омраза, прилагодено во CMS, АКМИС и други бази на податоци.

- **Подобрување на квалитетот на судските одлуки:**
  - Судовите да носат детални и образложени пресуди, јасно наведувајќи ги заштитените карактеристики и правната основа за одлуката.
  - Обезбедување транспарентност и правна сигурност преку детални образложенија.
- **Обезбедување темелни докази:**
  - Обвинителството да ги поткрепува обвиненијата со соодветни вештачења, особено во случаи со дигитални докази.
  - Воведување стандарди за прибирање и зачувување дигитални докази.
- **Разјаснување на концептите:**
  - Обуки за судии и обвинители за разликата меѓу говор на омраза и криминал од омраза и балансирање со слободата на изразување.
  - Развој на практични водичи и упатства.
- **Ревизија на законодавството:**
  - Намалување на прекумерното наведување на заштитени карактеристики во кривичните одредби.
  - Усогласување на кривичните дела на говор на омраза за поголема кохерентност и ефективност.
- **Пропорционални и одвраќачки казни:**
  - Обезбедување казни што соодветно ја рефлектираат сериозноста на делата и имаат одвраќачки ефект.
  - Разгледување на зголемување на санкциите за сторители повторници или особено тешки форми на говор на омраза.
- **Јакнење на капацитетите за онлајн следење:**
  - Користење софистицирани алатки и вештачка интелигенција за мониторинг на дигиталниот простор.
  - Обезбедување обука што ќе вклучува технолошки аспекти за следење и анализа на онлајн содржини.
  - Вклучување програми за дигитална писменост за полицијата и за пошироката јавност, за да помогнат во идентификување, пријавување и намалување на говорот на омраза онлајн.
- **Поддршка за жртвите:**
  - Обезбедување механизми за олеснето пријавување на говорот на омраза.
  - Специјализирани услуги за поддршка на жртвите, вклучувајќи бесплатна правна и психолошка помош.
- **Соработка со интернет-провајдери и платформи:**
  - Соработка за брзо отстранување нелегална содржина.
  - Развој на протоколи во согласност со законските одредби и меѓународните стандарди.

# Библиографија и извори


1. **Арнаудова, А.,** „Ефективни закони и квалификувани професионалци како одговор на говорот од омраза" (2015). Во „16 Ноември, Меѓународен ден на толеранцијата: избрани текстови". МАНУ-ОБСЕ, Скопје, стр. 81.
2. **Брошура „Сектор за пробација"** (2019). Министерство за правда, Скопје.
3. **Брошура „Сајбернасилство... и тоа е насилство!"** (2011). Метаморфозис, Скопје.
4. **Годишни извештаи за криминал од омраза.** Достапно на: https://zlostorstvaodomraza.com
5. **Директива 2012/29/ЕУ за воспоставување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал** (2012). Европска унија. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32012L0029 (на англиски јазик)
6. **Дрпљанин, В., Менкиоски, И.**, „Анализа на законската рамка во однос на правата на ЛГБТ-заедницата"(2017). Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Скопје.
7. **Европска конвенција за човекови права** (1950). Совет на Европа. Достапно на: https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_eng (на англиски јазик)
8. **ECRI Општа препорака бр. 7 (Ревидирана) за национално законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација** (2017). Совет на Европа. Достапно на: https://rm.coe.int/ecri-general-policy-recommendation-no-7-revised-on-national-legislatio/16808b5aae (на англиски јазик)
9. **Закон за кривичната постапка**, член 275. „Службен весник на РСМ" бр. 150/2010. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/BDBF29F810D5E9468FC65FA542B857B3.pdf
10. **Закон за паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство**, „Службен весник на РСМ" бр. 138/2022.
11. **Закон за пробација**, „Службен весник на РМ" бр. 226/2015.
12. **Закон за спречување и заштита од дискриминација**, „Службен весник на Р. Македонија" бр. 62/2015.
13. **Закон за спречување и заштита од дискриминација**, „Службен весник на РСМ" бр. 190/2021.
14. **Инфографик за криминалот од омраза (февруари 2013 - октомври 2020)**. Достапно на: https://mhc.org.mk/reports/podatoczi-za-kriminalot-od-omraza-fevruari-2013-oktomvri-2020/
15. **Игански, П.**, „Истражување за виктимизацијата поради криминал од омраза: Извештај" (2019). ОБСЕ, Скопје. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/6/5/424199.pdf
16. **Игански, П.**, „Истражување за виктимизацијата поради криминал од омраза: Извештај" (2023). ОБСЕ, Скопје. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/9/b/560274.pdf
17. **Казнен закон на Република Хрватска**, член 139. Достапно на: https://www.zakon.hr/z/98/Kazneni-zakon (на хрватски јазик)
18. **К. 12/21 ОС Берово**
19. **К. 33/22 ОС Берово**
20. **К. 40/22 ОС Берово**
21. **К. 41/22 ОС Берово**
22. **К. бр. 65/23 ОС Берово**
23. **К. 84/19 ОС Битола**
24. **К. 398/21 ОС Битола**
25. **К. бр. 203/21 ОС Битола**
26. **К. 185/23 ОС Велес**
27. **К. 300/23 ОС Велес**
28. **К. 319/22 ОС Велес**
29. **К. 447/21 ОС Велес**

30. **К. 50/21 ОС Виница**
31. **К. 102/22 ОС Виница**
32. **К. 59/23 ОС Гевгелија**
33. **К. бр. 5/24 ОС Гевгелија**
34. **К. бр. 40/23 ОС Гевгелија**
35. **К. бр. 54/23 ОС Гевгелија**
36. **К. бр. 290/22 ОС Гостивар**
37. **К. бр. 390/21 ОС Гостивар**
38. **К. бр. 496/22 ОС Гостивар**
39. **К. 19/21 ОС Делчево**
40. **К. 67/19 ОС Делчево**
41. **К. 183/22 ОС Кичево**
42. **К. бр. 115/24 ОС Кичево**
43. **К. бр. 119/24 ОС Кичево**
44. **К. бр. 184/23 ОС Кичево**
45. **К. 57/24 ОС Кочани**
46. **К. бр. 38/23 ОС Кочани**
47. **К. бр. 14/19 ОС Крушево**
48. **К. бр. 176/20 ОС Куманово**
49. **К. бр. 775/18 ОС Куманово**
50. **К. 131/23 ОС Охрид**
51. **К. 95/21 ОС Прилеп**
52. **К. бр. 149/22 ОС Радовиш**
53. **К. бр. 150/22 ОС Радовиш**
54. **К. бр. 160/22 ОС Радовиш**
55. **К. бр. 185/21 ОС Радовиш**
56. **К. бр. 896/19 ОС Скопје**
57. **К. бр. 1555/19 ОС Скопје**
58. **К. бр. 2031/19 ОС Скопје**
59. **К. бр. 462/22 ОС Скопје**
60. **КПП. бр. 72/20 ОС Скопје**
61. **К.бр.154/21 ОС Струга**
62. **К. бр. 42/23 ОС Струмица**
63. **К. бр. 60/23 ОС Струмица**
64. **К. бр. 86/23 ОС Струмица**
65. **К. бр. 87/23 ОС Струмица**
66. **К.бр.482/22 ОС Струмица**
67. **К. бр. 196/21 ОС Штип**
68. **К. бр. 253/19 ОС Штип**
69. **К. бр. 270/19 ОС Штип**
70. **К. бр. 305/22 ОС Штип**
71. **К. бр. 379/22 ОС Штип**
72. **К. бр. 427/22 ОС Штип**
73. **Кж. 59/22 АС Битола**

74. **Кж. 384/22 АС Битола**
75. **Кж. бр.108/23 АС Гостивар**
76. **Кж. 378/22 АС Скопје**
77. **Кж. 519/19 АС Скопје**
78. **Кж. бр.30/23 АС Штип**
79. **Кж. бр.56/21 АС Штип**
80. **Кж. бр.186/23 АС Штип**
81. **Кривичен законик на Република Северна Македонија**, „Службен весник на РМ" бр. 120/2010.
82. **Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените** (1979). Обединети нации. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/cedaw.pdf (на англиски јазик)
83. **Маркоски, А.**, „Анализа за утврдување на институционалниот јаз во однос на регистрирањето и обработката на говорот на омраза во Република Северна Македонија" (2023). Хелсиншки комитет за човекови права, Скопје. Достапно на: https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2023/10/analiza_institucionalenjaz_web_disklejmer.pdf
84. **Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација** (1965). Обединети нации. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/cerd.pdf (на англиски јазик)
85. **Меѓународен пакт за граѓански и политички права** (1966). Обединети нации. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/ccpr.pdf (на англиски јазик)
86. **„Обвинителски печат" бр. 2/2024**. Достапно на: https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2024/05/obvinitelski-pechat-br.2.pdf
87. **ОБСЕ Одлука бр. 9/09 за борба против кривичните дела од омраза** (2009). Атина: ОБСЕ. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/d/9/40695.pdf (на англиски јазик)
88. **ОБСЕ Одлука бр. 12/04 за борба против анти-семитизмот** (2004). Софија: ОБСЕ. Достапно на https://www.osce.org/files/f/documents/3/7/23133.pdf (на англиски јазик)
89. **ОБСЕ Министерски совет Одлука бр. 4/13 за имплементација на акциски план за подобрување на ситуацијата на Ромите и Синтите** (2013). Киев: ОБСЕ. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/1/109340.pdf (на англиски јазик)
90. **ОБСЕ Публикации**. Достапно на: https://www.osce.org/resources/publications (на англиски јазик)
91. **ОБСЕ, „Разбирање на криминалот од омраза"** (2015). Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/a/3/104168.pdf (на англиски јазик)
92. **ОБСЕ, „Постапување по криминал од омраза: Практичен водич"** (2015). Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/3/0/337141.pdf (на англиски јазик)
93. **ОБСЕ, „Закони за криминал од омраза - Практичен водич"** (2009). Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/2/e/313271.pdf (на англиски јазик)
94. **ОБСЕ/ОДИХР, Извештај за Северна Македонија** (2021). Достапно на: https://hatecrime.osce.org/reporting/north-macedonia/2021 (на англиски јазик)
95. **ОБСЕ/ОДИХР**, „Механизми за собирање и следење податоци за криминал од омраза: Практичен водич" (2014). Варшава.
96. **ОБСЕ/ОДИХР**, „Прирачник за обука" (година ненаведена). Достапно на: https://www.osce.org/files/ODIHR_Toolkit_Brochure_for_WEB_use_only.pdf (на англиски јазик)
97. **Правилник за внатрешно работење на јавните обвинителства** („Службен весник на РСМ" бр.190/2021). Достапно на: http://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=57258
98. **Препорака бр. R (97) 20 на Комитетот на министри до земјите членки за „Говор на омраза"** (1997). Совет на Европа. Достапно на: https://rm.coe.int/168007cdac (на англиски јазик)
99. **Препорака CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри за мерки за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет** (2010). Совет на Европа. Достапно на: https://rm.coe.int/1680081561 (на англиски јазик)

100. **Препорака CM/Rec(2023)1 на Комитетот на министри за борба против говорот на омраза** (2023). Совет на Европа. Достапно на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680a67955 (на англиски јазик)
101. **Препорака CM/Rec(2024)4 на Комитетот на министри за борба против криминалот од омраза** (2024). Совет на Европа. Достапно на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680af9736 (на англиски јазик)
102. **Програма за работа на Владата за 2023 година**. „Службен весник на РСМ" бр. 122/2023. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/daa31801855a4e3fbb91c2f60222762d.pdf
103. **Протокол за соработка меѓу Јавното обвинителство на РСМ и Министерството за внатрешни работи на РСМ** (2023). Достапно на: https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2023/04/protokol-za-sorabotka-%D1%98orsm-mvr_1.pdf
104. **Рабатски план за акција** (2012). Обединети нации. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Rabat_draft_outcome.pdf (на англиски јазик)
105. **Рамковна одлука на Советот 2008/913/ПНП за борба против определени форми и изрази на расизам и ксенофобија преку кривично право** (2008). Европска унија. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32008F0913 (на англиски јазик)
106. **Регулатива (ЕУ) 2022/2065 на Европскиот парламент и на Советот за единствен пазар за дигитални услуги (Акт за дигитални услуги)** (2022). Европска унија. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32022R2065 (на англиски јазик)
107. **Ристова, О., Балтовска, Е.**, „Прирачник за соработка на државните институции, јавни претпријатија и невладини организации со пробациска служба" (2021). Зелена лупа, Скопје.
108. **Секретаријат за европски прашања на РСМ**, Достапно на: https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657 (25.5.2023)
109. **„Службен лист на ФНРЈ" бр. 13/1951**. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/D197D76C64C443FB9C5F1CD1C0DAE760.pdf
110. **„Службен весник на РСМ" бр. 111/2009**. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/2A2D5314C418A34EA5D597CC923695D2.pdf
111. **„Службен весник на РСМ" бр. 27/2014**. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/6ed04b3db86643b297d84aa94513d055.pdf
112. **„Службен весник на РСМ" бр. 248/2018**. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b089570baccc436a9b39c585dca78b3f.pdf
113. **„Службен весник на РСМ" бр. 49/2017**. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/b53767c9b9bd4fc28156ca5da7b2ae55.pdf
114. **„Службен весник на РСМ" бр. 247/2022**. Достапно на: https://www.slvesnik.com.mk/Issues/d0f88bf42e134b978d599eadcfafac20.pdf
115. **Совет за етика во медиумите на Македонија - Жалби**. Достапно на: https://complaints.semm.mk
116. **Стратегија на ЕУ за правата на жртвите (2020-2025)** (2020). Европска комисија. Достапно на: https://commission.europa.eu/document/download/551c44da-baae-4692-9e7d-52d20c04e0e2_en (на англиски јазик)
117. **Стоилковски, М., Цветановски, Ј.**, „Обезбедување докази во електронска форма од меѓународни и домашни интернет сервис провајдери - Краток водич за обвинители". Здружение на јавни обвинители на РСМ и ОБСЕ - мисија во Скопје.
118. **Хелсиншки комитет за човекови права - Говор на омраза**. Достапно на: http://govornaomraza.mk
119. **Sürek v. Turkey (No. 1)**, Application No. 26682/95, Judgment of 8 July 1999. Европски суд за човекови права.
120. **Erbakan v. Turkey**, Application No. 59405/00, Judgment of 6 July 2006. Европски суд за човекови права.
121. **Le Pen v. France**, Application No. 18788/09, Decision of 20 April 2010. Европски суд за човекови права.

122. **Norwood v. The United Kingdom**, Application No. 23131/03, Decision of 16 November 2004. Европски суд за човекови права.
123. **Gündüz v. Turkey**, Application No. 35071/97, Judgment of 4 December 2003. Европски суд за човекови права.
124. **Handyside v. The United Kingdom**, Application No. 5493/72, Judgment of 7 December 1976. Европски суд за човекови права.
125. **Perinçek v. Switzerland**, Application No. 27510/08, Judgment of 15 October 2015. Европски суд за човекови права.
126. **Nachova and Others v. Bulgaria**, Application Nos. 43577/98 and 43579/98, Judgment of 6 July 2005. Европски суд за човекови права.
127. **Šečić v. Croatia**, Application No. 40116/02, Judgment of 31 May 2007. Европски суд за човекови права.
128. **Angelova and Iliev v. Bulgaria**, Application No. 55523/00, Judgment of 26 July 2007. Европски суд за човекови права.
129. **Balázs v. Hungary**, Application No. 15529/12, Judgment of 20 October 2015. Европски суд за човекови права.
130. **R.B. v. Hungary**, Application No. 64602/12, Judgment of 12 April 2016. Европски суд за човекови права.
131. **E.S. v. Slovakia**, Application No. 8227/04, Judgment of 15 September 2009. Европски суд за човекови права.
132. **Opuz v. Turkey**, Application No. 33401/02, Judgment of 9 June 2009. Европски суд за човекови права.
133. **Poljak, M., Hadžić, J., Martinić, M.**, „Govor mržnje u hrvatskom medijskom prostoru" (2020). In Medias Res, Загреб. Достапно на: http://www.centar-fm.org/inmediasres/index.php/marko-poljak-jelena-hadzic-i-masa-martinic-govor-mrznje-u-hrvatskom-medijskom-prostoru (на хрватски јазик)
134. **Ignjatović, Đ., Simeunović, P. B.**, „Viktimologija" (2011). Правен факултет во Белград, издание Crimen, Белград.
135. **Council of Europe Convention on the Prevention of Terrorism** (2005). Совет на Европа. Достапно на: https://rm.coe.int/168008371f (на англиски јазик)
136. **Reuters**, „UK study shows link between domestic violence, radicalisation risk" (2021). Достапно на: https://www.reuters.com/world/uk/uk-study-shows-link-between-domestic-violence-radicalisation-risk-2021-11-25/ (на англиски јазик)
137. **Civil Rights Act of 1957** (1957). Соединети Американски Држави. Достапно на: https://www.govinfo.gov/content/pkg/STATUTE-82/pdf/STATUTE-82-Pg73.pdf (на англиски јазик)
138. **Hate Crime Statistics Act** (1990). Соединети Американски Држави. Достапно на: https://ucr.fbi.gov/hate-crime/2017/resource-pages/hate-crime-statistics-act.pdf (на англиски јазик)
139. **German Criminal Code (Strafgesetzbuch, StGB)**. Достапно на: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_stgb/englisch_stgb.html (на англиски јазик)
140. **Public Order Act 1986** (1986). Обединето Кралство. Достапно на: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1986/64 (на англиски јазик)

# Кратенки

| | |
|---|---|
| ACMIS | Судски систем за управување со предмети |
| АПО | Канцеларија за поврат на имот |
| АС | Апелационен суд |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ |
| БЈБ | Биро за јавна безбедност |
| ВЈО | Вишо јавно обвинителство |
| ECHR | Европска конвенција за човекови права |
| ЕКРА | Единици за криминалистичко разузнавање и анализа |
| ЕКРИ | Европска комисија против расизам и нетолеранција |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска Унија |
| З. а. | Забелешка на авторите |
| З. ан. з. | Наша забелешка |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ICCPR | Меѓународен пакт за граѓански и политички права |
| ICERD | Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација |
| ЈО | Јавен обвинител |
| ЈОРСМ | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| КЗ | Кривичен законик |
| КО | Кривична одговорност |
| ЛГБТИ+ | Лезбијки, геј, бисексуалци, транссексуалци, интерсексуалци и други индивидуи чија сексуална ориентација е хетеросексуална и чиј родов идентитет е утврден при нивното раѓање |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МП | Министерство за правда |
| НВО | Невладина организација, здружение на граѓани |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОДИХР | Канцеларија за демократски институции и човекови права на ОБСЕ |
| OHCHR | Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈО ГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција |
| ОКРА | Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа |
| ОТА | Оперативно-техничка агенција |
| PAHCT | Програма на ОДИХР „Обука за обвинители за криминал од омраза“ |
| ПИМ | Посебни истражни мерки |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СВР | Сектор за внатрешни работи |
| СЕ | Совет на Европа |
| СЕММ | Совет за етика во медиумите |
| СКРА | Сектор за криминалистичко разузнавање и аналитика |
| TAHCLE | Програма на ОДИХР за обука против криминалот од омраза за спроведување на законот |
| CEDAW | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| ЦР на РСМ | Централен регистар на Република Северна Македонија |

# Извршно резиме

Оваа анализа ја оценува ефикасноста на законодавството за кривичните дела од омраза и криминализираниот говор на омраза во Република Северна Македонија за периодот 2019-2024 година. Фокусот е на спроведувањето на законите од страна на истражните органи и судовите, идентификување на празнините и давање препораки за подобрување. Анализата интегрира квантитативни податоци за случаи и судски исходи, како и квалитативна анализа на националното и меѓународното право, со цел да се оцени практичната примена на законодавството. Квантитативните податоци беа обезбедени од Министерството за внатрешни работи, јавните обвинителства, судовите и Судскиот совет и се однесуваат на пријавени случаи, истраги и судски исходи. Квалитативните податоци произлегуваат од анализа на статистика, судски одлуки, релевантни закони и меѓународни стандарди, како и интервјуа со правни практичари. **Анализирани се податоци од над 50 институции, вклучувајќи 78 обвиненија и судски пресуди, од кои 64 се идентификувани како дела од омраза.** Овој пристап базиран на докази е насочен кон информирање на креаторите на политики и подобрување на превенцијата и санкционирањето на делата од омраза, преку јакнење на правната рамка и заштита на жртвите.

Во мултикултурното општество на Северна Македонија, говорот на омраза и криминалот од омраза претставуваат сериозни предизвици, особено во контексти на политички и етнички тензии. Во периодот 2014–2024 година, локалните невладини организации регистрирале 2,685 инциденти на говор на омраза во кои најчестите мотиви се етничката припадност, сексуалната ориентација, политичкото уверување, националната припадност, полот или родот, расата или бојата на кожа и религијата и религиското уверување. Говорот на омраза доминира на социјалните мрежи и во медиумите, со често незадоволително гонење и ниска јавна свест. Во однос на криминалот од омраза, локалните невладини организации регистрирале вкупно 933 инциденти во периодот 2013–2023 година, во кои најчести мотиви се етничката припадност, политичкото уверување и статусот на бегалец или мигрант. Најчестите кривични дела вклучуваат насилство, телесни повреди и оштетување на имот. Главниот град Скопје е епицентар на инциденти, што ја рефлектира концентрацијата на етнички и политички тензии. Истражувањата на ОБСЕ од 2018 и 2023 година покажуваат значајно емоционално и психолошко влијание врз жртвите, со ниска стапка на пријавување – шест од десет инциденти остануваат непријавени. Жртвите на криминал од омраза често се млади лица, а пристрасниот мотив често се губи во кривичното процесирање од полицијата до судовите.

Националното законодавство на Северна Македонија ја адресира темата на говорот на омраза и криминалот од омраза преку повеќе одредби во Кривичниот законик. Говорот на омраза се третира како кривично дело во случаи на поттикнување на омраза, дискриминација, геноцид или ширење на расистички и ксенофобични материјали. Иако законите се генерално усогласени со меѓународните стандарди, има простор за подобрување, особено во заштитата од сексистички и ЛГБТИ-фобичен говор во офлајн контексти. Криминалот од омраза е дефиниран како кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сто-

рено во целост или делумно поради реална или претпоставена карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување. Измените на Кривичниот законик од 2018 година воведоа 17 нови одредби за построги казни за дела мотивирани од омраза, прилагодувајќи го законодавството на современите меѓународни стандарди.

Институционалните мерки вклучуваат воведување на алатки за евиденција и пријавување на дела од омраза кај Министерството за внатрешни работи и ажурирање на системите за управување со предмети во обвинителствата и судовите. И покрај овие напори, ефективноста на овие мерки останува ограничена, главно поради недостаток на ефикасно спроведување и недоволна јавна свест. Програмите за поддршка на жртвите се во зародиш, а потребни се дополнителни ресурси и транспарентност за нивна ефективна примена. Овие мерки ја нагласуваат посветеноста на државата за подобрување на заштитата на жртвите и превенцијата на дела од омраза, но нивната реализација во практика останува предизвик.

Анализата на податоците од 31 суд, вклучително основни и апелациони судови, како и Судскиот совет, обезбеди значаен увид во судската практика за говор на омраза и криминал од омраза. **Говорот на омраза доминира како категорија со 55 предмети, во споредба со 9 предмети за криминал од омраза.** Најчестите дела се поврзани со ширење на расистички и ксенофобичен материјал преку интернет, што укажува на растечкото влијание на онлајн платформите. Политичките уверувања и етничката припадност се главни мотиви, додека сексуалната ориентација и полот се поретки, но значајни. Судовите се потпираат главно на казнени налози (30 предмети), додека судењата (20 предмети) се применуваат за покомплексни случаи. Условните осуди доминираат како казна (46 случаи), а само 4 предмети завршиле со затворски казни, сите за криминал од омраза, но анализата утврди дека 2 од нив не го задоволуваат законскиот критериум да бидат подведени под овој контекст. Праксата покажува тенденција кон поблаги санкции, што може да го намали одвраќачкиот ефект на казните. Ова ја истакнува потребата од посилен фокус на превенција и поголема строгост во казнената политика за дела мотивирани од омраза.

Анализата на судските одлуки поврзани со говорот на омраза покажа дека судовите најчесто применуваат условни казни, без затворски санкции. Притоа, недостатокот на затворски казни покренува прашања за пропорционалноста на казните и нивниот одвраќачки ефект, особено за дела со потенцијално сериозни последици. Судовите, во повеќето случаи, даваат куси и нејасни образложенија, што создава несигурност за тоа како се третираат заштитените карактеристики. Често се користат казнени налози, каде обвинетиот не е активен учесник, а доказите, најчесто дигитални, ретко се поткрепени со стручни вештачења. Ова отвара прашања за темелноста на доказите и правичноста на судските постапки. Во дел од судските одлуки, поимите „криминал од омраза" и „говор на омраза" не се јасно разграничени, што создава правна конфузија. Исто така, распределбата на пресудите покажува дека најчесто се санкционираат дела мотивирани од политичко уверување, етничка и национална припадност, додека малку или воопшто нема пресуди поврзани со раса, боја на кожа и попреченост.

**Анализата на судските одлуки за криминал од омраза покажа дека доминираат случаи поврзани со етничка припадност, пол, сексуална ориентација и национална припадност.** Примерите покажуваат дека етничката омраза често води до насилство. Кај криминалот од омраза врз основа на пол, делата се оценети како криминал од омраза, но всушност се работи за семејно и родово базирано насилство, при што е утврдено дека судовите не секогаш точно ги применуваат домашното право и меѓународните стандарди. Нападите врз ЛГБТИ+ заедницата исто така се санкционираат, но казните ретко имаат силен одвраќачки ефект. Најголемите предизвици произлегуваат од недоволното утврдување на заштитените карактеристики и слабостите во истражните постапки. Во некои случаи, ослободителни пресуди се резултат на недостаток на докази за пристрасна мотивација, што укажува на потребата за подобрување на истрагите и јасност во квалификацијата на делата. Судовите не секогаш обезбедуваат јасни образложенија, пропорционални казни и доследна примена на законите за криминал од омраза при што не се постигнува правична заштита на жртвите и превенција на идни инциденти.

Анализата укажува на значителен напредок, но истовремено и на голем број системски предизвици. Усвојувањето на амандманите на Кривичниот законик во 2018 година беше клучен чекор кон подобрување на правната рамка, особено преку дефиницијата за криминал од омраза и препознавањето на пристрасната мотивација како отежнувачка околност. Сепак, спроведувањето на овие законски измени не секогаш успева да ја рефлектира нивната суштинска цел – ефективна заштита на жртвите и превенција на криминалот од омраза. Една од најзначајните слабости се однесува на недостатокот на систематско евидентирање и обработка на податоци за ваквите дела. Ова ја отежнува анализата на трендовите и спречува формулирање на ефективни политики. Дополнително, постои недостаток на јасно разграничување меѓу различните форми на криминал, како што се говорот на омраза и криминалот од омраза, што често доведува до неправилна класификација и постапување.

Во праксата, процесирањето на овие дела се соочува со сериозни предизвици. Во дел од случаите, доказите се ограничуваат на копии од слики или коментари на социјалните мрежи, без дополнителни вештачења, што ја поткопува правичноста на процесот. Судските одлуки често не содржат доволно образложенија за заштитените карактеристики или пристрасната мотивација, што создава правна несигурност и ја отежнува доследната примена на законодавството. Преовладуваат условните казни, додека затворските се изрекуваат ретко, што го намалува одвраќачкиот ефект и поставува прашања за нивната соодветност. Во исто време, се забележува недоволна примена на алтернативни мерки како општокорисна работа, кои би можеле да придонесат за ресоцијализација на сторителите. Дополнително, жртвите често остануваат без соодветна правна, психолошка или социјална поддршка. Системот за заштита на жртвите е недоволно развиен, што дополнително ги зголемува предизвиците со кои се соочуваат ранливите групи.

На состојбите во судовите рефлексија се состојбите во јавните обвинителства каде исто така, постои слабоста што се однесува на: недостатокот на систематско евидентирање и обработка на податоци за ваквите дела. Имено, само дел од основните јавни обвинителства (13) доставија податоци според побараните кривични дела,

додека други, значаен број, (8) известија само за вкупниот број на регистрирани предмети, пришто едно јавно обвинителство извести дека се уште не е ни имплементиран во нивното практично работење „Системот за управување со предмети – Case management system" и кое нешто очигледно ги оневозможило во водењето на прецизна статистика за делата од омраза. Исто така, беа доставени и примероци од анонимизирани обвиненија (14), но од само две основни јавни обвинителства, па при анализата на истите, сходно како и кај судовите и тука се забележа дека постои недостаток на јасно разграничување меѓу различните форми на криминал, како што се говорот на омраза и криминалот од омраза, што често доведува до неправилна класификација и постапување.

Министерството за внатрешни работи игра важна улога во справувањето со криминалот од омраза. Анализата покажува дека тоа е главниот орган кој го регистрира и се бори против овој криминал.Иако анализата на работата на правосудните органи открива проблеми и во работата на полицијата, како што е погрешно квалификување на полесни дела од омраза, статистиките на МВР се појасни и попрецизни од оние на судовите и обвинителствата. Иако постојат недостатоци во поглед на препознавање на индикаторите во врска со криминалот од омраза, сепак ова укажува на тоа дека полицијата е повеќе свесна за феноменот на криминал од омраза. **Така, беше пласиран концизен податок дека во 2019 година биле регистрирани 51 кривично дело со 51 сторител, а во 2023 година биле регистрирани 41 кривично дело и 39 сторители.** И во двете споменати години најбројни биле делата на говор на омраза, па така **во 2019 година тие биле 49 кривични дела или 96% од севкупната бројка на криминал од омраза за таа година, а пак, во 2023 година тие биле 39 кривични дела (95%).**

Сепак и во МВР постојат технички несовршености во нивниот начин на евидентирање на делата од омраза кој е воопштен и бара натамошна доработка и софистицираност, а особено во поглед на правењето на дистинкција помеѓу делата од омраза и делата на говор на омраза. Имено МВР најпрвин немаат претстава за тоа кои кривични дела се од специјален вид на дела од омраза, па да би биле насочени само кон нив и да би испорачувале годишни извештаи, а потем, тие не ги регистрираат различните ставови од членовите под кои се нормирани кривичните дела во КЗ. Ова претставува реален проблем кој би можел да биде едноставно решен со техничко вметнување и на ставовите како засебни графи во електронските-табели во кои се водат евиденциите за сторени дела. Конкретните и прецизни правни квалификации секако би требало да бидат потврдени и од страна на јавните обвинителства во текот на кривичната постапка, па затоа се покажува како нужност во иднина да има активна комуникација помеѓу ЈО, од една страна и МВР, од друга страна. Дополнително, ќе треба да се уреди **Протоколот за соработка помеѓу МВР, ЈО и Финансиската полиција од 2014 година со што ќе се пропише обврска за итно усно известување од страна на извршните органи спрема ЈО во случај на сторено и откриено дело од омраза , а без оглед дали тоа дело е квалификувано како „тешко".**

Инаку прибирањето на податоците во МВР е грижа на одамна етаблираната единица во органограмот на МВР, ОКРА, па тоа претставува олеснителен фактор во каков и да е потфат за деликатни промени во нивниот софтвер и пракса на при-

бирање податоци бидејќи најважно е да се има во предвид дека криминалитетот е жива материја, па затоа ниту податоците, ниту начините на нивното прибавување не може да се статични. Потоа собраните податоци ќе треба да се достапни и на јавноста. Имено денес ниту Државниот завод за статистика добива вакви специфицирани податоци од МВР, ниту тоа (делата на говор на омраза како статистички параметар) го наведува МВР во годишните извештаи, ниту МВР се во состојба да му дадат на МНР таков податок по барање на меѓународни организации во кои членува Северна Македонија.

Справувањето со криминалот од омраза и говорот од омраза бара интегриран пристап кој комбинира јасно дефинирани правни рамки, соодветна примена на законите, јакнење на институционалните капацитети и развој на ефикасни превентивни мерки. Неопходно е да се направи разграничување помеѓу делата од омраза и други форми на насилство, како и доследно да се применува пристрасната мотивација во пресудите, со детални и транспарентни образложенија. Клучна е потребата за континуирана обука на судии, обвинители и полицајци за идентификување и процесирање на овие дела, со акцент на правните и социолошките аспекти. Истовремено, треба да се подобри евидентирањето преку централизирана база на податоци, која ќе овозможи следење на трендовите и анализирање на успешноста на правосудните мерки.

Од аспект на законите постои простор и за дополнително унапредување во КЗ, а по однос на делата од омраза. Постојат нјаснотии во поглед на различните дела на говор на омраза, па така не се гледа логичноста во одделните битија ако се споредат делото „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" од чл.394-г ст.1 од КЗ со делото - Загрозување на сигурноста член 144 ст.5 од КЗ бидејќи дел од дејствијата на првото просто претставуваат поттикнување согласно чл.23 од КЗ за второто дело. А притоа е предвидена иста казна и за двете кривични дела. Дополнително, по однос на член 144 [Загрозување на сигурноста] интригантно е дека формата на дело на омраза од став 3 се казнува полесно (од три месеци до три години казна затвор) отколку формата на говор на омраза- став 5 (од една до пет години казна затвор).

Кривичниот законик содржи широка и отворена листа на заштитени карактеристики во случајот со делата на говор на омраза што, иако има за цел да обезбеди обемна заштита, може да доведе до разводнување на ефективноста на гонењето на говорот на омраза. Оваа експанзивност може да создаде правни нејаснотии и тешкотии во толкувањето на законот, што резултира со неконзистентни пресуди. Ваквата поставеност може да го преоптовари правосудниот систем и да ја отежне доказната постапка, особено во утврдувањето на пристрасната мотивација која е клучен елемент според критериумите на ЕСЧП.

Казните мора да ја одразуваат сериозноста на делата. Поддршката за жртвите треба да вклучува правна, психолошка и социјална помош, како и механизми за олеснето пријавување. Во оваа материја беше направен значаен пробив со донесувањето и стапувањето во сила на Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство.

Превентивно, властите треба да имплементираат системи за рано предупредување, да соработуваат со заедниците и да ги користат дигиталните алатки за мониторинг

на онлајн содржини. Ревизијата на законодавството, особено во делот на говор на омраза, треба да ја зголеми јасноста и ефикасноста, со фокус на усогласување со меѓународните стандарди стремејќи се кон општество без омраза и дискриминација.